UNITED NATIONS
NORTH MACEDONIA

# 2023

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## *ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ*

МАРТ 2024



United Nations

UNITED NATIONS
NORTH MACEDONIA




## БЛАГОДАРНОСТ

Овој документ го изработи Канцеларијата на Постојаниот координатор на Обединетите нации (КПК) во Северна Македонија во име на Тимот на Обединетите нации во земјата. КПК изразува благодарност до сите засегнати страни за придонесот при изработката на овој документ.

Најновата верзија на овој документ е достапна на интернет-страницата на ОН Северна Македонија на northmacedonia.un.org.

За дополнителни информации, стапете во контакт со: **ОН КПК Северна Македонија** rc-northmacedonia@un.org

Насловна фотографија: Цртежот на победникот на натпревар во цртање за деца што се организираше во пресрет на Денот на ОН 2023 година во рамките на кампањата за човекови права. © ОН КПК

Користените ознаки и претставениот материјал во оваа публикација не претставуваат ставови на Секретаријатот на Обединетите нации во врска со правниот статус на некоја земја, територија, град или област, власт или ставови во врска со граничните линии или границите.

Финансиските податоци се провизорни и може да бидат различни во зависност од последните достапни финансиски извештаи на организациите.

# Содржина


**ПРЕДГОВОР** .......... 4

**ТИМОТ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2023 ГОДИНА** .......... 5

**КЛУЧНИ РАЗВОЈНИ ПАРТНЕРИ НА ОН** .......... 6

**КРАТОК ПРЕГЛЕД НА РЕГИОНАЛНИОТ И ЛОКАЛНИОТ КОНТЕКСТ** .......... 7

**ПОДДРШКАТА НА ОН КОН НАЦИОНАЛНИТЕ РАЗВОЈНИ ПРИОРИТЕТИ** .......... 8

**РЕЗУЛТАТИ ЗА 2023*** .......... 10

- РЕЗУЛТАТ 1: ИНКЛУЗИВНА БЛАГОСОСТОЈБА .......... 10
- РЕЗУЛТАТ 2: КВАЛИТЕТНИ УСЛУГИ ЗА СИТЕ .......... 13
- РЕЗУЛТАТ 3: ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА .......... 18
- РЕЗУЛТАТ 4: ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ .......... 22

**ФИНАНСИРАЊЕ И ПАРТНЕРСТВА ЗА ЦОР** .......... 25

**КОХЕРЕНТНОСТ, ЕФЕКТИВНОСТ И ЕФИКАСНОСТ НА ОН** .......... 26

**ЕВАЛУАЦИЈА И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ** .......... 28

**ФИНАНСИИ И МОБИЛИЗАЦИЈА НА СРЕДСТВА** .......... 29

**ОН ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2024 ГОДИНА** .......... 31

**АНЕКСИ** .......... 32


**Доколку сакате детален приказ на резултатите од секоја организација на ОН во 2023 година, погледнете го Додатокот на извештајот*

# Предговор

*„Заеднички ќе се посветиме на спроведување на одржлив развој преку меѓународна соработка и преку партнерства засновани на заемна доверба и корист за сите во духот на глобалната солидарност за заедничката иднина на сегашните и на идните генерации“*

***Политичка декларација на Самитот на ЦОР 2023 година***





Во текот на 2023 година, Обединетите нации (ОН) и Северна Македонија продолжија да ги зајакнуваат соработката и партнерството и покрај тешкотиите со кои се соочуваа поради тековната енергетска и ценовна криза што дополнително се влоши како последица на војната против Украина и имаше штетно влијание врз животниот стандард на луѓето.

Нашето партнерство постојано расте како резултат на неуморните заложби на земјата за одржлив развој и мултилатеризам. Тоа се забележува и благодарение на успешното претседавање со ОБСЕ под мотото „За луѓето се работи“ и од конкретните национални заложби за Агендата 2030 што беа елаборирани на Самитот на ЦОР 2023 година.

Во 2023 година земјата успешно го заврши скрининг-процесот на ЕУ, при што доби непроценливи совети и информации за претстојните реформи за воспоставување целосно функционално општество што се придржува до стандардите на ЕУ и до меѓународните стандарди. Со поддршка од ОН, повеќе од 5.000 граѓани, од кои 1.000 млади лица и повеќе од 200 национални експерти учествуваа во изработката на 20-годишната Национална развојна стратегија што ја утврдува визијата за одржлив развој на земјата и ги вклучува приоритетите за пристапување во ЕУ.

Рамката за соработка за одржлив развој (РСОР) 2021-2025 година, како клучен стратешки документ за работата на ОН во Северна Македонија, е тесно поврзана со овие приоритети. Поврзаноста се овозможува преку процес за планирање и оценување што вклучува национални и меѓународни партнери под стратешко водство на Заедничкиот управувачки комитет и со особено внимание на отвореноста и на транспарентноста.

Спроведувањето на Заедничките работни планови за 2023 година придонесе за многу важни достигнувања во земјата, вклучувајќи креирање квалитетни работни места, стекнување вештини, зајакнување на земјоделскиот и на руралниот развој, овозможување модерни социјални услуги со поголема вклученост на ранливите групи и подобро следење и управување со климатските промени, животната средина и природните ресурси.

Тоа исто така доведе до поголема соработка со меѓународните и со европските механизми за човекови права, како и до зајакнување на капацитетите на државните институции и на општините со цел родово-одговорно и консултативно креирање и спроведување на политики засновани на човековите права.

Во 2023 година, заедно со партнерите, ја одбележавме 75-годишнината од Универзалната декларација за човекови права. За време на широките консултации и дијалози помеѓу Владата, Собранието, националните институции за човекови права и граѓанското општество беа дискутирани клучните предизвици на тема човекови права и мерките што треба да се преземат. Како резултат на овој инклузивен процес и поуките од него, Владата и другите национални чинители дадоа нови цврсти ветувања за човековите права. Исто така, се вршеа подготовки за четвртиот Универзален периодичен преглед на земјата од страна на Советот за човекови права во 2024 година. Северна Македонија сега е на чекор до целосно искоренување на бездржавјанството.

Овој извештај содржи резиме од клучните резултати што ги постигнавме во текот на годината во соработка со националните партнери и благодарение на големата финансиска и политичка поддршка од нашите донатори од земјава и од светот. Исто така, во него се наведуваат заедничките заложби за ублажување на последиците од кризата, а особено за најранливите групи.

Во овие три години откако почна спроведувањето на РСОР, работевме во тешка и неповолна економска ситуација со последователни и меѓусебно поврзани кризи што влијаеја врз нашите заложби за развој. Меѓутоа, овој извештај, како и претходните, ќе покаже дека успеавме да научиме и да се приспособиме за да останеме релевантни и корисни почитувајќи ги вредностите и начелата на ОН, и нашата посветеност на принципот Никој да не биде изоставен.

Нашата цел е да создадеме пристоен свет за сите нас и за идните генерации.

**Росана Дуџак**

**Постојан координатор на ОН во Северна Македонија**

**Бујар Османи**

**Министер за надворешни работи во Северна Македонија**

# Тимот на ОН во Северна Македонија

UNITED NATIONS
NORTH MACEDONIA

**21**
**организација на ОН се вклучени во оперативните активности за развој во Северна Македонија**

Обединетите нации во Северна Македонија ги спроведуваат своите активности во согласност со националните развојни приоритети, обврските за човекови права и родова еднаквост, агендата за пристапување во ЕУ, како и Целите за одржлив развој (ЦОР) на Агендата 2030.

ОН работат на остварување на приоритетите наведени во Рамката за соработка за одржлив развој 2021-2025 година, која е изготвена заедно со Владата на Северна Македонија, преку обезбедување техничка помош, развој на капацитети, размена на знаења и иновативни пилот-програми.

Вкупно 21 организација на Обединетите нации спроведуваа оперативни активности за развој во Северна Македонија во 2023 година и работеа во координација со Тимот на Обединетите нации во земјата (УНКТ) и под водство на Постојаниот координатор на ОН (ПК), како назначен претставник на Генералниот секретар на ОН за развојни активности во земјата.

Од нив, 16 организации физички беа присутни во Северна Македонија, додека 5 ги спроведуваа своите активности од далечина.

Тимот на ОН во Северна Македонија во 2023 година се состоеше од повеќе од 283 вработени лица и помошен кадар во земјата, како и од експерти од целиот свет.

| | |
|---|---|
| ФАО | Организација на Обединетите нации за храна и земјоделство |
| МОТ | Меѓународна организација на трудот |
| *МТУ* | *Меѓународна телекомуникациска унија* * |
| *ММФ* | *Меѓународен монетарен фонд* |
| ИОМ | Меѓународна организација за миграција |
| ОХЦХР | Канцеларија на Високиот комесар на Обединетите нации за човекови права |
| УНДП | Програма за развој на Обединетите нации |
| УНДРР | Канцеларија на Обединетите нации за намалување на ризикот од катастрофи * |
| ОН-Хабитат | Програма на Обединетите нации за човечки населби* |
| УНЕЦЕ | Економска комисија на Обединетите нации за Европа * |
| УНЕП | Програма на Обединетите нации за животна средина |
| УНЕСКО | Организација на Обединетите нации за образование, наука и култура* |
| УНФПА | Фонд за население на Обединетите нации |
| УНХЦР | Висок комесар на Обединетите нации за бегалци |
| УНИЦЕФ | Фонд за деца на Обединетите нации |
| УНИДО | Организација на Обединетите нации за индустриски развој |
| УНОДЦ | Канцеларија на Обединетите нации за дрога и криминал |
| УНОПС | Канцеларија на Обединетите нации за проектни услуги |
| *УНВ* | *Волонтери на Обединетите нации* * |
| *ОН КПК* | *Канцеларија на Постојаниот координатор на Обединетите нации* |
| UN Women | Организација на Обединетите нации за родова еднаквост и зајакнување на жените |
| *СБ* | *Групација на Светска банка* |
| СЗО | Светска здравствена организација |

* нема физичко присуство    *не е потписник на РСОР*

# Клучни партнери за развој на ОН

За време на 2023 година, ОН тесно соработуваа со повеќе од 260 партнери – локални и владини институции, граѓанското општество, меѓународни партнери, приватниот сектор, академската заедница и со другите чинители – со цел нивните активности да бидат значајни и ефективни за луѓето во Северна Македонија. Анексот содржи детален преглед на чинителите со кои ОН соработуваа во 2023 година.

**Партнери што дадоа дарежлива финансиска поддршка за активностите на ОН во Северна Македонија во 2023 година***

*Врз основа на ефективните расходи во 2023 година, заклучно со 9 март 2024 година, за периодот 1 јануари - 31 декември 2023 година, во милиони американски долари*




* Јавни придонеси од здружените, вертикалните и тематските фондови за поддршка на активностите на ОН во Северна Македонија во 2021 година, наведени по азбучен ред.

# Краток преглед на регионалниот и на локалниот контекст

Политичката поларизација околу законодавството, намалената доверба во институциите и долготрајната економска криза што имаше големо влијание врз животниот стандард, се клучните карактеристики што ја одбележаа изминатата година.

Иако скринингот од ЕУ на сите кластери заврши на почетокот на декември, почетокот на пристапните преговори ќе зависи од исполнувањето на условите во Преговарачката рамка, односно потребните уставни измени. Тоа доведе до продлабочување на политичките и на социјалните поделби и дополнително намалување на поддршката за пристапување во ЕУ.

Квалитетот на законодавниот процес беше под влијание на прекумерното користење на скратената постапка во Собранието, понекогаш употребени за да се отстранат честите блокади од опозицијата. Меѓутоа, во одредени случаи, како на пример, при измените на Кривичниот законик, скратената постпака беше сметана како крајно контроверзна. Довербата на граѓаните во управувачките структури и во владеењето на правото, продолжи да се намалува поради сеприсутната корупција и недоволната отчетност.

Изготвувањето на родово-одговорна Национална развојна стратегија базирана на консензус претставува важно достигнување што ќе овозможи долгорочна визионерска рамка, која ги обединува приоритетите за пристапување во ЕУ и ЦОР. Овој широко инклузивен процес претставува редок пример за повеќепартиско вклучување и ангажман.

Претседавањето на Северна Македонија со ОБСЕ подразбираше вклученост во мултилатерални и регионални иницијативи за повторно воспоставување дијалог и безбедност во регионот на ОБСЕ. Земјата ги задржа позитивните односи со други земји чија цел е да се приклучат кон ЕУ и учествуваше во други иницијативи, како што е Преспа-форумот за дијалог, иницијативата Отворен Балкан, процесот Брдо-Бриони и Берлинскиот процес.

Соработката со меѓународните и европските механизми за човекови права се зајакна, вклучувајќи ја и соработката со Специјалниот известувач за унапредување и заштита на човековите права при борба против тероризмот . Широките консултации со Владата, Собранието, националните институции за човекови права (НИЧП) и со граѓанските организации (ГО) во пресрет на четвртиот Универзален периодичен преглед од страна на Советот за човекови права на ОН претставуваа позитивен исчекор. Телата за следење при Советот на Европа ГРЕВИО и ГРЕТА, објавија извештаи за евалуација за родово-базираното насилство и трговијата со луѓе, по наведениот редослед. Вклучувањето на препораките на телата за човекови права во политиките и понатаму останува предизвик. Меѓутоа, од позитивно становиште, Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство беше операционализиран заедно со потребните подзаконски акти во 2023 година.

Економското закрепнување одеше тешко поради растот на цените на струјата и на храната, како последица на војната во Украина, и несразмерно ги погодија посиромашните домаќинства. Растот во 2023 година беше забавен. Меѓународните финаниски институции (МФИ) предвидуваат дека растот ќе биде некаде помеѓу 1,8 % и 2,3 %. Според проценките, растот во 2024 година ќе биде малку поголем доколку се зголемат капитални инвестиции.

И покрај мерките на Владата, растот на цените претставува сериозен проблем за македонската економија и за животниот стандард. Монетарната политика продолжи да се затегнуваПотребна е поамбициозна фискална консолидација и добро промислени фискални политики, кои се неизвесно во контекст на претстојните избори. Се спроведоа големи реформи во областа на буџетската и даночната политика. Меѓутоа, работничките права донекаде се влошија поради неодамнешните законски измени.

И покрај подобрените статистики на пазарот на трудот, според најновата демографска анализа, ерозијата на човечкиот капитал останува еден од клучните предизвици. Освен редовните зголемувања на пензиите, Гаранцијата за млади и новиот пакет од 26 антикризни мерки во вредност од 662 милиони евра што почна да се спроведува на крајот од 2023 година, немаше некакви големи измени во социјалната заштита во текот на годината. Здравствениот систем сè уште се соочува со недостиг на ресурси и медицински кадар, а довербата на граѓаните во јавното здравство сериозно се наруши по одредени наводи кои беа испитувани од Јавното обвинителство и резултираа со протести. Позитивно беше подобрувањето на пристапот до гинеколошки услуги во места со недоволен опфат благодарение на тројно зголемениот буџет во 2023 година, а имаше и благо зголемување на националните стапки (од 2022 година) на редовна вакцинација на децата (иако стапките се под потребното за колективен имунитет). Беше постигнат одреден напредок во образованието, особено во вклучувањето на децата со попреченост, кои сега учат во редовните основни училишта, како и во зголемувањето на платите и капацитетите на образовниот кадар. Меѓутоа, најновите резултати од ПИСА покажуваат алармантно влошени резултати.

**North Macedonia Consumer Price Index**




*2023 quarterly GDP growth rate*




Source: SSO, 2023

Општините сè уште се силно погодени од огромниот пораст на трошоците за електрична енергија и греење, како и од намалувањето на населението. Тоа доведе до застој на локалните инвестиции и реорганизација на општинските совети.

Во областа на климатските промени, животната средина и природните ресурси, позитивните промени за зелена енергетска транзиција стануваат сè позабележливи благодарение на инвестициите во обновливите извори на енергија, кои исто така ја намалија енергетската зависност на земјата од увоз. Беше најавено дека ќе има дополнителна поддршка од ЕУ. Владата го донесе Патоказот за праведна транзиција и потпиша договор за партнерство со меѓународните финансиски институции на КОП28 во Дубаи, со цел амбициозно спроведување на национално утврдените придонеси. Иако загадувањето на воздухот донекаде се намали, нивото на честичките PM10 и PM2,5 за време на зимата сè уште е многу високо во урбаните подрачја, главно поради несоодветни материјали за греење, транспортот и индустријата. И покрај тоа што законодавството е усогласено за управувањето со отпадот, спроведувањето на законите останува сериозен предизвик поради недоволно човечки и финансиски ресурси и недостаток на јавна свест. Иако е зголемен бројот на официјално заштитените области, сепак управувањето и заштитата се делумно ефикасни.

Воедно, треба да се стави акцент на заштитата на главните езера и реки. Во земјата честопати доаѓа до пожари, меѓутоа постојано се подобруваат капацитетите за справување со пожари и управување со ризици од поплави.

Мешаните миграциски текови во должина на границите на Северна Македонија продолжуваат, со 14.000 нерегуларни пристигнувања на мигранти до крајот на 2023 година, што претставува големо намалување во споредба со 27.000 нерегуларни пристигнувања во претходната година. Повеќе од 74.000 украински бегалци влегле во земјата од февруари 2022 година, од кои на 405 лица им беше дадена дозвола за привремен престој од хуманитарни причини. Земјата вложи решителни напори за искоренување на бездржавјанството така што на секое дете родено во земјата, му даде право на регистрација во матичната книга, без разлика на државјанството или на личниот статус на родителите. Како резултат на тоа, 511 лица без државјанство ги добија своите први лични карти. За останатите 275 лица постапката е во тек.

*2023 Индекс на човечки развој (ИЧР) за 2023 година*

| | | Human Development Index (HDI) | | | | | | | | Change in HDI rank | | Average annual HDI growth | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Value | | | | | | | | | | | | | |
| HDI rank | Country | 1990 | 2000 | 2010 | 2015 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2015 - 2021 | a | 1990 - 2000 | 2000 - 2010 | 2010 - 2021 | 1990 - 2021 |
| 78 | North Macedonia | -- | 0,675 | 0,738 | 0,762 | 0,779 | 0,784 | 0,774 | 0,770 | 5 | | -- | 0,90 | 0,39 | .. |

# Поддршка од ОН за националните развојни приоритети преку РСОР

| ЦОР | СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ | РЕЗУЛТАТИ ДО 2025 |
|---|---|---|
| БЛАГОСОСТОЈБА И ЛУЃЕ | **Одржлив и инклузивен економски и социјален развој** | (1) Подобрен животен стандард на сите во Северна Македонија преку еднаков пристап до пристојна работа и продуктивно вработување, овозможено во инклузивно и иновативно деловно опкружување |
| | | (2) Универзален пристап на сите во Северна Македонија до квалитетни социјални услуги засновани врз права – здравствена заштита, образование и неопходна социјална и детска заштита – втемелени во системи отпорни на кризни состојби. |
| ПЛАНЕТА | **Климатска акција, управување со природните ресурси и ризиците од катастрофи** | (3)Луѓето во Северна Македонија имаат корист од амбициозна климатска акција, одржливо управувани природни ресурси и добро сочуван биодиверзитет преку добро управување со животната средина и заедници отпорни на катастрофи |
| МИР | **Транспарентно и одговорно демократско владеење** | (4) Луѓето во Северна Македонија ќе имаат придобивки од подобрено владеење на правото; антиципативни и родово одговорни политики кои се засновани врз докази; поголема социјална кохезија; и подобрена испорака на услуги од страна на транспарентни, отчетни и одговорни институции |



**ВЛАДИНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Забрзување на економскиот раст
- Развој на земјоделството
- Одржлив туризам
- Децентрализација и рамномерен регионален развој
- Целосна поддршка за сите социјални категории
- Образование за новото време
- Стабилен и модерен здравствен систем
- Активно население, спорт и рекреација за сите граѓани
- Младите во фокусот
- Енергетска транзиција и одржливост
- Заштита на животната средина, зелен и одржлив развој
- Владеење на правото, ред, антикорупција и безбедност
- Современа администрација, дигитализирани услуги – граѓанинот на прво место
- Граѓанско општество Едно општество, еднакво за сите Европска култура

**Во овој дел од извештајот се истакнуваат резултатите на ОН  Северна Македонија од спроведување на активностите во 2023 година во четирите резултати од РСОР – инклузивна благосостојба, квалитетни услуги за сите, здрава животна средина и добро владеење  имплементирани во соработка со националните и со меѓународните партнери.**

Во рамките на РСОР 2021-2025 година, ОН и партнерите опфаќаат три национални стратешки приоритети и имаат за цел да придонесат за четири планирани резултати.

Надоврзувајќи се на долготрајната традиција на работата на ОН во Северна Македонија, РСОР се залага за премин од директно спроведување програми кон понасочена поддршка кон партнерите од страна на ОН како своевиден двигател и советодавател за антиципативни политики, иновации и експертиза.

Активностите на ОН се втемелени на човековите права и им даваат предност на најранливите групи. Активностите на ОН исто така се засновани на докази, а за тоа е потребно зајакнување на статистичките капацитети, подобрено прибирање на расчленети податоци, подобра координација и споделување на информации на сите нивоа. Сите активности се извршуваат во соработка со национални и со локални институции, граѓанското општество, приватниот сектор, меѓународни партнери и други чинители.

Во согласност со четирите резултати, програмите се тесно поврзани со шесте клучни транзиции кои имаат имаат катализички  и и зголемувачки ефекти врз ЦОР:

(1) прехранбени системи; (2) пристап до и достапност на енергија; (3) дигитална поврзаност; (4) образование; (5) работни места и социјална заштита и (6) климатски промени, загуба на биодиверзитет и загадување. Заедничките активности на ОН во земјата се вградени во Заедничките работни планови преку активности засновани на докази со кои се дава поддршка за за регулативите и развојните политики; се идентификува и изготвува портфолиото на национални проекти што се финансиски изводливи и привлечни за пазарот; се промовираат и се овозможуваат иновативни и поинклузивни пристапи за финансирање на развојот и се градат сеопфатни капацитети со цел чинителите да ги спроведат и да ги направат тие транзиции одржливи.




*Шест транцизии што би можеле да имаат катализирачки и зголемувачки ефекти врз ЦОР*

# Резултати во 2023 година

РЕЗУЛТАТ 1

## Инклузивна благосостојба

*До 2025 година, сите луѓе во Северна Македонија ќе имаат подобрен животен стандард преку еднаков пристап до пристојна работа и продуктивно вработување, овозможено во инклузивно и иновативно деловно опкружување.*

*Придонес за*

- Забрзан и одржлив економски раст со подобар животен стандард
- Развојно земјоделство
- Социјална инклузија (грижа за сите ранливи категории) и развој на човечки капитал
- Модерна администрација, дигитализирани услуги

Основите на прво место: Економски развој и конкурентност

- Кластер 1: Фундаментални вредности: (Поглавја од правото на ЕУ: 23, 24)
- Кластер 3: Конкурентност и инклузивен раст (Поглавја од правото на ЕУ: 10, 19, 20, 26)
- Кластер 4: Зелена агенда и одржлива поврзаност (Поглавја од правото на ЕУ: 27)
- Кластер 5: Ресурси, земјоделство и кохезија (Поглавја од правото на ЕУ: 11, 12)

*Буџет на ОН за 2023 година*

**$6,027,282**

*Партнери за развој:*

Министерство за труд и социјална политика; Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Министерство за образование и наука; Министерство за економија; Министерство за култура; Министерството за надворешни работи; Министерство за информатичко општество и администрација; Министерство за транспорт и врски; Агенција за вработување; Агенција за катастар на недвижности; Агенција за млади и спорт; Агенција за храна и ветеринарство; Фонд за иновации и технолошки развој; Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството; Државен инспекторат за труд; Државен завод за статистика; Организација на работодавачи на Северна Македонија; Национална федерација на фармери; Мрежа за рурален развој; синдикати; Економско-социјален совет на Северна Македонија; Факултет за земјоделски науки и храна; општините Гостивар, Прилеп, Штип и Шуто Оризари



2.420 лица се стекнаа со претприемачки и деловни вештини преку програмата за самовработување. Фотографија: УНДП

Во 2023 година, ОН придонесоа за постигнување важни резултати во областа Инклузивна благосостојба, како на пример, намалување на неформалната економија. За жал, долготрајната инфлација и слабите економски резултати го влошија животниот стандард и покрај антикризните мерки на Владата.

Во оваа област, ОН им дадоа поддршка на инситуциите да формираат одржливи претпријатија што ќе отворат нови работни места. Вкупно 946 мали и средни претпријатија (МСП) беа формирани или имаа корист од програмите за поддршка и менторство на онлајн платформата www.bizz4all.mk, кои се фокусираа на дигитализацијата, дигиталниот маркетинг, управување со продажбата на интернет, проширување на пазарот и зелената трансформација за да се приспособат на растечката побарувачка на пазарот.

Освен тоа, 2.420 лица се стекнаа со претприемачки и деловни вештини преку програмата за самовработување. Од нив, 19 лица со попреченост успешно отворија сопствен бизнис. Благодарение на иновативниот пристап, 115 МСП добија средства за зелени инвестиции во енергетската ефикасност

и извори на обновлива енергија преку кофинансирање и вработија 186 лица, кои беа обучени да користат најнови технологии. Активните мерки за вработување што беа поддржани од ОН доведоа до креирање вкупно 645 работни места со полно работно време и 497 работни места со скратено работно време, особено во МСП и во НВО во 50 општини.

Исто така, 223 лица добија одреден надоместок за обуките, при што вкупно 1.365 лица имаа корист од финансиската поддршка за остварување на приход што им овозможи да излезат од повеќедимензионалната сиромаштија. Социјалните партнери, какви што се Организацијата на работодавачи на Македонија (ОРМ) и Бизнис конфедерацијата на Македонија (БКМ) добија поддршка од ОН за примена на партиципативни методологии засновани на податоци за да извршат процена на деловното опкружување. БКМ се фокусираше на дигитализацијата, промовираше и се залагаше за поволно деловно опкружување што ќе овозможи дигитална трансформација во компаниите. ОРМ користеше наменски методолошки пристап за процена на влијанијата на енергетската криза врз компаниите и се залагаше за дополнителни мерки за ублажување, вклучувајќи ги субвенциите за електрична енергија.

Три јавни институции и граѓански организација добија поддршка за пристап до финансиски средства во културниот и креативниот сектор преку инклузивен и партиципативен пристап што се користеше за поддршка на ефективни културни политики, за зајакнување на регионалната културна соработка, промовирање мобилност и движење на креативците и на креативните добра, како и заштита на културното наследство.

**2,324**

**Роми имаа корист од активните услуги за вработување**

ОН вложија големи напори **„Никој да не биде изоставен“ преку овозможување работни места за жените и за ранливите категории.** Вкупно 2.324 Роми имаа корист од активните услуги за вработување, каде што менторите Роми играа клучна улога. Како резултат на тоа, 353 Роми се вработија (327 со полно работно време, а 26 со скратено) и 384 Роми-повратници добија документи за идентификација што им овозможија да си ги запишат децата во училиште и да пристапат до системот на социјална заштита, а 57 повратници повторно станаа дел од основното образование. 37 Роми на крај добија формално вработување. Во секторот Економија на грижа, 639 невработени лица (85 % жени) ја зголемија својата вработливост така што стекнаа вештини и работно искуство преку разни услуги во домот на повеќе од 9.517 луѓе (5.131 жени и 432 лица со попречености) во 50 општини. Како резултат на тоа, на 514 жени им се призна неплатената работа и добија вработување (89 жени со полно работно време, а 425 со скратено). Со цел да овозможат поволна средина за квалитетни социјални услуги, ОН исто така му дадоа поддршка на Министерството за труд и социјална политика да воспостави протоколи, стандарди и насоки за давање услуги и им овозможија на 23 НВО да станат лиценцирани даватели на социјални услуги.

ОН исто така работеа на иницијативи за зајакнување на жените и на лицата со попреченост, вклучувајќи и преку поддршка за девојчињата во СТЕМ и мотивирање на ученичките што се заинтересирани за иновации и технологии. Преку јавно-приватно партнерство во Општина Гостивар беше воспоставен повеќефункционален центар за Стручно образование и обука (СОО) со цел подобрување на егзистенцијата на младите и на лицата со попречености. Организациите на лицата со попреченост беа сензибилизирани за Конвенцијата за правата на лицата со попреченост (КПЛП) со цел да се крене нивниот глас и да се слушнат одлуките што ги носат. Беа овозможени помагала (апликации за синтеза на говор за iOS уреди, КИКО и ХАНА) за околу 5.000 лица со оштетен вид и други попречености и за првпат беа изготвени инклузивни политики за вклучување на лицата со попреченост во намалувањето на ризиците од катастрофи и закрепнувањето, а јавните институции беа обучени за нивно спроведување.

На саемот „Спорт за сите“ се одржа јавна дебата на високо ниво и беа прикажани разни инклузивни, модифицирани, но и традиционални спортски активности што би ја зголемиле инклузијата на лицата со попреченост во спортот.

**8,038 лица**

**се вработија благодарение на Гаранцијата за млади**

За да ја зголемат вработливоста на младите, ОН овозможија тристрана соработка и меѓусебно учење помеѓу ресорните министерства, центрите за вработување и другите важни чинители од регионот и од ЕУ и им овозможија на властите да го донесат новиот План за спроведување на Гаранцијата за млади (2023-2026 година), што е во согласност со Препораката на Советот на ЕУ. Во овој план исто така се предлага иновативна примена на модел за статистичко профилирање за сегментирање клиенти во Агенцијата за вработување (АВРСМ). Како резултат на овие активности, вкупно 23.619 млади (11.675 жени) лица се регистрираа за Гаранцијата за млади во 2023 година, од кои 8.038 (4.109 жени) се вработија. Од нив, 2.786 (1.616 жени, 190 Роми и 186 лица со попреченост) се регистрираа за Гаранцијата за млади со поддршка од ОН преку младинските чадор-НВО што беа активни на терен. Речиси 200 луѓе, од кои најмалку 20 жени и повеќе од 70 млади, се стекнаа со вештини потребни на пазарот на трудот, какви што се дигитални вештини, стручни вештини во текстилниот сектор, информатичкото моделирање градби (БИМ) со помош на 15 посебно осмислени курсеви од страна на центарот iCan наменети за ученици во средно училиште и за студенти на факултет. За да ги зголемат можностите за миграцијата на трудот, на институциите им беше ставено на располагање заедничкото истражување на ОН-ОБСЕ за да ги разберат clеучните фактори што ги обликуваат ставовите на луѓето за миграцијата и мигрантите со заклучоци извлечени од комуникациските активности.

ОН исто така работеа на **зајакнување на политиките и на регулаторното опкружување, како и на оспособување на институциите.** Врз основа на тоа, земјата продолжи со целосно инклузивен и консултативен процес за изготвување на новиот Закон за работни односи што требаше целосно да се усогласи со трудовите стандарди во ЕУ и во светот. Исто така, по 15 години се потпиша првиот Општ колективен договор за јавниот сектор. Се користеше алатка за самопроцена на механизмот за решавање трудови спорови изготвена од ОН, врз чија основа беше изготвен Акциски план за 2023-2025 година за зајакнување на процесите за мирно решавање на трудовите спорови.

Во 2023 година, ОН продолжија со работата на **намалување на неформалната економија и зајакнување на квалитетот на работата.** На 14 јуни 2023 година, по препорака од Економско-социјалниот совет и од Владата, изготвена со поддршка од ОН, Собранието на Северна Македонија ја ратификува Конвенцијата на Меѓународната организација на трудот (МОТ) за елиминирање на насилството и вознемирувањето во светот на работата бр. 190. Исто така, виш инспектор што ја помина Академијата за трудова инспекција на ОН го сподели своето знаење со 25 инспектори за труд од Државниот инспекторат за труд. Беше ставен посебен акцент на воведување нови мерки за зајакнување на жените, дигитализација и зелена транзиција на МСП. На пример, Оперативниот план за вработување за 2023 година содржеше и еден новитет, односно „зелена мерка“ со метрики што го следат намалувањето на стакленички гасови во компаниите што се опфатени со оваа мерка. ОН исто така изготвија сеопфатен документ со политики и практични планови за праведна транзиција за Пелагонија, регион зависен од јаглен.

Врз основа на детална анализа заснована на факти, беше изготвена сеопфатна рамка за формулирање на првата Национална стратегија за обезбеденост со храна и за поставување инклузивен и меѓусекторски механизам за координација со цел обезбеденост со храна предводен од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Беше спроведена анализа и дадена поддршка за напуштеното земјоделско земјиште, кое сочинува 32 отсто од обработливото земјоделско земјиште во земјата, со цел да се направат соодветни измени на Законот за земјоделско земјиште, Законот за приватизација

и закуп на градежно земјиште во државна сопственост и други поврзани закони. Во контекст на постојаниот пораст на цените на храната и со цел да се донесат правилни одлуки, ОН спроведоа анализи и претставија мерки за справување со предизвиците за обезбеденост со храна, особено во однос на пристапноста и достапноста на храната.

Прво, Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ) доби поддршка за зајакнување на Националниот систем за здравје на животните и безбедност на храната во согласност со стандардите на ЕУ за да овозможи модерно, одржливо и долготрајно решение, со цел ефикасно евидентирање, анализирање и користење клучни податоци за животните во текот на целиот нивен живот.

Второ, по деталната анализа на ОН, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство започна со изготвување на новата Национална стратегија за консолидација на земјиште за 2023-2034 година и со градење

Како одговор на повеќедимензионалните предизвици од КОВИД-19 и потенцијални други шокови, беа зајакнати

капацитетите на ценовните и на пазарните информациски системи и следењето на политики за прехранбени производи и вредносни синџири преку наменска национална алатка, која е динамичен ресурс и овозможува информации во реално време за домашни цени на клучни прехранбени производи. Беше овозможена врска до глобалната Алатка за следење и анализирање на цените на храната на ФАО.

Агенцијата за вработување (АВРСМ) почна со користење на моделот за статистичко профилирање, кој на исплатлив начин овозможува информации кога и колкава поддршка треба да им се даде на барателите на работа што се под ризик од долгорочна невработеност. Исто така, АВРСМ им овозможи повеќе онлајн услуги на компаниите, што доведе до подобра комуникација меѓу компаниите, барателите на работа и АВРСМ, како и до поголема ефикасност на активните мерки за вработување.

Вкупно 50 службеници од националните институции и од општините добија поддршка за подобра комуникација и давање услуги на претставниците од дијаспората, како и за мапирање и олеснување на преносот на вештини и знаења од дијаспората. За да се олесни трговијата, царинската управа и други сродни институции ги изградија своите капацитети за воспоставување едношалтерски систем.

За да ја зајакнат одржливата и конкурентна рурална економија, ОН овозможија поддршка за три важни компоненти.

Прво, Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ) доби поддршка за зајакнување на Националниот систем за здравје на животните и безбедност на храната во согласност со стандардите на ЕУ за да овозможи модерно, одржливо и долготрајно решение, со цел ефикасно евидентирање, анализирање и користење клучни податоци за животните во текот на целиот нивен живот.

## 742 хектари земјоделско земјиште

**со подобра дренажа и патна мрежа**

Второ, по деталната анализа на ОН, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство започна со изготвување на новата Национална стратегија за консолидација на земјиште за 2023-2034 година и со градење

капацитети за консолидација на земјиштето. Националната програма за консолидација на земјиштето исто така беше унапредена преку изготвување на Планот за распределба на земјиштето и технички дизајн за интервенции во земјоделската инфраструктура на подрачје од 156 хектари во селото Чифлик, при што беа консултирани 404 сопственици на земјиште. Исто така, во селото Дабјани почна да се работи на подобрување на дренажата и на патните мрежи на 742 хектари земјоделско земјиште, што беше од корист за 85 сопственици на земјоделско земјиште. Беа спроведени разни комуникациски активности за да се подигне јавната свест за придобивките од консолидацијата на земјиштето и да се поттикне интересот од другите локални заедници во Северна Македонија, а ЕУ и ОН дадоа поддршка за унапредување на Националната програма за консолидација на земјиштето.

За крај, со цел да ја подобри родовата еднаквост во руралните подрачја, Факултетот за земјоделски науки и храна (ФЗНХ) и ОН му помогнаа на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) да примени родово-одговорно буџетирање при креирањето политики и овозможија двојно зголемување на издвојувањата од буџетот за повеќе родово-одговорни мерки (мерка 115) и за земјоделките. Факултетот исто така ја зголеми родовата одговорност на руралните и на земјоделските политики преку ажурирање на Индексот за зајакнување на жените и оценување на влијанието од политичките мерки за поддршка на земјоделките.



Во селото Дабјани почна да се работи на подобрување на дренажата и на патните мрежи на 742 хектари земјоделско земјиште, што беше од корист за 85 сопственици на земјоделско земјиште. Фотографија: ФАО

**РЕЗУЛТАТ 2**

# валитетни услуги за сите

***До 2025 година, луѓето во Северна Македонија добиваат универзален пристап до квалитетни социјални услуги засновани врз права – здравствена заштита, образование и неопходна социјална и детска заштита – втемелени во систем отпорен на кризни состојби***

*Придонес за*

- Социјална инклузија (грижа за сите ранливи категории) и развој на човечки капитал
- Модерно образование
- Стабилно и модерно здравство
- Младите во фокусот

- Кластер 1: Фундаментални вредности (Поглавја од правото на ЕУ: 18, 23, 24)
- Кластер 2: Фундаментални вредности (Поглавја од правото на ЕУ: 28)
- Кластер 3: Конкурентност и инклузивен раст (Поглавја од правото на ЕУ: 19. 26)

*Буџет на ОН за 2023 година*

**$3,312,296**

*Партнери за развој:*

Министерство за труд и социјална политика; Министерство за здравство; Министерство за образование и наука; Министерство за финансии; Министерство за надворешни работи; Министерство за внатрешни работи; Министерство за правда; Биро за развој на образованието; Фонд за здравствено осигурување; Управа за електронско здравство; Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија; Државен завод за статистика; професионални здруженија; Асоцијација за истражување, комуникации и развој; граѓански организации; Асоцијација за здравствена едукација и истражување; Медицински факултет во Скопје



"Со цел справување со влошеното ментално здравје на помладото население, беше изготвен детален извештај за мапирање на услугите за ментално здравје со препораки за подобрување, а беше воспоставена и Национална мултисекторска работна група за ментално здравје кај деца и адолесценти. Фотографија: СЗО

Во рамките на резултатот Квалитетни услуги за сите, во 2023 година ОН дадоа поддршка за основните услуги во областа на здравството, образованието и социјалната заштита, како и за елиминирање секакви видови насилство, особено родово и семејно насилство. За жал, и покрај неколку позитивни промени, како што е малку зголемената стапка на вакцинација и зголемената стапка на учество на деца на возраст од 36 до 59 месеци во системот за предучилишно образование, овие услуги беа прилично заслабени, а во некои случаи дури и се влошија.

Во здравството беше ставен акцент на примарната здравствена заштита, на изготвување клинички протоколи за најраспространетите медицински состојби што се третираат со амбулантска нега и 803 здравствени работници, 623 лекари и 179 фармацевти беа запознаени со новите модели и протоколи, што исто така доведе до олеснета заштита на лековите. Исто така, беа прибрани клучни докази од анализата на придобивки и трошоци за инвестиции во патронажната служба.

Заради справување со влошеното ментално здравје на помладото население, беше изготвен детален извештај за мапирање на услугите за ментално здравје со препораки за подобрување, а се воспостави и Национална мултисекторска работна група за ментално здравје кај деца и адолесценти. Приближно 550 стручни лица од Скопје, Тетово, Битола, Прилеп, Велес и Струмица поминаа обуки за здравствени услуги за ментални и бихевиорални нарушувања, со што се очекува поддршка за 65.000 деца и адолесценти.

Имајќи ја предвид сè поголемата загриженост за менталното здравје кај младите, 649 стручни лица во училиштата добија менторство и беа запознаени со стратегии и практични активности за работа со деца, а 521 лице од стручните служби во училиштата поминаа обуки за одговор на дојави за бомби во училиштата. За да се обезбеди системска поддршка беше извршена анализа на недостатоците за да се изготви првиот Национален акциски план за ментално здравје кај адолесцентите во земјата, по кој следуваше нова програма за советување за родителите и за учениците што покажуваат знаци на насилно однесување или од некои причини не успеваат да постигнат напредок од академска гледна точка.

За моделот за сексуално и репродуктивно здравје (СРЗ), што за првпат беше претставен од ОН, и за мобилните гинеколошки клиники постојано се издвојуваат сè поголеми

финансиски средства. Како резултат на тоа, во рамките на националната Програма за скрининг на рак на грлото на матката, на 53.340 жени на кои не им бил направен скрининг во претходните 3 години им беше направен скрининг во 2023 година, што претставува седумкратно зголемување само од 2022 година. Освен тоа, имаше сеопфатна обука за повеќе од 1.200 ученици на возраст од 15 до 18 години. Воедно, врз основа на студијата "Однесувања поврзани со здравјето кај децата на училишна возраст", ОН се залагаа за воведување сеопфатно сексуално образование во образовниот процес со цел младите да се стекнат со сигурни информации што се соодветни на нивната возраст за да можат да носат клучни одлуки понатаму во животот. Воедно, жени лидери организираа кампањи за градење свест во оваа област, проследени со дебати и стратегии на ниво на општина.

Генералниот план (Master plan) за перинатална грижа за 2020-2030 година беше ревидиран и се дадоа препораки засновани на докази за справување со грешките и препреките во системот, вклучувајќи и како последица на променливата демографска динамика. Приближно 60 здравствени лица што им даваат услуги на најранливите жени и девојчиња во земјата во сите клиники за гинекологија беа запознаени со методите за планирање семејство и со современите методи на контрацепција.

Во соработка со ЕУ, ОН му дадоа поддршка на Министерството за здравство за спроведување на голем број кампањи за имунизација од врата до врата што опфатија 40 општини, при што беа дадени повеќе од 5.000 пропуштени дози редовни вакцини, 2.630 вакцини против сезонски грип и КОВИД-19. Институциите беа запознаени со стандардизирани постапки за ракување со вакцини и се спроведоа обуки за промовирање на вакцинацијата и здравјето при работа, како и за подобри постапки за дигитално водење евиденција за имунизацијата.

Преку анализа на услугите за имунизација беа утврдени клучните недостатоци и предизвици и беше изготвен предлог за оптимизација на ресурсите и на мрежата на вакцинални пунктови.

Министерството за здравство доби дополнителна поддршка за воспоставување Тим за анализа на политики, кој е од клучно значење за изготвување здравствени политики врз основа на податоци. Системот на медицински сестри исто така беше унапреден преку воведување главна медицинска сестра на ниво на Влада во Министерството. Исто така, беше изготвена првата Стратегија за здравствен кадар. Во 2023 година, националниот систем за здравствени сметки беше прогласен за најнапреден во европскиот регион на СЗО (надвор од ЕУ и од ОЕЦД).

ОН исто така иницираа студија за проценка на пристапот до здравствените услуги во руралните, зафрлените и во малите урбани подрачја во Северна Македонија за да утврдат стратегии за здравствената рамноправност во регионот. Освен тоа, беа направени бихејвиорални и културолошки студии врз основа на анкета на здравствениот кадар и анализа на трошоците од потрошувачката на тутун за да се зајакне контролата на тутунот.

Министерството за здравство и Министерството за образование беа вклучени и во иницијативата за училишта што го промовираат здравјето во согласност со глобалните стандарди.

**6,000 наставници**

**поминаа обука за настава со висок квалитет**

Во однос на уназадувањето во резултатите од учењето, ОН се залагаа и инвестираа во тековни реформи на наставните програми во образованието, особено преку поддршка за усогласување на Концепцијата за основно образование со националните резултати од учењето и стандардите за оценување. Децата го преземаат Собранието, настан што се организираше по повод Светскиот ден на детето, претставуваше транспарентна можност за децата и за младите да ги искажат своите ставови за пристапот и квалитетот на образованието, како и да побараат брзо донесување на измените на потребните закони.

ОН продолжија да му обезбедува техничка поддршка на Министерството за образование и наука и на десет модел општини да осмислат среднорочна визија со цел



Во соработка со ЕУ, ОН му дадоа поддршка на Министерството за здравство преку широки catch-up кампањи за имунизација од врата до врата што опфатија 40 општини, при што беа дадени над 5.000 пропуштени дози редовни вакцини и 2.630 вакцини против сезонски грип и КОВИД-19. Фотографија: СЗО




Децата го преземаат Собранието, настан што се организираше по повод Светскиот ден на детето, претставуваше транспарентна можност за децата и за младите да ги искажат своите ставови за пристапот и за квалитетот на образованието, како и да побараат брзо донесување на измените на потребните закони. Фотографија: УНИЦЕФ

трансформирање на училишната мрежа во основното образование и подобрување на издвојувањата на ограничените буџетски средства. Во тој поглед, ОН соработуваа со општините за да ги пренаменат неискористените простори во основните училишта во простории за предучилишно образование во знак на поддршка за оптимизацијата на училишната мрежа. Во 2023 година, Бирото за развој на образованието целосно ја презеде сопственоста и управувањето со националната платформа за образование ЕДУИНО. Речиси 6.000 наставници поминаа обука за настава со висок квалитет и за нив беа обезбедени материјали за учење со голем квалитет за воншколски активности, искуствено учење и можности за вклучување на заедницата. Во предучилишното образование, со поддршка од ОН, 109 воспитувачи во земјата што поминаа обуки, обучија други 1.097 воспитувачи и ги запознаа со социјалното и емоционалното учење (СЕУ) на децата и со разни практични стратегии што би можеле да ги применат во својата работа. Исто така, беа посетени 30 предучилишни установи (38 %) за да се види спроведувањето на програмата за СЕУ во практика и да се издвојат областите во кои е потребна дополнителна работа. Беше изготвена програма за обука за промовирање здрав живот во предучилишните установи од страна на вработените за да се стави крај на растечките трендови на прекумерна тежина кај децата.

ОН исто така им овозможија полесен пристап на ранливите групи до училиштата така што назначија медијатори Роми во општините за да ја подобрат училишната подготвеност и резултатите од образованието во раното детство на децата Роми на возраст од три до шест години. Беше предложена измена на Законот за основно образование за да се овозможи континуирано образование во поправните домови и штитениците да се стекнат со дипломи. Исто така, 1.283 наставници беа оспособени за работа со деца бегалци, мигранти и баратели на азил и 42 вработени во петте прифатни центри поминаа обука за олеснување на процесот на вклучување на децата бегалци, мигранти и баратели на азил во образованието.

За поддршка на рано вклучување на децата со тешкотии во комуникацијата, 25 стручни лица во петте прифатни центри поминаа обуки за алтернативна и аугментативна комуникација (ААК) во 2023 година, а ААК беше воведена како тема во Програмата за обука на образовни асистенти. Следуваа 11 локални отворени настани што се организираа во предучилишните установи, со цел родителите и стручните лица подобро да се запознаат со придобивките од ААК. Од септември 2023 година, сите деца со попреченост беа запишани во редовните основни училишта. За да го унапреди тоа, Министерството за образование и наука формираше работна група за соработка предводена од ОН, чија задача беше да даде препораки за поддршката што им е потребна на наставниците во изработката и спроведувањето на модифицираната програма.

Во областа на **социјалната заштита**, функционалната анализа на Центрите за социјална работа ги утврди клучните недостатоци и предизвици во организациската поставеност, распределбата на ресурсите и капацитетите на работната сила, што доведе до подобра интеграција на водењето случаи во социјалната работа и до воспоставување напреден модул за водење случаи во електронската платформа за едукација на стручни лица за социјална работа.

ОН исто така им дадоа поддршка и на родителите. Апликацијата за родителство Bebbo стекна 16.700 корисници до крајот од 2023 година и им овозможи на родителите и на негувателите пристап до информации за грижа за деца и здрава исхрана, грижа за себеси, како и до стручни совети за управување со стресот и за добросостојбата на децата.

Националната линија за советување за позитивно родителство сега оперирана од социјални работници и психотерапевти, кои преку линијата само во првата половина од годината контактираа со 219 родители/негуватели, додека десет мајки ги зајакнаа своите вештини за позитивно родителство преку онлајн програмата Mellow за позитивно родителство. Тоа беше придружено со сеопфатно промовирање на пристапот за позитивно родителство во медиумите, социјалните мрежи, градинките и основните училишта. Во партнерство со Универзитетската клиника за психијатрија и Заводот за социјални дејности, 60 стручни лица од центрите за социјална работа и малите групни домови стекнаа познавања за психосоцијалната поддршка за децата во системот за социјална заштита.

Исто така, 47 професионалци во системот за социјална заштита се стекнаа со вакви вештини преку Платформата за учење на далечина на Заводот заедно со 1.430 стручни лица што имаа корист од оваа платформа во областите кои се важни за децата.

На партиципативен начин беше изготвена препорака заснована на докази за потребните чекори за воведување нов мултидисциплинарен систем за интервенција во раното




“ОН соработуваа со Државниот завод за статистика и со ресорните министерства за да ја зголемат свеста за повеќедимензионалната детска сиромаштија, вклучувајќи и преку пресметките од Индексот за повеќедимензионална детска сиромаштија. Фотографија: УНИЦЕФ

детство ориентиран кон семејството за деца со попреченост и развојни пречки, како и нацрт-стандарди и постапки. За таа цел, 54 стручни лица поминаа обуки за давање услуги за интервенција во раното детство ориентирани кон семејството. Стандардите и нормите за лиценцираните даватели на услуги за советување, како и приспособувањето на моделите за одредување цени, се подобрија благодарение на новите механизми за контрола на квалитет при давање услуги на деца. Исто така, со поддршка на ОН беше донесен Правилник за функционална проценка на деца и млади со попреченост заснован на човековите права од страна на Министерството за здравство, Министерството за образование и наука и Министерството за труд и социјална политика, како и електронски регистар на деца и млади на кои им била извршена проценка.

## 12,500 лица

**добија разни видови поддршка во привремените транзитни центри**

ОН соработуваа и со Државниот завод за статистика и ресорните министерства за да ја зголемат свеста за повеќедимензионалната детска сиромаштија, вклучувајќи и преку пресметките од Индексот за повеќедимензионална детска сиромаштија. Воедно, заклучоците од анализата на ОН за последиците од зголемувањето на цените на струјата и на храната врз ранливите деца беа искористени за осмислување некои од владините антикризни мерки, на пример, дополнителните средства за самохраните родители – корисници на Гарантираната минимална помош и измените на моделот за одредување на цената на струјата, што ќе бидат од корист за посиромашните домаќинства и домаќинствата со повеќе деца.

Повеќе од 12.500 мигранти, бегалци и баратели на азил во двата привремени транзитни центри, од кои мнозинството се мажи, добија медицинска помош, психосоцијална поддршка, асистирано доброволно враќање и реинтеграција, образовна поддршка, културолошка медијација, рекреативни активности, јазични курсеви и друга поддршка врз основа на нивните потреби, што им овозможи полесен пристап до службите за прием и заштита. 110 баратели на азил во Прифатниот центар Визбегово ја користеа психосоцијалната поддршка што се овозможи со помош на ОН, а 85 луѓе учеа македонски јазик и присуствуваа на разни настани, што придонесе за нивно вклучување во македонското општество. Благодарение на заложбите на ОН, измените на Законот за странци беа донесени во 2023 година, со што им се овозможи на сите преостанати бегалци од Косово, без разлика на нивниот моментален статус, да аплицираат за постојан престој. 194 лица што сè уште се во земјата, добија правна помош и советување.

ОН ѝ даде дополнителна поддршка на Владата за вклучување на бегалците и на барателите на азил преку изготвување модул за обуки за дигитална писменост и негова модернизација што имаше за цел да ги подобри дидактичките вештини на вработените во Заводот за социјални дејности, како и дигиталните содржини што се наменети за професионалните даватели на услуги во системот за социјална заштита. Стандардните оперативни постапки (СОП) за непридружувани и одвоени деца и ранливи странци исто така беа ревидирани и треба да се донесат на почетокот од 2024 година. Два дополнителни СОП за граничната полиција за Системи за влез на лица на кои им е потребна заштита и за Имиграциски притвор, кои треба да бидат готови и донесени на почетокот од 2024 година, се во процес на изготвување, што претставува големо достигнување во справувањето со мешаните миграциски текови и пристапот до територија.

За да се операционализира целосно **Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство**, ОН им даде поддршка на властите да изготват и да донесат нов протокол за повеќесекторски одговор против насилството врз жените / семејното насилство (НВЖ/СН) на инклузивен начин, да го направат првиот список од 33 лиценцирани обучувачи за родово базирано насилство и семејно насилство (РБН/СН) од сите институции и граѓанските организации (ГО) и да го пуштат во употреба подобрениот Систем за управување со информации за РБН врз основа на моделот за интегрирано прибирање податоци. Една од првите работи што ја направија овие лиценцирани обучувачи, беше да го споделат своето знаење со повеќе од 25 стручни лица во Министерството за внатрешни работи и во Академијата за судии и јавни обвинители.



Беа организирани настани во заедницата за да се покаже благодарност до професионалците што обезбедуваат непосредна и долгорочна поддршка на жртвите и преживеаните на РН. Фотографија: УНФПА

Врз основа на проценка направена со поддршка од ОН, трите СОС-линии за помош ја подобрија својата работа преку редовни месечни средби на координаторите и на операторите со цел размена на (доверливи) информации и соодветен одговор, а 20 оператори и координатори од трите организации поминаа обука. Исто така, вкупно 16 стручни лица успешно ја поминаа обуката и добија лиценца врз основа на воспоставените стандарди и наставната програма за работа со сторителите, а потоа следуваше менторство од најискусните ГО. Беше изготвена и програма за реинтеграција на жртви. Во соработка со локалните ГО, ОН дадоа поддршка за програмата за социјално менторство, и овозможија вработување на 13 жени жртви, а исто така ја зголемија вработливоста на вкупно 15 жени.

Свеста беше подигната преку многубројни информативни кампањи со голем опфат кај жртвите на РБН, особено од ранливите групи, групите на етнички малцинства и младите луѓе. Кампањата „Има помош за живот без насилство“ и поврзаните настани во заедницата беа организирани со цел справување со главните пречки за пријавување насилство, како што е срамот, стравот и заблудите. Исто така, беа организирани настани во заедницата за да им се даде признание на стручните лица што им даваат краткорочна и долгорочна поддршка на жртвите од РБН. Беа изработени и објавени многубројни комуникациски производи на Институтот за комуникациски студии (ИКС), кој не само што ги промовира услугите што им се на располагање на жртвите на РБН, туку и врши анализа на етичкото известување на медиумите за РБН. Се спроведе кампањата „BodyRight“ на социјалните мрежи и се изготви локализиран поимник за да се подигне свеста за родово-базираното насилство извршено со (зло)употреба на технологијата, до кој пристапија 27.554 луѓе, со посебен акцент на лицата со попреченост. Исто така, беше дадена поддршка за проценка на пристапноста на 23 објекти на даватели на услуги и за оспособување на здравствените работници што работат со лицата со попреченост додека се усогласуваше „Прирачникот за постапување на здравствените работници во случај на родово-базирано насилство кон лицата со попреченост“ со најновата правна рамка.

Моделот за соработка со повеќе чинители беше применет во општините Гостивар и Шуто Оризари, а ГО од три заедници поминаа обука за понатамошно реплицирање на моделот во заедниците на етничките малцинства, вклучувајќи ја и албанската и ромската заедница. Исто така, со поддршка од ОН и со средства од општините, една ГО од Гостивар го отвори првото засолниште во регионот, а друга ГО од Шуто Оризари го отвори првото советувалиште за психосоцијална поддршка во ромска општина. Овој концепт беше промовиран во кампањата „16 дена активизам“ и се организираа едукативни работилници во руралните подрачја од двете општини.

Се спроведуваа комуникациски активности за подигнување на свеста за родовата еднаквост и зајакнувањето на жените, кои кулминираа со настанот „Моќта на изборот: Остварувајќи телесна автономија кај жени и девојки“ на високо ниво, со говорници и ценети учесници од земјата, регионот и пошироко.

Во 2023 година, во соработка со ИНТЕРПОЛ и ECPAT International („Да се стави крај на детската проституција и трговија со луѓе“), ОН почнаа со истражувачки проект заснован на методологијата Disrupting Harm („Спречување штети“) чија цел е да собере сеопфатни докази и меѓусекторски податоци сексуалната експлоатација и злоупотребата на децата онлајн.

## РЕЗУЛТАТ 3

# Здрава животна средина

*2025 година, луѓето во Република Северна Македонија ќе ги користат придобивките од амбициозна климатска акција, одржливо управувани природни ресурси и добро сочуван биодиверзитет преку правилно управување со животната средина и преку заедници отпорни на катастрофи.*

*Придонес за*

- Заштита на животната средина, зелен и одржлив развој
- Енергетска транзиција и одржливост

- Кластер 1: Фундаментални вредности (Поглавја од правото на ЕУ: 18, 23, 24)
- Кластер 2: Фундаментални вредности (Поглавја од правото на ЕУ: 28)
- Кластер 3: Конкурентност и инклузивен раст (Поглавја од правото на ЕУ: 19, 26)
- Кластер 4: Зелена агенда и одржлива поврзаност (Поглавја од правото на ЕУ: 27)
- Кластер 5: Ресурси, земјоделство и кохезија (Поглавја од правото на ЕУ: 11, 12)

*Буџет на ОН за 2023 година*

**$9,534,030**

*Партнери за развој:*

Кабинет на заменикот на Претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции; Министерство за животна средина и просторно планирање; Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Министерство за култура; Министерство за образование и наука; Министерство за здравство; Министерство за труд и социјална политика; Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија; Центар за управување со кризи; Дирекција за заштита и спасување; Управа за електронско здравство; Агенција за храна и ветеринарство; Државен завод за статистика; Балканска фондација за одржлив развој; граѓански организации; Организација за поврзување на природни вредности и луѓе; Македонско еколошко друштво; Македонска академија на науките и уметностите; Факултет за земјоделски науки и храна; Факултет за шумарски науки; Природно-математички факултет; Земјоделски институт; Шведската агенција за заштита на животната средина; Институт за обука и истражување на Обединетите нации; општините во државата



Беше спроведено мапирање на младинските организации и беше изготвен модел за воспоставување младински центри за климатски промени во Скопје и во Охрид, при што се поставија темелите за наменски обуки и соработка со новата Регионална младинска мрежа. Фотографија: УНДП

**За да се даде поддршка за изготвување и спроведување на националната политика за климатски промени**, беа преземени подготвителни активности за олеснување на операционализацијата на **Националниот координативен совет за климатска акција (НКСКА)** во согласност со новиот Закон за климатска акција, кој треба да биде донесен во 2024 година. Воедно, беше спроведено мапирање на младинските организации и беше изготвен модел за воспоставување младински центри за климатски промени во Скопје и во Охрид, при што се поставија темелите за наменски обуки и соработка со новата Регионална младинска мрежа. Во меѓувреме, Инструментот за зелено финансирање (ИЗФ) почна со финансирање на МСП за зелена транзиција и со поддршка за инвестиции во обновлива енергија (ОЕ) и технологии за енергетска ефикасност (ЕЕ). Две приватни банки (Шпаркасе и ПроКредит банка) и една лизинг-компанија (Шпаркасе лизинг) сега нудат кредити од ИЗФ за МСП во Северна Македонија надополнети со ex-post грант компонента и бесплатна техничка помош за ОЕ и технологии за ЕЕ. Инструментот за **зелено финансирање** го комбинира финансирањето од Владата на Северна Македонија, Заедничкиот фонд за ЦОР, ЕБОР и неколку комерцијални банки.

ОН сè уште играат клучна улога во **унапредувањето на едукацијата и свеста за животната средина**. Нивните заложби опфатија 1.038 наставници низ целата земја и 35.722 деца од основните училишта и градинките. Надоврзувајќи се на веќе интегрираните наставни програми за климатските промени и животната средина во некои одделенија во основното образование и претходно воспоставената Мрежа за искуствено учење, беа обезбедени можности за искуствено учење што ја интегрираат едукацијата за животната средина и климатските промени во наставните програми и воншколските активности. Беа формирани лабораторија за биохакирање и иновациски камп за млади за да се поттикне интересот на младите за истражувања на одржливоста на животната средина, климатските промени и биодиверзитетот. Беа опфатени и вклучени 141.134 луѓе преку кампањи за заштита на животната средина и ублажување на климатските промени, а 623 стартапи и МСП добија менторска поддршка за чисти еколошки технологии.

Иницијативите на ОН имаа за цел да ги зајакнат мерките за приспособување кон **климатските промени за да овозможат земјоделска отпорност** насочена на подобро управување со квалитетот и зачувување на семето. Беше извршена евалуација на националниот систем за семе и беше изготвен сеопфатен сет од препораки.

Исто така беше направена процена на државните системи за наводнување и одводнување во подрачјето на Радовиш со цел властите да можат да утврдат каде треба да се подобрат и да се модернизираат работите. За да се подобри обезбеденоста со храна, ОН дадоа поддршка за националната Кодекс структура во рамките на Агенцијата за храна и ветеринарство на Северна Македонија преку превод на прирачниците за Кодекс Алиментариус и преку учество на меѓународни состаноци за резидуи од ветеринарно-медицински препарати во храната.

Напорите за справување со **осиромашувањето на озонската обвивка и со контролата на супстанции** какви што се средствата за ладење, продолжија со посебен акцент на управувањето со отпадот, ревизијата на законодавството и градењето капацитети. Во 2022 година беа обновени 10.681 кг средства за ладење, а 14.082 кг средства за ладење беа рециклирани. Беа изготвени подзаконски акти за одржлив систем за сертификација на средствата за ладење, а 55 претставници од Царинската управа, Државниот инспекторат за животна средина и од Министерството за животна средина и просторно планирање поминаа обуки за вршење контрола и надзор на супстанциите од Монтреалскиот протокол. Исто така, беа направени подготвителни чекори за шемата за доделување опрема за обновување и рециклирање за субјекти / сервиси.

Во однос на **интегрирано, одржливо и инклузивно управување со природните ресурси**, ОН, во соработка со општинските власти и претставниците на институциите членки на Националниот совет за одржлив развој, иницираа активности за градење капацитети за одржливо управување со земјиштето (ОУЗ) и одржливо стопанисување со шуми (ОСШ). Продолжи работата за изготвување на Стратегијата и Законот за заштита на почвата, вклучувајќи ја и анализата на правната и институционална рамка, ажурирањето на локалните акциски планови за животната средина, како и анализата на искористеност на земјиштето и вреднувањето на екосистемите на шумите и пасиштата за целните општини.

Беа организирани настани во пресрет на КОП28 во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање и Претседателот на државата за да се слушнат нивните ставови што ги презентираа на КОП (вклучувајќи ги министрите за животна средина, економија и здравство) и да се отвори дијалог со младинските организации за нивните очекувања од КОП28.

Во соработка со различни партнери беше постигнат значаен напредок во овозможување пристап до финансиски средства за климата. ОН го олесниja пристапот на Северна Македонија до Зелениот климатски фонд (ЗКФ) преку проекти за зајакнување на националните капацитети за отпорност на климата.

ОН соработуваа со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и со академските институции, со цел да отпочнат проект за зајакнување на македонските



Беше извршена евалуација на националниот систем за семе И беше изготвен сеопфатен сет од препораки. Фотографија: ФАО

шумски служби и нивната улога во економијата и руралниот развој. Клучните активности беа подобрување на надзорот на штетите во шумите, планови за реставрација и дискусии за регионална соработка. Клучните компоненти на поддршката од ОН подразбираа изготвување процени на политиката за штети во шумите во Северна Македонија, како и потенцијални инвестиции за повторно пошумување. Беше одобрена чадор- програмата за поддршка на изготвувањето финансиски планови за биодиверзитет (БИОФИН), од која се очекува да донесе нови алатки и инструменти што ќе го подобрат финансирањето на заштитените подрачја.

Евроазискиот рис и критично загрозениот подвид балкански рис беа наведени во прилозите (II и I, по тој редослед) на Конвенцијата за зачувување на преселните видови диви животни (CMS/Бонска конвенција), благодарение на иницијативата на повеќе земји предводена од Владата на Северна Македонија и поддржана од ОН.

Тим од независни експерти назначен од ОН, започна да работи на изготвување Физибилити студија на крајбрежниот урбанистички план за Охридскиот регион. Физибилити студијата треба да претставува основа за информирано донесување одлуки за урбанистичко планирање, како и покохерентна рамка за заштита на културното и природното наследство на Охридскиот регион со помош на иновативни дигитални алатки.

Со поддршка од ОН беа организирани регионални работилници за управување со отпад, климатски промени и политики и практики за намалување на ризикот од катастрофи засновани на Извештајот за работата во областа на животната средина (ЕПР) во Скопје за да се подобри размената на искуства помеѓу претставници од релевантните институции во регионот.

Во однос на загадувањето на воздухот, откако се намалија годишните средни нивоа на ситни честички во 2021 и 2022 година, дојде до благ пораст на честичките PM10 во 2023 година на 37,44 μg/m3, но тој број сепак остана под почетната состојба од 51,32 μg/m3 во РСОР на ОН. Овој благ пораст на нивоата од 2022 година се должи на враќање на истото темпо на живот пред ковидот, а вредноста останува под петгодишната цел од 40 μg/m3. Во осум града низ државата (Скопје, Битола, Куманово, Тетово, Кавадарци, Струмица, Гостивар и Струга) почнаа нови големи повеќегодишни иницијативи во 2023 година. За да се направи процена на изворите и на нивото на загадување на воздухот во овие градови се започна со прибирање податоци и следење на квалитетот на амбиенталниот воздух во четири годишни времиња. Исто така, беше поставена првата мерна станица за квалитет на воздухот и метеоролошка станица во Струга, општините добија основна техничка опрема, а вработените во општините и локалните инспектори поминаа обуки за следење на квалитетот на воздухот. За првпат во земјата, во десет училишта и градинки се спроведува следење на квалитетот на воздухот во затворените простории во согласност со насоките на Светската здравствена организација. Платформата за загадување на воздухот беше подобрена за да може да доставува податоци од следењето на квалитетот на воздухот во реално време.

Свеста за загадувањето на воздухот се зајакна и преку различни активности за промени во однесувањето во соработка со ГО, Здружението на новинари на Македонија и младите. Кога станува збор за младите, 980 лица беа вклучени во активности против загадување на воздухот во партнерство со Агенцијата за млади и спорт. Младинските совети во три општини осмислија детални работни планови за подобрување на квалитетот на воздухот, а во рамките на програмата Амбасадори за чист воздух беа изработени медиумски производи и беа вклучени креатори на политики.

ОН иницираа „зелена“ ревизија на наставните програми за СОО во партнерство со Центарот за стручна обука и образование и промовираа развој на зелените вештини кај учениците. Студијата на опсег на меѓусебната поврзаност



Евроазискиот рис и критично загрозениот подвид балкански рис беа наведени во прилозите (II и I, по наведениот редослед) на Конвенцијата за зачувување на преселните видови диви животни (CMS/Бонска конвенција), благодарение на иницијативата на повеќе земји предводена од Владата на Северна Македонија и поддржана од ОН. Фотографија: УНЕП/Диме Меловски

помеѓу загадувањето на воздухот и мобилноста на луѓето во Тетово овозможи докази за подобро просторно планирање и мерки за ублажување. ОН дадоа поддршка за мапирање и анализа на политиките, законодавството и стратегиите за животната средина во Северна Македонија како и за напорите за усогласување со програмата за мобилност на луѓе на Рамковната конвенција на Обединетите нации за климатски промени (УНФЦЦЦ).

Сè на сè, заедничките напори и иницијативите за градење капацитет придонесоа за подобро **управување со ризиците од катастрофи**, иако предизвиците за постигнување оптимален институционален капацитет и усогласеност со Рамката од Сендаи за намалување на ризикот од катастрофи не се разрешени. Според процените, ризикот од катастрофи се намали и се смета за низок (оценката на Индексот на ризик INFORM за Северна Македонија во 2023 година е 2,5, што е малку пониско од 2,6 – почетната состојба во РСОР на ОН). Тимот на ОН постигна одредени резултати за градење отпорност на катастрофи преку спроведување комбинирани неструктурни и структурни мерки во 2023 година. Прво, поддршката на ОН за ажурирање на студијата за јавни политики за вклучување на попреченоста во намалувањето на ризиците од катастрофи во контекстот на Република Северна Македонија (ДРР) кулминираше со клучни препораки за зајакнување на ДРР во земјоделскиот сектор. Тие подразбираат вклучување на ДРР во законските рамки, подобрување на системите за рано предупредување, оптимизирање на информациските системи, справување со ранливостите, усогласување на методологиите за процена и промовирање земјоделското осигурување. Второ, беше изготвен Националниот акционен план за здравствена безбедност 2024-2025 година, кој го зајакнува управувањето со ризици од катастрофи во здравствениот сектор во Северна Македонија.

Засилените биосигурносни мерки во јавните здравствени лаборатории овозможуваат навремени медицински интервенции и креираат побезбедни здравствени средини. Трето, поднационалниот Индекс на ризик INFORM за Југоисточна Европа, односно Албанија, Црна Гора и Северна Македонија, беше ажуриран во меѓусебна соработка помеѓу ОН, Иницијативата за превенција и подготвеност од катастрофи во Југоисточна Европа (ДППИ ЈИЕ), Дирекцијата за заштита и спасување на Северна Македонија и други партнери. Благодарение на Индексот, можно е да се утврдат областите со висок ризик, да се олесни проактивното управување со ризиците од катастрофи и да се направи распределба на ресурсите. Четврто, реставрацијата на 6 километри од реката Сатеска, вклучувајќи и автоматизиран објект/разделна градба за пренасочување на природното корито на реката, ќе ја подобри отпорноста на поплави на сливот на Дрим и ќе го заштити Охридското Езеро од таложењето на наносот. Петто, седум приоритетни свлечишта во Полошкиот регион беа стабилизирани, со што се намали ризикот за локалните заедници. За крај, 623 државни службеници од релевантните институции на централно и локално ниво добија поддршка подобро да го разберат финансирањето на ризикот, интегрирањето на родовата перспектива и техниките за спасување од поплави, а секторот хидрологија во УХМР се стекна со поголеми познавања за хидролошкото моделирање. Инвестициите за ублажување на ризиците од поплави, благодарение на управувањето со ризиците од поплави и други релевантни планови за ДРР се зголемија на 5,5 милиони американски долари.

Во однос на отпадот, во 2023 година беа исчистени два лота од поранешниот хемиски гигант ОХИС, односно беа исчистени 1.250 тони отпад од хексахлороциклохексан (HCH) и почва контаминирана со HCH. ОН го објави извештајот за регионален мониторинг на е-отпад за Западен Балкан, како и профилот за е-отпад на Северна Македонија, ги сподели статистиките за е-отпад и поттикна дискусии за неговите последици.



Во 2023 година беа исчистени два лота од поранешниот хемиски гигант ОХИС, односно беа исчистени 1.250 тони отпад од хексахлороциклохексан (HCH) и почва контаминирана со HCH. Фотографија: УНОПС

## РЕЗУЛТАТ 4

# Добро владеење

*До 2025 година, луѓето во Република Северна Македонија ќе имаат придобивки од подобрено владеење на правото; антиципативни и родово-одговорни политики; поголема социјална кохезија; и подобрена испорака на услуги од транспарентни, отчетни и одговорни институции.*

*Придонес за*

- Владеење на правото, добро владеење и антикорупција
- Промовирање на демократијата и слободата
- Европска интеграција
- Децентрализација и рамномерен регионален развој
- Модерна администрација, дигитализирани услуги
- Едно општество за сите

- Кластер 1: Фундаментални вредности (Поглавја од правото на ЕУ: 18, 23, 24, 32)
- Кластер 2: Внатрешен пазар (Поглавја од правото на ЕУ: 1, 28, 10)
- Кластер 3: Конкурентност и инклузивен раст (Поглавја од правото на ЕУ: 16, 17, 19, 25, 26)
- Кластер 4: Зелена агенда и одржлива поврзаност (Поглавја од правото на ЕУ: 15, 27)
- Кластер 5: Ресурси, земјоделство и кохезија (Поглавја од правото на ЕУ: 11, 22, 33)
- Кластер 6: Надворешни односи (Поглавја од правото на ЕУ: 30)

*Буџет на ОН за 2023 година*

**$ 11,636,683**

*Партнери за развој:*

Кабинет на Претседателот, Собрание; Кабинет на Претседателот на Владата, Кабинет на заменикот на Претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции; Кабинет на заменикот на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики на добро владеење; Министерство за правда; Министерство за одбрана; Министерство за образование и наука; Министерство за животна средина и просторно планирање; Министерство за финансии; Министерството за надворешни работи; Министерство за здравство; Министерство за информатичко општество и јавна администрација; Министерство за внатрешни работи; Министерство за култура; Министерство за труд и социјална политика; Министерство за локална самоуправа; Народна банка на Република Северна Македонија; Државна комисија за спречување на корупцијата; Агенција за млади и спорт; Заедница на единиците на локалната самоуправа; Биро за регионален развој; Царинска управа; судство; Јавно обвинителство; Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; Управа за јавни приходи; Секретаријат за европски прашања; Државен завод за ревизија; Државен завод за статистика; Народен правобранител; Комисија за спречување и заштита од дискриминација; Национална комисија за борба против трговија со луѓе и криумчарење мигранти, Национален совет за родова рамноправност; Национално координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата, Македонско здружение на млади правници; Младински образовен форум, Правен факултет „Јустинијан Први“, Ла Страда, Институт за човекови права, Институт за европска политика; Хелсиншки комитет за човекови права на Република Северна Македонија; Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство; Блупринт група; Акција Здруженска; Здружение на финансиски работници; Здружение на новинари; организации и групи на лица со попреченост; Мрежата на асоцијации на локални власти во Југоисточна Европа; Германско друштво за меѓународна соработка; Интерпол; Организација за безбедност и соработка во Европа; Град Скопје; општина Аеродром; Битола; Ѓорче Петров; Македонски Брод; Богданци; Боговиње; Центар; Чашка; Делчево; Гази Баба; Гевгелија; Гостивар; Карпош; Кавадарци; Кисела Вода; Кочани; Крива Паланка; Куманово; Македонска Каменица; Маврово-Ростуше; Новаци; Охрид; Штип; Старо Нагоричане; Струга; Струмица; Свети Николе; Тетово; Велес; Виница и други.




**Во тесна соработка со националните и меѓународните партнери, ОН ги поддржаа трансформативните промени во клучните области што се важни за пристапувањето на земјата во ЕУ и постигнувањето на ЦОР, вклучувајќи ги човековите права и пристапот до правдата, родовата еднаквост, владеењето на правото и социјалната кохезија. Фотографија: УНОПС**

Во тесна соработка со националните и меѓународните партнери, ОН ги поддржаа трансформативните промени во клучните области што се важни за пристапувањето на земјата во ЕУ и постигнувањето на ЦОР, вклучувајќи ги човековите права и пристапот до правдата, родовата еднаквост, владеењето на правото и социјалната кохезија. Беа изготвени прогресивни политики засновани на податоци во рамките на широко инклузивни и транспарентни процеси со вклучување на релевантните чинители, особено на изоставените луѓе и младите.

Како резултат на тоа, 11 национални политики и 113 закони и подзаконски акти беа донесени или ревидирани во согласност со правото на ЕУ и меѓународните стандарди.

**Законот за националната развојна стратегија (НРС) 2024-2044** година беше донесен со консензус на сите присутни пратеници во Собранието, со што се поплочи патот за усвојување на НРС. НРС беше изготвена преку двегодишни консултации со широк спектар на национални чинители и експерти и поставува долгорочна визија за одржлив,



42 претставници на централната и 277 претставници на локалната власт беа оспособени за родово-одговорно креирање политики и буџетирање. Фотографија: UN Women

инклузивен, зелен и трансформативен развој на земјата за следните дваесет години.

Формирана е управувачката структура на НРС и изготвена е првата програма за нејзино спроведување.

ОН, исто така, дадоа поддршка за изготвувањето и консултациите за два важни политички документи – **Националната стратегија за правата на лицата со попреченост за периодот 2023-2030 година**, според пристап заснован на права и инклузивна еднаквост, и новата Национална стратегија за млади 2023-2027 година, која го промовира младинскиот активизам и учеството во донесувањето одлуки во согласност со полот, возраста и попреченоста.

ОН ги поттикнаа Владата, Собранието, националните институции за човекови права и граѓанското општество да дадат придонес за **четвртиот циклус на Универзалниот периодичен преглед** на земјата. За првпат беа организирани отворени и инклузивни консултации со широк спектар на чинители, кои овозможија споделување различни гледишта и заложби за унапредување на правата на сите луѓе, при што дојде до зголемен број поднесоци кон УПП.

ОН, исто така, ја поддржаа посетата на земјата од страна на Специјалниот известувач на ОН за унапредување и заштита на човековите права и основните слободи во борбата против тероризмот. Способностите на националните партнери за вклучување и следење на другите механизми за човекови права, продолжија да се зголемуваат. По повод одбележувањето на **Денот на ОН и 75-годишнината од Универзалната декларација за човекови права**, четвртата годишна конференција на ОН ги собра на едно место Владата, граѓанското општество и меѓународните партнери, со цел да направат процена на тековната состојба и да дискутираат за можни решенија на предизвици какви што се дискриминацијата, дезинформациите, лажните вести и говорот на омраза, кои ја поткопуваат еднаквоста и човековите права.

Во прифатните центри и во Центарот за баратели на азил **733 лица добија правно советување и застапување**. Беше изготвен Водич за бесплатна правна помош финансирана од државата во постапките за азил и беа спроведени два основни модули на обука за судии, обвинители и адвокати на тема меѓународна заштита на бегалците. Пет локални мобилни тимови стапија во контакт со **562 ранливи лица изложени на ризик** од трговија со луѓе и придонесоа за идентификација и помош на четири жртви и 39 потенцијални жртви, главно жени и девојчиња. Во Извештајот за остварување на ЦОР во Северна Македонија (SDG Insights Report) се прикажани трендовите поврзани со ЦОР за земјата, тековните приоритети, како и меѓусебната поврзаност помеѓу различните цели на агендата на ОН.

**Зајакнувањето на жените и родовата еднаквост** котираа високо на агендата на ОН. Беше донесен Националниот акциски план за родова еднаквост 2022-2024 година, како и Профилот на родова еднаквост во земјата и Платформата за родови статистики, која содржи податоци и анализи поделени по пол. 50 административни службеници ги зајакнаа своите капацитети за интегрирање на родовата перспектива во документи со политики што се релевантни за ЕУ во неколку конкретни секторски области. 42 претставници на централната и 277 претставници на локалната власт беа оспособени за родово-одговорно креирање политики и буџетирање. Во Гостивар беше отворено уште едно советувалиште за жртви на РБН, а локалните полициски службеници беа обучени. Интегрирањето на родовата перспектива се зајакна во ревизорските практики, кои се фокусираат на вклучување на жените од руралните средини на пазарот на трудот и децентрализацијата.

Во областа на правосудството се овозможи посилна **заштита на децата во судир или во допир со законот**. Продолжија напорите за реформа на правдата за децата, при што ОН дадоа поддршка за нов двегодишен Акциски план за спроведување на Стратегијата за превенција и заштита на децата од насилство 2020-2025 година. Предлог-законот за правда за децата и неговата анализа на трошоци беа ставени на расправа во Собранието. 69 стручни лица, вклучувајќи судии, обвинители и просветни работници, го надградија своето знаење за пристап приемчив за децата и пристап што е воден од доживеана траума, а 100 стручни лица поминаа обуки за реинтеграција, рехабилитација и ресоцијализација на овие ранливи деца. Беше извршена сеопфатна процена на националната правна рамка и на капацитетите за еколошка правда, со посебен осврт на правата на ранливите групи и утврдените приоритети, кои беа интегрирани во НРС.

**Кривично-правниот одговор на организираниот криминал и корупцијата се зајакна** благодарение на поусогласеното кривично законодавство и судските практики, подобрената меѓуинституционална, регионална и меѓународна соработка, градењето капацитети и размената на искуства. 340 стручни лица се стекнаа со специјализирани вештини што се потребни за истрага, гонење и судење сериозни кривични дела, вклучувајќи и онлајн родово-базирано насилство, дигитални сексуални злосторства, трговија со луѓе, криумчарење мигранти, перење пари, финансирање тероризам, гранична

контрола, незаконско поседување огнено оружје, притоа земајќи ги предвид правата и достоинството на жртвите. Новите СОП ги подобрија регистрацијата, профилирањето и упатувањето на границите.

Во знак на придонес за **антикорупциските иницијативи** на земјата, ОН помогнаа во изготвувањето на првата Антикорупциска програма (2024-2025) за јавни претпријатија и трговските друштва. Повеќе од 400 државни и јавни службеници ги зајакнаа своите капацитети за надзор, спречување на корупцијата, интегрирање на родовата перспектива и сајбербезбедност. Новинарите беа сензибилизирани за родовите дезинформации и беше изготвен Водич за интегритет на медиумите.

Во соработка со други меѓународни партнери, ОН продолжија да ги **поддржуваат капацитетите на Секретаријатот за европски прашања (СЕП) и ја дигитализираа клучната алатка во знак на поддршка за пристапните преговори во ЕУ** - Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА). Македонското законодавство е петпати поголемо во 2023 година во споредба со 2018 година. ОН придонесоа за изработка на 16 закони или измени на закони и 87 правилници или подзаконски акти. Беше дадена методолошка поддршка за двата патоказа за отворање на првиот кластер – Патоказ за владеење на правото, кој ги содржи приоритетите за постигнување целосна усогласеност во поглавјата 23 и 24 и Патоказот за реформа на јавната администрација. Фискалната ефикасност и контролата на јавните финансии за добра и услуги се подобри благодарение на зголемените познавања на 84 претставници од Министерството за финансии, Управата за јавни приходи и Државниот завод за ревизија.

**144 национални чинители го зголемија своето знаење за прогресивните политики засновани на докази и податоци**. Беше направено повторно пресметување на проценките на вкупното население помеѓу последните два пописа, при што се овозможија информации за демографските промени и социо-економското влијание за следните 50 години. Беше направено повторно пресметување на проценките на вкупното население пред да се пресметаат проекциите за населението. Исто така, беше направено повторно пресметување на главните статистички показатели, како што е БДП по глава на жител, показателите засновани на Анкетата за работна сила и показателите за ЦОР. Беше изготвена Стратегијата за демографски политики за 2024-2044 година и беше пилотиран првиот модул за миграција во Анкетата за работна сила, при што се постави основа за демографски проекции. Приближно 170 претставници на националните партнери се запознаа со придобивките од користењето на дознаките и големите податоци како сеопфатен и иновативен извор на податоци. Околу 200 претставници на владини и невладини партнери поминаа обуки за користење на овие иновативни методи. Користењето на податоци за децата во допир со законот и децата жртви се зголеми во правосудните институции.

ОН продолжија да ја поддржуваат **децентрализацијата** со подобрување на правното опкружување, дигиталните услуги и учеството на граѓаните. Како резултат на тоа, препораките на ЕУ за подобрување на нормативната и на финансиската рамка за локалните заедници беа интегрирани во Акцискиот план за спроведување на програмата за одржлив локален развој и децентрализација за 2024-2026 година. Методолошките насоки за подготовка на Интегриран локален развоен план беа усогласени со начелата на Зелениот договор на ЕУ, кој ја нагласува родовата чувствителност и интегрираното стратешко планирање. Беше дадена поддршка за **дигиталната трансформација** со изготвување на процена на дигитална подготвеност и Процената на дигиталниот јаз, која овозможи информации за моменталната состојба на подготвеност на институциите и приоритетните области за интервенција или инвестирање. Пет други општини (вкупно 24) воспоставија меѓуопштинска соработка за да им понудат дигитални услуги на повеќе од 470.000 луѓе. Учеството на граѓаните се зголеми во десет општини, каде што повеќе од **2.600 граѓани се вклучија** во 40 форуми во заедницата. Исто така, три нови општини ги институционализираа форумите во заедницата во рамките на нивните статути. 1.150 советници и други чинители имаа пристап до платформата за учење на далечина. Освен претходните 34 општини, 10 дополнителни општини ја зголемија транспарентноста и отчетноста со помош на ИТ-алатки. Капацитетите на 36 ГО за надзор на локалната власт и спроведување проекти беа зајакнати.

Во соработка со локалните заедници, младите и локалните граѓански организации (grassroot organizations), ОН придонесоа за зајакнување на социјалната кохезија и позитивните наративи. Четири општински младински совети добија поддршка, а преку десет локални иницијативи се поттикна младинското учество и конструктивните наративи. 1.500 жени беа поттикнати активно да се вклучат во донесувањето одлуки на основно, грасрут ниво. ОН имаше тесна соработка со осум локални власти и ГО на 30 проекти за ранливи групи што го промовираат учество на жените во руралниот туризам, дигитализацијата, како и вклучувањето на младите во заштитата на животната средина. ОН соработуваше со пет ГО за унапредување на меѓуетничкиот дијалог и решавање конфликти. Исто така, ОН дадоа поддршка за разни младински иницијативи против насилството сајбернасилството, дезинформациите, погрешните информации и говорот на омраза. Овие иницијативи се спроведуваа во училиштата, на социјалните мрежи, на настанот „Децата го преземаат Собранието“ и на други локални платформи. Беа промовирани позитивни наративи за бегалците, за лицата без државјанство и за други ранливи лица преку статии на млади новинари и реномирани креативци што ги менуваат ставовите на јавноста за нивно вклучување во општеството.




Десет други општини (вкупно 24) сега имаат меѓуопштинска соработка со цел да им понудат дигитални услуги на повеќе од 470.000 луѓе. Фотографија: УНДП

# Финансирање и партнерства за ЦОР

ОН спроведоа неколку интервенции за зајакнување на финансирањето на ЦОР во 2023 година и од јавни и од приватни ресурси, а ги зајакнаа и партнерствата со различни чинители.

Во однос на **финансирањето на ЦОР**, заложбите на ОН во 2023 година беа сосредоточени на: i) оптимизирање на распределбата на јавните финансии за ЦОР, преку интегрирање на ЦОР во буџетирањето и зајакнување на буџетската транспарентност, ii) воведување иновативни финансиски механизми за искористување на приватните финансии; и iii) зголемување на транспарентноста на приватните парични текови и намалување на даночното затајување.

Заради понатамошно усогласување на **распределбата на јавните финансии за ЦОР од страна на државата** започнаа дискусии за интегрирана рамка за финансирање на дваесетгодишната Национална развојна стратегија со експерти и креатори на политики во процесот на изготвување на НРС. Интегрираната рамка за финансирање на НРС треба да даде насоки за методите на финансирање со цел оптимална реализација на НРС, вклучувајќи и преку наменска употреба на иновативни извори на финансирање. Исто така, системските институционални мерки за интегрирање на финансирањето за ЦОР 5 или родово-одговорното буџетирање добија поддршка од ОН. Донесени се подзаконските акти за формирање прв Ресурсен центар за родово-одговорно креирање политики и буџетирање како посебна организациска единица во рамките на Министерството за труд и социјална политика. Воедно, при Реформата на управување со јавните финансии, Министерството за финансии изготви подзаконски акт за систематска примена на родово-одговорно буџетирање во државниот буџет, а 13 ресорни министерства и осум државни агенции изработија секторски програми.

Капацитетите на Државниот завод за ревизија за ЦОР, за ревизиите на успешност и за родовата ревизија беа зајакнати. Како резултат на тоа, во земјата беше направена првата ревизија на ЦОР. Државниот завод за ревизија во партнерство со ОН направи конкретна темелна родова ревизија за ЦОР 5, со тематски фокус на вклучувањето на жените од руралните средини на пазарот на трудот, компонента на таргетот 5.4 на ЦОР и клучно прашање во регионот. Освен тоа, ОН ги поддржа активностите за градење капацитети на Државниот завод за ревизија за ревизорски практики, ревизии на успешност и ревизија на ЦОР. ОН, исто така, овозможија донесување на Стратегијата за пресметковно сметководство и Акцискиот план (2023-2027 година) и градење на нејзините обемни капацитети.

Стратегијата за пресметковно сметководство обезбедува сеопфатен патоказ за транзиција кон меѓународните сметководствени пресметковни стандарди, зголемена финансиска транспарентност, ефикасност и отчетност во управувањето со буџетот. Овие активности се клучни за овозможување ефективен надзор врз јавната потрошувачка и зајакнување на отчетноста на институциите за остварување на ЦОР.

ОН ѝ дадоа поддршка на земјата преку неколку иницијативи за подобрување на квалитетот и на транспарентноста на финансирањето за општините, како и на родовата одговорност. Прво, Министерството за финансии доби поддршка од ОН при изготвување на подобрените критериуми за распределба на дотациите од централните во локалните буџети (блок и капитални дотации) и редовните извештаи за фискална децентрализација. Целта на предложените критериуми е да се подобри транспарентната и ефикасната распределба на средствата за општините и да се зајакне програмското буџетирање за наменско финансирање на приоритетите за локалниот развој. Покрај тоа, службениците и вработените во општините, вклучувајќи ги и градоначалниците, поминаа обуки за ефективно управување со јавните финансии, стандарди за транспарентност и отчетност, планирање и реализација на буџетот. Второ, во 2023 година, десет нови општини (вкупно 56 од 81) почнаа да известуваат преку електронска табла (e-dashboard) за објавување на финансиските извештаи за реализација на буџетот – алатка за транспарентност на ОН, којашто е достапна преку веб-страницата на Министерството за финансии. Трето, родово-одговорните иницијативи беа интегрирани во општинските буџети преку донесување релевантни стратешки документи во седум општини и изработка на 89 општински секторски програми.

За да го зголемат обемот на паричните текови што се на располагање за ЦОР, ОН, исто така, дадоа поддршка за мерките за **намалување на даночното затајување,** со посебен акцент на намалувањето на готовинските плаќања и неформалната економија, како и подобрени трансферни цени. Стратешкиот план за минимизирање на готовинските плаќања, кој промовира дигитални и транспарентни начини на плаќање, доби поддршка од ОН. ОН, исто така, работат на зајакнување на капацитетите на Министерството за финансии за следење и детектирање на неформалната економија (вклучувајќи и мерење на неформалната економија) и зајакнување на механизмите за контрола. Беше подигната свеста на јавноста за неформалната економија преку веб-страницата www.vnesiboja.mk. Управата за јавни приходи доби поддршка за објавување на своите први извештаи за трансферни цени за три меѓународни компании. Министерството за финансии со поддршка од ОН изготви нов Нацрт-закон за автоматска размена на информации за даночни цели.

Во однос на **партнерствата**, ОН продолжија со вклучување широк спектар на групи чинители, со конкретни иницијативи за понатамошно зајакнување на партнерствата со младите и приватниот сектор. Кога станува збор за поголемо вклучување на младите од страна на Владата, ОН дадоа поддршка за изготвувањето и донесувањето на Националната стратегија за млади 2023-2027 година. Повеќе од 1.000 млади и млади чинители од целата земја учествуваа во изготвувањето на Стратегијата. Беше воспоставена младинска група за внатрешна координација на УНКТ и беше донесена одлука за формирање младинска консултативна група на ОН за систематско советување на младите од страна на УНКТ. Двете групи треба да овозможат поголемо и системско вклучување на ОН Северна Македонија во интеграцијата на младите и реализацијата на Стратегијата за млади 2030 на ОН. Воедно, беа воспоставени нови партнерства со приватниот сектор, вклучувајќи и компании од фармацевтскиот, градежниот и од банкарскиот сектор. Исто така, ОН организираа редовни годишни консултации за РСОР на ОН со релевантните владини, граѓански организации и меѓународни партнери (Годишна работилница за чинителите во заедничкиот работен план на ОН), на која се дискутираше и среднорочниот преглед на РСОР на ОН 2021-2025 година.



Во однос на искористувањето на финансирањето за ЦОР преку иновативни методи, во 2023 година Инструментот за зелено финансирање (ИЗФ) почна да дава кредити на МСП преку неколку банки и лизинг-компанија. ИЗФ е финансиски инструмент што дава комбинирано финансирање од Владата, МФИ, приватните финансиски институции и од меѓународните партнери со помош на глобален мултипартнерски доверителен фонд што има за цел да го забрза остварувањето на шест ЦОР (ЦОР 5, 7, 10, 11 и 13).Фотографија: УНДП

# Кохерентност, ефективност и ефикасност на ОН

**Преку партнерство со националните и меѓународните партнери, во 2023 година, ОН во Северна Македонија продолжија со спроведување на реформата на системот за развој на ОН, која е фокусирана на постигнување поголема кохерентност, ефективност и ефикасност во нејзината работа во земјата, благодарение на координираното заедничко планирање, следење и известување.**

## Програмска усогласеност и кохерентност

Главните инструменти за кохерентно операционализирање на РСОР се Заедничките работни планови (ЗРП) засновани на резултати, кои ги утврдуваат заедничките заложби на ОН кон остварување заеднички меѓуагенциски резултати и цели. Третиот годишен план за Северна Македонија беше изготвен преку веќе воспоставената практика на одржување консултации со националните и меѓународните партнери и беше разгледан во текот на годината.

Исто така, УНКТ спроведе среднорочен преглед на спроведувањето на РСОР, како и процена на показателите, според која, и покрај силното влијание од последователните кризи и немањето пристап до квалитетни податоци, РСОР останува релевантна, а нејзиното спроведување треба да продолжи со само неколку потенцијални усогласувања и без менување на резултатите. Покрај тоа, во првата половина од годината, УНКТ го достави извештајот за 2022 година за 28 глобални показатели од рамката за мерење на придонесот на ОН за остварувањето на ЦОР, што значи дека Северна Македонија беше една од првите 20 земји кои ја усвоија рамката, а нејзините достигнувања беа претставени на Економскиот и социјален совет (ЕКОСОЦ) 2023 година.

Постојаните напори за изготвување заеднички програми на повеќе агенции на ОН продолжија преку шест заеднички програми што се спроведуваа во 2023 година за зелени финансии, зелено претприемништво, млади и социјална кохезија во регионот, миграциска политика, зајакнување на лицата со попреченост и мерки за одговор на кризи. Иако поддршката за формулирање на консултативна и прогресивна Национална развојна стратегија 2024-2044 не беше спорведена како заеднички проект, , се покажа дека кога станува збор за најважните развојни аспекти на земјата, постои голема и кохерентна соработка помеѓу организациите на ОН.

## Транспарентност и отчетност

Писмената верзија од ЗРП и табелата со сите оперативни детали беа споделени со партнерите и објавени




*УН-ИНФО содржи информации во реално време за активностите на ОН во Северна Македонија на www.uninfo.org/location/19/unct-overview*

на веб-страницата на ОН, што доведе до поголема транспарентност на работата на ОН и зајакната координација со партнерите. Исто така, ОН ги изготвија и ги објавија клучните контекстуални промени и случувања што служат како насоки за заедничките работни планови на ОН и како ресурс за креирање национални политики (Ажурирање на Заедничката анализа на состојбата во земјата за 2023 година).

Во рамки на ЗРП, за 2023 продолжи редовното собирање и вклучување на информациите за рамката за финансирање – кои се клучни за отчетноста и транспарентноста на ОН, затоа што обезбедуваат единствен извор и преглед на ситуацијата со финансирањето на РСОР и потребните, расположливите и проектираните финансиски средства, вклучувајќи го износот, изворот, времетраењето и редоследот. Беа вложени значителни напори за обезбедување квалитетни финансиските податоци, вкрстена проверка и проверка во рамките на ОН и од страна на сите донатори.

Информации за работата, активностите и за постигнатите резултати редовно се објавваат на веб-страницата на ОН (https://northmacedonia.un.org) и на социјалните мрежи, како и во Билтенот за одржлив развој на ОН, квартален билтен што им се испраќа на повеќе од 2.500 партнери.

Освен тоа, ОН во Северна Македонија, исто така, ја промовираа UN-INFO, клучна дигитална платформа на УНКТ за онлајн планирање, следење и известување за рамките и стратегиите за заеднички резултати и другите алатки за оперативна координација. UN Info се смета за едношалтерски шалтер за сите информации за работата на ОН во земјата што се достапни на главната веб-страница за земјата.

## Заедничко управување и координација

Внатрешната управувачка структура на РСОР продолжи да ја подобрува кохерентноста и усогласеноста на работата на ОН и да постигнува резултати во согласност со своите надлежности, да ја спроведува реформата на системот за развој на ОН во земјава и да дава поддршка за глобалните процеси, како што е Самитот на ЦОР 2023 година. Во март 2023 година, Заедничкиот управувачки комитет (ЗУК) даде стратешки насоки и го донесе ЗРП за 2023 година. Потоа следуваше постојана и редовна билатерална и мултилатерална интеракција и координација помеѓу ООН, партнерските министерства и другите институции.

Четири групи за резултати од РСОР (ГР) со технички претставници на телата продолжија активно да ги планираат и да ги следат резултатите од РСОР и овозможија техничка координација, кохерентност, релевантност и ефективност во соработката со чинителите.

Составен од искусен програмски кадар, Тимот за управување со програми (ТУП) овозможи внатрешен




По повод одбележување на Денот на ОН и 75-годишнината од Универзалната декларација за човекови права, четвртата годишна конференција на ОН ги собра на едно место Владата, граѓанското општество и меѓународните партнери со цел да направат проценка на тековната состојба и да продискутираат за можни решенија на предизвици како дискриминацијата, дезинформациите, лажните вести и говорот на омраза, кои ја подриваат еднаквоста и човековите права. Фотографија: ОН КПК.

механизам за контрола на квалитет при спроведувањето и следењето на РСОР и на УНКТ му обезбеди квалитетни повратни информации за спроведувањето на РСОР, како и совети за можностите и предизвиците во согласност со промените во локалниот и регионалниот контекст. Групата за комуникации; Групата за следење, оценка и учење и други внатрешни тематски групи ги зајакнаа овие совети и дадоа можности за учење, развој и заеднички заложби во текот на годината, вклучувајќи и преку консултациите и извештајот за Универзална периодична проценка (за човекви права) како и Документот за мерење на родовата еднаквост SWAP (SWAP Gender Equality Score card).

Како главен механизам на ОН во земјата за меѓуагенциска координација и донесување одлуки, УНКТ, предводен од ПК, претставуваше стожер за усогласување на активностите на ОН во земјата. УНКТ изготви стратешки и оперативни насоки за развој во Северна Македонија, без оглед дали организациите физички беа присутни во земјата или не. Лидерската улога на ПК на ОН се зајакна преку активна поддршка за реформата на системот за развој на ОН од страна на Владата на Северна Македонија како и преку политичка поддршка и глобално финансирање од донаторите од 2019 година наваму, вклучувајќи и преку Фондот за специјални намени на ОН.

## Заедничко застапување

Заложбите за поголеми комуникациски резултати се фокусираа на проширување на активностите за заедничко застапување и јавно информирање во рамките на семејството на ОН, како и во соработка со клучните партнери за развој. Во 2023 година беа организирани многу повеќе иницијативи за заедничко застапување, покрај редовните кампањи како што е кампањата „16 дена активизам против родово-базираното насилство".

Беа воспоставени подобри механизми за координација за време на состаноците на Групата за комуникации на ОН (ГК на ОН) секој месец и за време на состаноците на ГК на ОН секои три месеци со офицерите за комуникација од партнерите.

За понатамошно зајакнување на соработката и координацијата со Делегацијата на ЕУ беше организиран заеднички регионален комуникациски настан во Скопје, во кој беа вклучени и офицерите за комуникација од делегациите на ОН и на ЕУ од Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и од Србија.

За да ја зголемат видливоста на ОН и да ја доближат својата работа до луѓето, ОН продолжија да објавуваат вести на главната веб-страница за земјата (https://northmacedonia.un.org), на социјалните мрежи и на онлајн Билтенот за одржлив развој, кој им се испраќа на повеќе од 2.500 претплатници.

Комуникацијата со јавноста особено се зајакна за време на одбележувањето на Денот на ОН, во чии рамки годинава се одржа Годишната конференција на ОН фокусирана на човековите права, а имаше и изложба на детски цртежи и свечен прием посветен на човековите права (по повод 75-годишнината од Конвенцијата за човекови права).

Обединетите нации во Северна Македонија постигнаа значителен напредок во зајакнување на своето присуство и информирање на социјалните мрежи во 2023 година, а бројот на корисници на Фејсбук и на Твитер секоја година се зголемува над 8 отсто.

## Ефикасност

Тимот за оперативно управување со работењето (ТОУР) се состои од претставници на ООН кои имаат физичко присуство во земјата и е задолжен за спроведување на глобалната Агенда за ефикасност на ОН со посебен осврт на Стратегијата за деловно работење (СДР) 2,0, која според проценките ќе заштеди 1,3 милиони долари преку елиминирање на трансакциските трошоци, ќе им заштеди време на вработените и ќе овозможи користење економии на обем во текот на петгодишниот период.

Во 2023 година, ТОУР ги спроведе следниве иницијативи: ги разгледа резултатите од проценката на пристапност со цел подобро организирање настани; дискутираше за надоместоците за толкувачи на знаковен јазик, со цел организирање повеќе инклузивни настани; ги разгледа можностите за заедничка набавка на опрема за евакуација со цел поголема пристапност во објектите.

Зголеменото присуство на состаноците на ТОУР доведе до подобра координација и поголема ефикасност во извршувањето на задачите, какви што се: утврдување на дневниците за службени патувања во странство, евалуација на заедничките простории, анализа на родовиот паритет и подобро управување со процесите на набавки.

Флексибилните услови за работа од далечина продолжија, заедно со транзиција во канцелариите. На крајот од 2023 година, ОН во Северна Македонија се состоеше од 283 вработени од земјата и пошироко – 57 % жени и 43 % мажи.

# Евалуација и научени лекции

## Среднорочен преглед на РСОР на ОН (СРП)

Во периодот од крајот на април – крајот на јуни 2023 година, управувачките структури на РСОР: ТОУП, четирите групи за резултати и групата за управување, евалуација и учење, со поддршка од тимот на КПК, извршија среднорочна самоевалуација на спроведувањето на РСОР на ОН за периодот 2021-2025 година.

Заклучоци:

РСОР 2021-2025 беше изготвена на почетокот од пандемијата на КОВИД-19 и во голема мера се спроведуваше во контекст на меѓусебно поврзани глобални и регионални кризи што имаа сериозно влијание врз постојаниот развој на земјата до 2020 година и врз некои од областите во рамките на резултатите на РСОР.

Со оглед на огромниот недостиг на податоци и влијанијата од надворешни фактори, како на пример, работната сила во контекст на сè поголемото иселување, проценката на показатели само дава начелна слика за состојбите во земјата и поставува добра основа за дискусија и понатамошно планирање.

Со оглед на тоа што беа обезбедени 124 милиони долари од потребните 178 милиони долари на крајот од 2022 година, мобилизацијата на средства за РСОР е задоволителна и голема е веројатноста дека повеќе од 90 % од потребните средства за петгодишната РСОР ќе се мобилизираат до 2025 година. Понатамошните напори за мобилизација на средства би биле потребни за исполнување на Резултатите 2 и 3. Во однос на квалитетот на финансирањето, благодарение на зголеменото кофинансирање од Владата на РСМ и финансирањето од Мултипартнерскиот доверителен фонд, имаше повеќе извори на финансии.

Општо земено, постигнат е позитивен напредок во сите области во рамките на четирите резултати, но со различно темпо. Поконкретно:

Инклузивна благосостојба – очекуваните резултати веројатно ќе се исполнат, дури и кога животниот стандард е послаб поради економската криза, постојната инфлација и неизвесноста поради војната во Украина.

Квалитетни услуги за сите – очекуваните резултати веројатно делумно ќе се исполнат, затоа што во таа област имаше значителни последици од меѓусебно поврзаните кризи.

Здрава животна средина – очекуваните резултати делумно ќе се постигнат и покрај неповолниот контекст/променливата средина поради кризите.

Добро владеење – очекуваните резултати веројатно ќе се постигнат, а за неколку подрезултати ќе биде потребно дополнително време. И покрај почетокот на скрининг-процесот на ЕУ, претходните одложувања и отстапки што се очекуваа од земјата во процесот на интеграција со ЕУ ја зголемија политичката поларизација и ја намалија поддршката од јавноста за пристапување во ЕУ.

## Научени лекции

РСОР е важечка и релевантна, а нејзиното спроведување треба да продолжи со само неколку можни подобрувања и без менување на резултатите:

- Би можеле да се сменат описите на некои резултати, доколку групите за резултати сметаат дека тоа ќе биде корисно за заедничкото планирање на работата за преостанатите две години. Резултатот 4.5 да се спои со 4.1.

- Може да се додадат неколку дополнителни показатели за резултати за областите во кои нема мерливи показатели да се даде јасна насока за остварувањето на РСОР.

- Заедничкиот управувачки комитет треба да биде информиран за резултатите од СРП, а овие теми треба да се дискутираат и со националните чинители за време на октомвриските состаноци за ЗРП/Годишниот преглед на работењето (ГПР) во 2024 година за да се утврдат областите каде што би можело заеднички да се работи за побрзо да се остварат резултатите.




Заклучоци од Среднорочниот преглед на РСОР на ОН

# Финансии и мобилизација на средства

## Финансиски преглед

Во 2023 година, 32,4 милиони долари беа ставени на располагање на ОН во Северна Македонија, а беа потрошени 30,5 милиони долари, што значи дека стапката на реализација изнесува 94 %. Во однос на резултатите од РСОР, најмногу средства беа потрошени во областите Добро владеење (потрошени 11,6 милиони долари) и Здрава животна средина (9,5 милиони долари), а потоа следуваа Инклузивен просперитет (6,0 милиони долари) и Квалитетни услуги за сите (3,3 милиони долари).

ОН успешно мобилизираа 72 % од потребните (буџетирани) средства за третата година од РСОР и овозможија непречено спроведување во согласност со првичните планови на почетокот од годината. Во 2023 година, финансирањето за активностите на ОН за Северна Македонија потекнуваше од 32 извора.

Најголем дел од расположливото финансирање беше добиено во облик на финансирање индивидуални проекти и програми (46 %), а потоа следуваа здружените фондови (17 %), владиното финансирање 17 %) и основните финансиски средства (16 %), тематските (2 %) и вертикалните фондови (2 %).

Десетте најголеми извори на неосновни/нетематски извори на финансирање врз основа на реализираните трошоци за работата на ОН во Северна Македонија во 2023 година беа Северна Македонија, Европската Унија, Швајцарија, Шведска, Заедничкиот фонд за ЦОР, Обединетото Кралство, Соединетите Американски Држави, Мултипартнерскиот доверителен фонд за имплементација на Патоказот за контрола на мало и лесно оружје на Западен Балкан, Мултипартнерскиот доверителен фонд за миграција и Норвешка.

### Вкупно потребни средства, расположливи средства и расходи во 2023

*Податоци заклучно со 9 март 2024, за 1 јануари – 31 декември 2023, во милиони американски долари $*







### 2023 expenditures per funding source

*Data as of 9 March 2024, for 1 January – 31 December 2023, in million US$*




Source: UN North Macedonia 2024. Available funding and expenditures are based on UN entities; financial system or financial statements information as at 9 March 2024. In view of later cycle of financial reporting ending in March, UNHCR expenditures for 2023 are accounted for as of November 2023.

# Мобилизација на средства

Стратегијата за мобилизација на средства и партнерства за РСОР на ОН (СМРП) ги утврдува целите на тимот на ОН за заедничка мобилизација на средства и партнерства, како и главните активности и методи за обезбедување покохерентен, рационализиран и транспарентен пристап. За мобилизација на средствата се утврдени четири квантитативни цели и два пристапа. Во продолжение е даден годишен приказ за постигнувањето на целите од РСОР на ОН 2021 – 2025 година на крајот од тригодишниот период на спроведување на РСОР на ОН.

ОН во Северна Македонија во голема мера постигнуваат добри резултати во мобилизирањето финансиски средства за планираните резултати во рамките на РСОР на ОН 2021-2025 година (Цел 1 на СМРП). На крајот од 2023 година, 150,3 милиони американски долари беа обезбедени за активностите планирани за петгодишниот период, односно 84 % од вкупно потребните 178,2 милиони американски долари за постигнување на резултатите. На годишно ниво, 72 % од потребните ресурси за 2023 година беа мобилизирани и ставени на располагање, а 58 % од потребните ресурси за 2024 година беа мобилизирани пред почетокот на годината. За време на петгодишното спроведување на РСОР потребно е да се мобилизира недостигот на финансиски средства во износ од 27,9 милиони или 16 % од вкупното потребно финансирање.

Во однос на квалитетот на финансирањето / комбинираното финансирање, најголемиот дел од добиеното финансирање досега е во форма на неосновни ресурси (133,3 милиони долари, 89 %). Од неосновните извори на финансирање, најголем дел од придонесите доаѓаат од финансирање индивидуални проекти и програми (54 %), а потоа следуваат владиното финансирање (16 %), здружените фондови (9 %), вертикалните фондови (6 %), тематските фондови (4 %) и симболичните средства од

приватниот сектор (помалку од 1 %). ОН веќе успеаја да го зголемат владиното кофинансирање и финансирањето од здружените и од вертикалните фондови и да ја намалат потребата од наменско финансирање проекти и програми, што доведе до подобро комбинирано финансирање. Десетте главни неосновни извори на финансирање за периодот 2021-2025 година на крајот од 2023 година се Европската Унија, Северна Македонија, Швајцарија, Шведска, Заедничкиот фонд за ЦОР, Обединетото Кралство, Глобалниот еколошки фонд, САД, Норвешка и Фондот за адаптација.

ОН во Северна Македонија продолжија посветено да работат на зголемување на заедничкото (повеќеагенциско) програмирање. Со 7 заеднички програми досега што се финансирани во рамките на РСОР на ОН 2021-2025 година, ОН веќе ја остварија кумулативната петгодишна цел во рамките на Целта 3 на СМРП. Во однос на новите концепти за 2023 година, беа изготвени четири заеднички програмски концепти (два концепта поврзани со човековата безбедност, еден со мирот и човековите права/младите и еден со подготвеноста и одговорот за време на пандемии), со што бројот на заеднички описи на програми за 2021-2025 се зголеми на 13. Ниедна нова заедничка програма не доби финансирање и не започна во 2023 година. Тоа значи дека имаше помалку финансии за заеднички програми, особено затоа што имаше значително помал број повици од мултипартнерските доверителни фондови. Од шесте заеднички спроведени програми, две беа програми наменети за млади, со 0,48 милиони американски долари искористени за младите во 2023 година. Се овозможува интегрирање на родот и на попреченоста во заедничките програми и се дава значителен придонес за овие теми.

**2021-2025 РСОР - вкупно потребни и расположливи средства**

*Податоци заклучно со 9 март 2024, за 1 јануари 2021 – 31 декември 2025, во милиони американски долари $*




**2021-2025 Мобилизирани средства по начини и извори на финансирање**

*Податоци заклучно со 9 март 2024, за 1 јануари – 31 декември 2023, во милиони американски долари $*




Source: UN North Macedonia, 2024; available funding and expenditures are based on UN entities' financial systems or financial statements information as of 9 March 2024

# ОН во Северна Македонија во 2024 година

Во 2024 година, ОН во Северна Македонија ќе работи во согласност со Заедничките работни планови изготвени во соработка со националните и меѓународните партнери. Во сите четири резултати, интервенциите на ОН ќе бидат тесно поврзани со една или со повеќе од шесте транзициски области, со посебен акцент на начелото „Никој да не биде изоставен“ како основа за работата на ОН.

За да ја зголемат инклузивната благосостојба, ОН ќе продолжат да ѝ помагаат на Владата да создаде работни места и да ја намали невработеноста преку зајакнување на модернизацијата, отпорноста и конкурентноста на микро, малите и средните претпријатија, вклучувајќи и во културниот и креативниот сектор и во согласност со праведната транзиција и циркуларната економија. Како предуслов, ОН ќе ги зајакнат вештините и вработливоста на ранливите групи, какви што се младите и тешко вработливите луѓе, со акцент на жените преку спроведување на Гаранцијата за млади, активните мерки за вработување, моделите за доживотно учење и социјалните реформи за лицата со попреченост. Родово-одговорното и прогресивно деловно опкружување, прописите и услугите ќе се зајакнат во согласност со меѓународните стандарди и стандардите на ЕУ и ќе се фаворизира зелениот раст, безбедноста и здравјето при работа и идната побарувачка на пазарот, а притоа ќе се разгледаат и алтернативни модели за трансформативно вработување. Имајќи го предвид сеприсутното иселување, ОН ќе продолжат да ги поддржуваат иницијативите за продуктивно вклучување на дијаспората во земјата. Ќе продолжи работата на управување со здравјето на животните и консолидација на земјиштето, а воедно ќе се интегрира и родовата перспектива во политиките за земјоделство и рурален развој, вклучувајќи ја и националната стратегија за дигитална трансформација на земјоделскиот сектор.

За да се справат со намалувањето на човечкиот капитал, ОН ќе дадат поддршка за активности во областите на здравството, образованието и социјалната заштита. Поконкретно, ОН ќе работат на овозможување здравствена рамноправност, ќе вклучат теми за здравје во образованието и ќе дадат поддршка за изготвување на здравствените политики, како и за реформите во примарната здравствена заштита, националната стратегија за работната сила, програмите за постари лица, здравјето на мајките и на новороденчињата. Наставните програми за основните училишта и прописите за средните училишта ќе бидат подобрени, а учениците ќе бидат сензибилизирани за родово-базираното насилство, сексуалното и репродуктивното здравје и попреченостите. Ќе се зајакнат дигиталната писменост и производите за дигитално учење, а воедно ќе се подобри и онлајн заштитата на децата, социјалната кохезија и вклучувањето на заедницата во училиштата. Наставниците и училишниот кадар во (пред)училишното образование ќе добијат обуки за менталната благосостојба, давањето поддршка на бегалци, баратели на азил и ранливи мигранти. Со помош на ОН, во 2024 година ќе се спроведуваат активности што ги земаат предвид ризиците при справување со кризни состојби, а воедно и целосно ќе се спроведува системот за функционална проценка на деца и млади заснован на Меѓународна класификација за функционалност (МКФ. Исто така, ќе се зајакне системот за згрижување деца, вклучувајќи ги згрижувачките семејства и роднинското згрижување и понатму ќе се операционализира Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, при што ќе се зајакнат капацитетите за мултисекторски одговор на сите видови насилство.

ОН ќе продолжат да даваат поддршка за изготвувањето политики и следењето на климатските промени; да овозможуваат пристап до финансиски средства за премин кон обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност; да ја зајакнуваат мултисекторската отпорност и да ги вклучуваат климатските промени во националните образовни политики и наставни програми. Ќе се зајакне управувањето со природните ресурси преку полесен пристап до финансиски средства; ќе се овозможи заштита на земјиштето, шумите и водите, вклучувајќи ги езерата, управувањето со отпад и отпадните води; локалното земјоделство ќе се „зазелени“ преку одржлив туризам и зајакната прекугранична соработка.

Ќе се овозможи советодавна помош во осум града во коишто има големо загадување на воздухот преку почисти системи за греење на зградите во јавна сопственост, транспорт, индустрија, земјоделство и управување со отпад, следење на загадувањето на воздухот и управување со квалитетот на воздухот. Предвидени се и наменски активности за едукација, подигање на свеста и мобилизација на тема загадување на воздухот кај децата и младите. Ќе се даде поддршка за намалување на ризикот од поплави во Полошкиот регион и во сливот на реката Дрим и ќе се спроведат активности за подобра подготвеност за вонредни здравствени состојби. Ќе се даде поддршка за чистење на отпадот во еколошките жешки точки и за подобро управување со отпадните води и цврстиот отпад во регионот на Преспанското Езеро и во привремените прифатни центри за мигранти.

Ќе продолжи помошта за усогласување на националните закони и политики со меѓународните стандарди и стандардите на ЕУ и ќе се промовира позитивен став кон родовите и ранливите групи во јавноста, при што ќе се консолидираат институционалните капацитети за ефективно унапредување и заштита на основните права, како и за ставање крај на бездржавјанството. Реформите во казнено-правниот систем и во системот на малолетничка правда ќе овозможат пристап во чиј центар се жртвите и децата, а органите за спроведување на законот ќе стекнат специјализирани вештини за проактивно справување со дигиталните сексуални злосторства, случаите на семејно насилство со употреба на огнено оружје, трговијата со луѓе, криумчарењето мигранти и други видови транснационален и организиран криминал. Ќе продолжи прогресивниот пристап и пристап заснован на податоци во управувањето со миграцијата, а на централната и на локалната власт ќе им се овозможи помош за родово-одговорно буџетирање и ревизија и за подобрување на својата фискална ефикасност. Локалните самоуправи ќе ја подобрат меѓуопштинската соработка, ќе ги дигитализираат своите услуги и ќе спроведуваат проекти на ГО и на младински организации на транспарентен начин и по заслуга. Редовно ќе се споделуваат информации за резултатите од пописот и ќе се соработува со младинските совети и со медиумите за справување со наративи што предизвикуваат поделба, говор на омраза, маскулинитети и родови норми.




Еден од победничките цртежи на децата кои учествуваа во натпревар во цртање за деца што се организираше во пресрет на Денот на ОН

# Анекси

## [1] Партнери на ОН во Северна Македонија

**Влада и државни агенции**

Академија за судии и јавни обвинители
Управен суд
Агенција за катастар на недвижности
Агенција за планирање на просторот
Агенција за млади и спорт
Комисијата за спречување и заштита од дискриминација
Заедница на единиците на локална самоуправа
(ЗЕЛС) Биро за развој на образованието
Биро за регионален развој
Кабинет на заменикот на Претседателот на Владата
задолжен за економски прашања, координација
со економските ресори и инвестиции
Кабинет на заменикот на Претседателот на Владата
задолжен за европски и евроатлански интеграции Кабинет
на заменикот на Претседателот на Владата задолжен
за политички систем и односи меѓу заедниците
Кабинет на заменикот на Претседателот на Владата
задолжен за политики за добро владеење
Центри за развој на плански региони
Центар за социјална работа
Град Скопје
Центар за управување со кризи
Царинска управа
Дирекција за заштита и спасување
Управа за електронско здравство
Агенција за вработување
Агенција за храна и ветеринарство
Фонд за иновации и технолошки развој
Фонд за здравствено осигурување
Виш управен суд
Завод за социјални дејности
Меѓуресорска група за креирање на миграциската политика
Меѓуресорска група за крајбрежен урбанистички
план за Охридското Езеро
Судство
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Министерство за култура
Министерство за одбрана
Министерство за економија
Министерство за образование и наука
Министерство за животна средина и просторно планирање
Министерство за финансии
Министерство за надворешни работи
Министерство за здравство
Министерство за информатичко општество и администрација
Министерство за внатрешни работи
Министерство за правда
Министерство за труд и социјална политика
Министерство за локална самоуправа
Министерство за транспорт и врски Меѓуопштински
центри за социјална работа (МЦСР)
Општини
Народна банка на Република Северна Македонија
Националната комисија за превенција и рана
детекција на рак на грлото на матката
Националниот комитет за спречување насилен
екстремизам и борба против тероризам
Интерресорска работна група за реинтеграција
Национално координативно тело за имплементација
на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со
попреченост во Република Северна Македонија Агенција
за поттикнување на развојот на земјоделството
Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија
Канцеларија на Националниот координатор за спречување
насилен екстремизам и борба против тероризам
Собрание
Кабинет на претседателот Кабинет на премиерот
Јавно обвинителство
Јавно обвинителство за гонење организиран
криминал и корупција
Управа за јавни приходи
Регионални центри за вработување
Комитет за безбедно мајчинство
Секретаријат за европски прашања
Државен завод за ревизија
Државен инспекторат за труд
Државен завод за статистика
Центри за стручно образование

**Граѓански организации**

Акција Здруженска
Здружение на финансиски работници
Здружение на новинари (ЗНМ)
Здружение на социјални работници
Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори
Заедница на единиците на локалната самоуправа
(ЗЕЛС) Здружение за истражување и анализи
ЗМАИ Здружение за развој и унапредување на
ромската заедница – РОМАНО ЧАЧИПЕ
Здружение за развој на општествената одговорност и
унапредување на квалитет на живот „МОЈОТ ПАТ" Скопје
Здружение за интеграција, развој и
образование – ПРОГРЕС 23 Липково
Здружение за заштита и едукација на
деца и млади Роми - ПРОГРЕС
Ресурсен центар за родители на деца со посебни потреби
Здружение на лица со церебрална парализа
и други попречености – Велес
Здружение за помош и поддршка на лицата со
посебни потреби - Бравура кооперативa
Национален сојуз на лица со телесен инвалидитет -
Мобилност Македонија
Центар за поддршка на лица со интелектуална
попреченост – ПОРАКА Неготино
Здружение на даватели на социјални услуги - СТАРТЕР ПЛУС
Здружение на слепи и лица со оштетен вид
Здружение на глуви и наглуви
Балканска фондација за одржлив развој
Центар за истражување и креирање политики – ЦИКП
Стопански комори
Организација за поврзување на природни вредности и луѓе
Совет за превентива против малолетничка деликвенција - СППМД
Еколошко друштво - ЗДРАВЕЦ 2002
Организација на работодавачи на Северна
Македонија ESSA Synergy Скопје
Здруженија на земјоделци
Опции за здрав живот Скопје (ХОПС)
Хелсиншки комитет за човекови права
ИЗБОР СТРУМИЦА
Македонското здружение на гинеколози и опстетричари
Македонско еколошко друштво Македонско лекарско друштво
Црвен крст на Република Северна Македонија
Македонско здружение на млади правници - МЗМП
Национална федерација на фармери
Национален ромски центар
Национален младински делегат во Генералното собрание на ОН
Мрежа на асоцијации на локални власти во Југоисточна Европа
НВО СЕГА ПРИЛЕП
Народен правобранител Отворете ги прозорците
Организации и групи на лица со попреченост
Полио плус
Професионални здруженија Мрежа за рурален развој
Синдикати
Национален младински совет на Македонија
Младински образовен форум

**Академска заедница**

Асоцијација за истражување, комуникации и развој
Факултет за земјоделски науки и храна
Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство
Факултет за шумарски науки
Правен факултет „Јустинијан Први"
Природно-математички факултет
Факултет за ветеринарна медицина - Скопје Асоцијација
за здравствена едукација и истражување
Земјоделски институт
Македонска академија на науките и уметностите
Медицински факултет во Скопје
Универзитет на Југоисточна Европа
Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство
Универзитетска клиника за психијатрија
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип
Универзитетот во Саутемптон
Повеќепартнерски совети
Економско-социјален совет на Северна Македонија
Национална комисија за УНЕСКО
Национално координативно тело за заштита на
деца од злоупотреба и занемарување
Национален совет за родова рамноправност
Државен совет за превенција на детско престапништво

**Меѓународни партнери**

Германско друштво за меѓународна соработка (GIZ)
Владата на Австрија
Владата на Канада
Владата на Данска
Владата на Естонија
Владата на Франција
Владата на Германија
Владата на Италија
Владата на Норвешка
Владата на Република Словачка
Владата на Шведска
Владата на Швајцарија
Владата на Холандија
Владата на Република Кореја
Владата на Украина
Владата на Обединетото Кралство
Владата на Соединетите Американски Држави
Европска Унија
Европска банка за обнова и развој (ЕБОР)
Глобално партнерство за води - Медитеран
Меѓународен центар за развој на миграциска политика (ИЦМПД)
Регионалната канцеларија за Источна Европа и Централна Азија
на Меѓународната унија за заштита на природата (IUCN - ECARO)
Интерпол
Регионална иницијатива за миграции, азил, бегалци (МАРРИ)
Мрежа на асоцијации на локални власти
во Југоисточна Европа (НАЛАС)
Организација за безбедност и соработка на Европа (ОБСЕ)
Шведска агенција за заштита на животната средина
Група експерти на УНЕЦЕ за енергетска ефикасност
Агенција на САД за меѓународен развој (УСАИД)

**Приватен сектор и други**

А1 Македонија
Македонски телеком
Бизнис конфедерацијата на Македонија
Дијаспората
Лекарска комора на РСМ Медиумите
Установи за примарна здравствена заштита
Канцеларијата на РОШ Северна Македонија
Разни компании

## [2] Заеднички програми на ОН што се спроведуваат во 2023 година

**Планирање и дискурс за миграциска политика заснована на докази во Северна Македонија**
финансирана од МПТФ за миграција, спроведувана од ИОМ, УНХЦР и УНФПА, 1,5 милиони долари, 30 месеци (октомври 2020 – октомври 2023 година)

**Од знаење и ангажман – до зајакнување и учество (KEEP)**
финансирана од УНПРПД и спроведувана од УНДП, УНИЦЕФ и УНФПА, 400.000 долари, 36 месеци (февруари 2021 – февруари 2024 година)

**Зелен финансиски фонд за подобрување на квалитетот на воздухот и борба против климатските промени во Северна Македонија**
финансирана од Заедничкиот фонд за ЦОР, спроведувана од УНДП, ИОМ и УНЕЦЕ, 7,97 милиони долари / вкупно финансирање од 46 милиони долари (април 2022 - март 2026 година)

**Млади за инклузија, еднаквост и доверба,**
финансирана од Фондот на ОН за градење мир, сапроведувана од УНДП, УНФПА, UN Women и УНИЦЕФ, 4,5 милиони американски долари, од кои 0,65 милиони долари за активности во Северна Македонија (мај 2022 – мај 2024 година)

**БиоХакирај го мојот свет**
финансирана од Green Shark Challenge, спроведувана од УНДП и УНИЦЕФ, 0,25 милиони американски долари, (мај 2022)

**Систематски решенија како одговор на глобалната криза со храна, енергија и финансии во Северна Македонија**
финансирана од Заедничкиот фонд за ЦОР, спроведувана од УНДП, УНИЦЕФ и ФАО, 0,25 милиони американски долари, (јули 2022 - февруари 2023 година)

# [3] SDCF outcome indicator trends

## Inclusive prosperity

| OUTCOME INDICATOR | CATEGORY | BASELINE | BASELINE YEAR | TARGET(2025) | ACHIEVED (2022) | LATEST VALUE | TREND |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Employment rate (20-64)* | Total (20-64 years) | 59.2 | 2019 | 63.1 | 61.8 | 57.1 | ↘ |
| | Female | 48.4 | 2019 | 49.2 | 51.7 | 50.2 | ↘ |
| | Male | 69.8 | 2019 | 74.3 | 71.8 | 64.1 | ↘ |
| | Youth (15-29) Total | 34.4 | 2019 | 34.9 | 34.4 | 33.0 | ↘ |
| | Female | 28 | 2019 | 28.2 | 28.5 | 26.8 | ↘ |
| | Male | 40.4 | 2019 | 41.8 | 40.2 | 38.9 | ↘ |
| *Proportion of informal employment in total economy* | Total | 16.1 | 2019 | 14 | 12.3 | 12.3 (Q3) | ↔ |
| | Female | 13 | 2019 | not set | 9.2 | 11.97 | ↘ |
| | Male | 18.1 | 2019 | not set | 14.5 | 4.77 | ↗ |
| | Youth (15-24) total | 24.01 | 2019 | not set | 17.8 | 17.8 | ↔ |
| *Percentage of young people neither in employment nor in education and training* | 15-29 years | 24.5 | 2019 | 22 | 22.8 | 24.63 | ↘ |
| | Female | 28.3 | 2019 | 28.2 | 24.5 | 20.3 | ↗ |
| | Male | 20.9 | 2019 | 20 | 21.1 | 21.93 | ↘ |
| | 15-24 years | 18.1 | 2019 | 15.8 | 18 | 20.56 | ↘ |
| | Female | 19.2 | 2019 | 19.1 | 18.4 | 27.48 | ↘ |
| | Male | 17.1 | 2019 | 16.9 | 17.6 | 21.05 | ↘ |
| | 25-29 years | 34.9 | 2019 | 33.3 | 31.6 | 41.16 | ↘ |
| | Female | 43.1 | 2019 | 43 | 35.8 | 47.07 | ↘ |
| | Male | 27.1 | 2019 | 25.6 | 27.6 | 35.55 | ↘ |
| *Annual growth rate of real GDP per employed person* | | -1.3 | 2019 | 2.7 | 2.4 | 1.22 (Q3) | ↘ |
| *Global Competitiveness Index 4.0* | Rank | 82/141 | 2019 | 67 | Not pub-lished | 82 | ↔ |
| | Points | 57.3 | 2019 | not set | | / | ↔ |
| *Working Poverty rate* | Total | 8.8 | 2019 | 7 | 12.5 | / | ↔ |
| | Female | 6 | 2019 | not set | 8.9 | / | ↔ |
| | Male | 10.6 | 2019 | not set | 15.1 | / | ↔ |

## Quality services for all

| OUTCOME INDICATOR | CATEGORY | BASELINE | BASELINE YEAR | TARGET(2025) | ACHIEVED (2022) | LATEST VALUE | TREND |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Percentage of children age 36-59 months attending an early childhood education program (attendance rate)* | Total | 39.8 | 2019 | 60 | 41 | 44 | ↗ |
| | Girls | 47.76 | 2019 | 60 | 47 | not avail-able | ↗ |
| | Boys | 52.24 | 2019 | 60 | 53 | not avail-able | ↗ |
| *Proportion of children and young people at the end of lower secondary education, achieving at least minimum proficiency level* | Reading | 45 | 2018 | 55 | 45 | 26 | ↘ |
| | Numeracy | 39 | 2018 | 49 | 39 | 34 | ↘ |
| *Self-reported unmet need for medical examination and care, % of population aged 16 and over* | Total | 2.3 | 2018 | 2 | 1.7 (2020) | 1.7 (2020) | ↔ |
| | Female | 2.6 | 2018 | 2.2 | 1.8 | 1.8 | ↔ |
| | Male | 2 | 2018 | 1.8 | 1.7 | 1.7 | ↔ |
| *Proportion of the target population covered by all vaccines included in their national programme* | All vaccines coverage | 95 | 2018 | >95 | <90 (2021) | <90 | ↗ |
| | 3 doses of DTP3 | 92.5 | 2018 | 95 | 80.9 | 83.9 | ↗ |
| | Second dose of MCV2 | 74.8 | 2018 | 95 | 80.4 | 89.2 | ↗ |
| *Probability of dying from any of cardiovascular diseases (CVD), cancer, diabetes, chronic respiratory diseases (CRD) between age 30 and exact age 70* | | 20.3 | 2016 | 18.5 | 22.73 | 22.73 | ↔ |
| *Modern contraceptive prevalence rate* | | 14 | 2018 | next survey in 2023 | No data | No data | ↔ |
| *Neonatal mortality rate* | | 3.8 | 2019 | 3.5 | 4.5 (2021) | 1.4 | ↗ |
| *Proportion of households covered by social protection cash transfers* | | 8 | 2019 | 14.5 | 44.4 | not avail-able | ↔ |

| OUTCOME INDICATOR | CATEGORY | BASELINE | BASELINE YEAR | TARGET(2025) | ACHIEVED (2022) | LATEST VALUE | TREND |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Human Development Index | Index points | 0.759 | 2019 | 0.78 | 0.77 | 0.77 (2022) | ↔ |
| | Rank | 82/189 | 2019 | not set | 78 | 78 (2022) | ↔ |
| Proportion of population living below the national poverty line | Total | 21.9 | 2018 | 15.5 | 21.8 (2020) | 21.8 (2020) | ↔ |
| | Female | 22 | 2018 | 16.8 | 21.9 | 21.9 | ↔ |
| | Male | 21.8 | 2018 | 14.2 | 21.7 | 21.7 | ↔ |
| | 0-17 years old | 29.3 | 2018 | not set | 30.3 | 30.3 | ↔ |
| | Youth (15-24) | 29.7 | 2018 | not set | 28.6 | 28.6 | ↔ |
| | Adult (16+) | 20.6 | 2018 | not set | 20.1 | 20.1 | ↔ |
| | 25+ | 19.2 | 2018 | not set | 21.1 | 21.1 | ↔ |

## Healthy environment

| OUTCOME INDICATOR | CATEGORY | BASELINE | BASELINE YEAR | TARGET(2025) | ACHIEVED (2022) | LATEST VALUE | TREND |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Greenhouse Gas Emissions (Gg CO2-eq) | | 8,021 | 2016 | 6196 | Biannual data | N/A | ↔ |
| Proportion of a country designated total area that is protected | | 10.34 | 2019 | 15 | 13.9 | 13.9 | ↔ |
| Annual mean levels of fine particulate matter PM10 (μg/m3) | | 51.32 | 2019 | <40 | 35.91 | 37.44 | ↘ |
| INFORM Risk Index (2020) (on a scale from 1 to 10 where 1 is very low and 10 is very high) | Points | 2.6 | 2020 | 2 | 2.4 | 2.5 | ↘ |
| | Risk level | low | 2020 | very low | Low | Low | ↔ |
| System for integrated pest management in place | | no system in place | 2020 | system fully functional | no | no | ↔ |
| Average use of pesticide per area of cropland (kg/ha) | | 0.22 | 2017 | EU average: 3.14 | 0.3 | N/A | ↔ |
| Degree of integrated water resources management implementation (0-100) | Points | 33 | 2020 | 60 | 40 | 40 | ↔ |
| | Level | medium-low | 2020 | medium-high | medium-low | medium-low | ↔ |
| Renewable energy share in the total gross final | Energy consumption | 18.18 | 2018 | 29 | 17.29 | 31.45 | ↘ |
| | Electricity consumption | 24.84 | 2018 | 46 | 21.53 | 31.45 | ↘ |

## Good governance

| OUTCOME INDICATOR | CATEGORY | BASELINE | BASELINE YEAR | TARGET(2025) | ACHIEVED (2022) | LATEST VALUE | TREND |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Rule of law index (overall, on a scale from 0 to 1) | | 0.53 | 2020 | not set | 0.53 | 0.53 | ↔ |
| Gender equality index | | 62 | 2019 | 65 | 64.5 | 64.5 | ↔ |
| Level of establishment of permanent national child rights coordinating mechanism | | weak | 2020 | established | weak | In pro-cess | ↔ |
| The country has a system in place to track and make public allocations for gender equality and women's empowerment | | no | 2020 | yes | No | No | ↔ |
| Worldwide Governance Indicators | Average | 49.72 | 2018 | >60 | 52.36 | 52.36 | ↔ |
| | Voice & accountability | | | | 52.17 | / | ↔ |
| | Political stability & absence of violence/ terrorism | | | | 50 | / | ↔ |
| | Government effectiveness | | | | 50 | / | ↔ |
| | Regulatory quality | | | | 66.35 | / | ↔ |
| | Rule of law | | | | 52.4 | / | ↔ |
| | Control of corruption | | | | 43.27 | / | ↔ |
| Open Budget Index | Transparency | 41 | 2019 | >=45 | 36 | 36 | ↔ |
| Percentage of official statistics aligned with EU acquis | | 67 | 2019 | 95 | 67 | 64 | ↔ |
| Level of general satisfaction with public services at the local level (on a scale from 1 to 5) | Total | 3.07 | 2020 | 3.5 | 3.2 | 3.04 | ↘ |
| | Female | 3.12 | 2020 | 3.6 | 3.21 | 3.1 | ↘ |
| | Male | 3.02 | 2020 | 3.4 | 3.19 | 3 | ↘ |
| | Urban | 3.09 | 2020 | 3.5 | 3.26 | 3 | ↘ |
| | Rural | 3.05 | 2020 | 3.5 | 3.16 | 3 | ↘ |
| The level of the alignment of the refugee protection and migration systems with the international and EU standards | | partially aligned | 2020 | fully aligned | Mostly aligned | Mostly aligned | ↔ |
| Proportion of population who believe decision-making is inclusive and responsive | | 19.8 | 2020 | 25 | 23.6 | 24 | ↗ |

# Global indicators

| SDG | # | GLOBAL INDICATOR | BASELINE (2021) | TARGET (2022) | ACHIEVED (2022) | TARGET (2023) | ACHIEVED (2023) | TREND |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| SDG1 | IN1.1 | Number of new or revised national social protection policies to extend coverage, enhance comprehensiveness and/or increase adequacy of benefits, with UN support | 11 | 5 | 7 | 7 | 3 | ↘ |
| SDG1 | IN1.4 | Number of people accessing basic services, with UN support | 30,495 | 26,642 | 38,114 | 27,842 | 23,530 | ↘ |
| SDG1 | IN1.5 | Number of people benefiting from income gener-ating activities with UN support | 10,967 | 7,284 | 17,086 | 10,982 | 9,587 | ↘ |
| SDG2 | IN2.2 | Number of rural organizations, government institutions and other relevant stakeholders with en-hanced capacities for designing and implementing policies that improve productivity, net income and working conditions within the agrifood system | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | ↔ |
| SDG2 | IN2.3 | Number of governmental and non-governmental institutions having increased capacity to design, implement and fund policies preventing and re-ducing malnutrition and promoting healthy diets, with UN support. | 2 | 3 | 4 | 8 | 16 | ↗ |
| SDG3 | IN3.1 | Number of national policies on health (including overall health or specific health areas such as sexual and reproductive health, non-communicable and communicable diseases), in accordance with human rights standards are developed and adopt-ed, supported by the UN | 5 | 4 | 4 | 5 | 5 | ↗ |
| SDG4 | IN4.2 | Number of technical and vocational education and training (TVET) institutions with improved capacity to deliver training and assessments with UN sup-port | 29 | 40 | 79 | 20 | 48 | ↘ |
| SDG4 | IN4.3 | Number of people directly benefiting from im-proved access to skills and lifelong learning pro-grammes, including for comprehensive sexuality education (CSE), developed and implemented with UN support | 2,012 | 215 | 1,115 | 533 | 3,297 | ↗ |
| SDG5 | IN5.1 | Number of laws and regulations, based on international human rights norms and standards, developed with UN support to: a) Eliminate violence against women and girls (EVAWG) including harm-ful practices (HP); b) promote equal access to sex-ual and reproductive health (SRH) care, infor-mation and education | 0 | 8 | 8 | 3 | 4 | ↘ |
| SDG5 | IN5.2 | Number of measures implemented with UN support to: a) Eliminate gender-based discrimination and segregation in labour market; b) Increase women's access to and use of digital technologies, digital finance, e-commerce and digital value chains; c) Ensure women's economic security and empowerment; d) Address discriminatory gender and social norms, stereotypes and practices; and e) | 3 | 8 | 8 | 11 | 12 | ↗ |
| SDG5 | IN5.3 | Extent that measures developed/implemented with UN support advance women´s and girl's lead-ership and equal participation in decision-making, with UN support, in: a) Public institutions; b) Elect-ed positions, including parliaments; c) Judiciary; d) Private sector; e) Mediation, reconciliation and peacebuilding mechanisms; and f) Natural re-source management | 3 | 4 | 4 | 5 | 0 | ↘ |
| SDG5 | IN5.4 | Existence of national or subnational mechanism to address discriminatory gender and social norms, stereotypes, practices and power relations at the individual, social and institutional levels related to gender equality and the empowerment of women, with support of the UN | No | Yes | Yes | Yes | Yes | ↔ |
| SDG5 | IN5.8 | Number of children and adults who have access to a safe and accessible channels to report sexual exploitation and abuse by humanitarian, development, protection and/or other personnel who provide assistance to affected populations, with UN support | 20,000 | 23,000 | 30,207 | 25,500 | 13,949 | ↘ |
| SDG6 | IN6.2 | Number of transboundary water bodies in which cooperation and joint management is strength-ened with UN support: a) River and lake basins; and b) Aquifers | 1 | 2 | 2 | 3 | 1 | ↘ |
| SDG7 | IN7.1 | Amount of energy saved (in megajoule), with UN support | 0 | / | / | 8,280,000 MJ (2,300 MWh) | / | ↔ |
| SDG7 | IN7.2 | Capacity (in megawatt) in installed renewable en-ergy capacity per technology, with UN support: a) Solar; b) Wind; c) Biomass; d) Hydro; e) Geother-mal; f) Other | 0 | / | / | 0 | / | ↔ |
| SDG1 | IN7.3 | Number of people who, with UN support: a) Gained access to clean, affordable, and sustainable energy; and b) Benefitted from services from clean, affordable, and sustainable energy | 0 | 0 | 0 | 30 | 0 | ↔ |

| SDG | # | GLOBAL INDICATOR | BASELINE (2021) | TARGET (2022) | ACHIEVED (2022) | TARGET (2023) | ACHIEVED (2023) | TREND |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| SDG8 | IN8.1 | A legal framework giving effect to international human rights norms and standards in the world of work, including fundamental principles and rights at work, is developed with UN support | 1 | 1 | 1 | 4 | 1 | ↔ |
| SDG8 | IN8.2 | Number of private sector entities (including micro, small, and medium-sized enterprises (MSMEs)) with improved performance, business transac-tions, and/ or income generation as a result of UN support | 500 | 500 | 502 | 300 | 737 | ↗ |
| SDG8 | IN8.3 | Number of cases in which business support organ-izations, workers' organizations and employers and business membership organizations have in-creased capacity to provide services to their members/ clients to promote economic develop-ment, productive employment and decent work, as a result of UN support | 4 | 4 | 4 | 5 | 3 | ↘ |
| SDG8 | IN8.4 | Number of people that benefited from pro-grammes to prevent and address child labour, trafficking, and forced labour strengthened by the UN | 48 | 9 | 9 | 7 | 7 | ↔ |
| SDG9 | IN9.2 | Number of private sector entities (including micro, small and medium-sized enterprises (MSMEs)) that innovated their business practices, by mainstream-ing environmental, social or economic sustainabil-ity elements, with UN support | 0 (2022) | / | / | 3 | 115 | ↗ |
| SDG9 | IN9.3 | Number of additional people with improved ac-cess to quality, reliable, sustainable and resilient infrastructure/infrastructure-related services (in-cluding digital infrastructure), with UN support | 8,624 | 214 | 214 | 0 | 369 | ↗ |
| SDG10 | IN10.1 | Number of local financial institutions that provide financial services by integrating Poverty-Environment and Gender Nexus considerations with a human rights approach, supported by the UN | 0 | / | / | 2 | 0 | ↔ |
| SDG10 | IN10.2 | Bilateral, national, and local development and sec-toral policies that integrate migration and recog-nize migrants as contributors to sustainable devel-opment developed with UN support and imple-mented by the Government | No | Yes | Yes | Yes | Yes | ↔ |
| SDG10 | IN10.3 | Number of people who are internally displaced, migrants, refugees or part of the host communi-ties, or communities left or affected populations, benefiting from integrated and targeted interven-tions, including on strengthening social cohesion, with UN support | 20,000 | 21,300 | 28,399 | 23,500 | 12,686 | ↘ |
| SDG12 | IN12.2 | Hazardous waste treated, by type of treatment, with UN support | 0 | 690,000 | 957,250 | 525,000 | 525,000 | ↘ |
| SDG15 | IN15.1 | Number of entities at the national level that have developed integrated approaches and tools for enhanced coordination, cooperation, and syner-gies for the coherent implementation of multilat-eral environmental agreements, supported by the UN | 1 | 2 | 2 | 13 | / | ↔ |
| SDG16 | IN16.3 | Number of gender-responsive, conflict-sensitive development institutions, policies, plans, or cross-border initiatives in place, with UN sup-port that, promote and protect human rights, pre-vent systemic human rights violations to: a) Ad-dress conflict drivers; b) Strengthen social cohe-sion; c) Prevent risk of conflict, including climate security; and d) End all forms of violence, promote the rule of law, and ensure equal access to justice for all | 2 | 7 | 10 | 31 | 24 | ↗ |
| SDG16 | IN16.5 | Number of new people registered with legal iden-tity, with UN support | 420 | 120 | 190 | 453 | 204 | ↗ |
| SDG16 | IN16.6 | Number of people supported, who have access to justice, with UN support | 0 | 1,010 | 3,264 | 2,420 | 444 | ↘ |
| SDG17 | IN17.2 | Degree of alignment of national budgeting system with Sustainable Development Goals (SDGs) that enable tracking of budget allocation for the SDGs, including through gender-responsive budgeting, supported by the UN | Limited | Limited | Limited | Limited | Limited | ↔ |
| SDG17 | IN17.3 | Data collection and analysis mechanisms/initiatives providing disaggregated data to monitor progress towards the Sustainable Development Goals (SDGs) and enhancing policy coherence for sus-tainable development, established/implemented with UN support | Low | Low | Low | Moderate | Low | ↔ |

# [4] Acronyms & abbreviations

| | |
|---|---|
| AAC | Alternative and augmentative communication |
| ALMM | Active Labour Market Measures |
| BOS | Business Operations Strategy |
| CAP | Common Agricultural Policy |
| CEDAW | Convention on the Elimination of All Forms of Discrimination against Women |
| COP | Conference of Parties |
| CSA | Climate-smart agriculture |
| CSE | Comprehensive sexuality education |
| CSW | Centres for social work |
| DV | Domestic violence |
| DRR | Disaster risk reduction |
| DPPI SEE | Disaster Preparedness and Prevention Initiative for South-East Europe |
| eNDC | Enhanced nationally determined contribution |
| 4th NC | 4th National Communication to UNFCCC |
| ECI | Early childhood intervention |
| EPC | Effective perinatal care |
| EPR | Environmental Performance Review |
| ESA | Employment Support Agency |
| ESC | Economic and Social Council |
| EU | European Union |
| GCF | Green Climate Fund |
| GFF | Green Finance Facility |
| GHG | Greenhouse gas |
| GRB | Gender-responsive budgeting |
| GREVIO | Group of Experts on Action against Violence against Women and Domestic Violence |
| HCFCs | Hydrochlorofluorocarbons (refrigerants, ozone depleting substances) |
| HCH | Hexachlorocyclohexane (lindane) |
| HDI | Human Development Index |
| HORECA | Hotels, restaurants, and cafes |
| HOTAM | Association of employers in hotel and catering |
| HWS | Health Workforce Strategy |
| ICF | International classification of Functioning, Disability and Health |
| IFMIS | Financial Management Information System |
| ILS | International Labour Standards |
| JSC | Joint Government-UN SDCF Steering Committee |
| MAFWE | Ministry of Agriculture, Forestry and Water Economy |
| MAP | Modified atmosphere packaging |
| MLSP | Ministry of Labour and Social Policy |
| MSME | Micro, small and medium enterprises |
| MoES | Ministry of Education and Science |
| MoEPP | Ministry of Environment and Physical Planing |
| MRV | Monitoring, Reporting and Verification |
| NDS | National Development Strategy |
| NEET | Youth Not in Education, Employment or Training |
| NES | National Employment Strategy |
| NHRIs | National Human Rights Institutions |
| OBL | Organic Budget Law |
| OG | SDCF Outcome group |
| OPDs | Organizations of persons with disabilities |
| PAs | Protected areas |
| PMT | UN Programme Management Team |
| PSD | Partnership for Sustainable Development |
| PWD | Person with disabilities |
| RE | renewable energy |
| EE | energy efficienc |
| RC | Resident Coordinator |
| RCO | UN Resident Coordinator's Office |
| RMPS | Resource Mobilization and Partnership Strategy |
| SDCF | Sustainable Development Cooperation Framework |
| SDGs | Sustainable Development Goals |
| SEEU | South-East European University |
| SEL | Social and emotional learning |
| SSO | State Statistical Office |
| UN | United Nations |
| UNCT | United Nations Country Team |
| UNFCCC | United Nations Framework Convention on Climate Change |
| VAW | Violence against women |
| VET | Vocational education and training |

UNITED NATIONS
NORTH MACEDONIA

northmacedonia.un.org

www.facebook.com/1un.mk

www.twitter.com/1UN_MK

Додаток:

2023

# Нашите резултати, нашите приказни

# ПОДОБРО ПРОИЗВОДСТВО, ПОДОБРА ИСХРАНА, ПОДОБРА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПОДОБАР ЖИВОТ

Food and Agriculture Organization of the United Nations




Радица и Мартин се први братучеди кои наследиле земјоделско земјиште од своите мајки и сега заеднички одгледуваат пченица и сончоглед. Како семејство, имаат 284 хектари земја во селото Дабјани, по половина за секој од нив. До неодамна, земјиштето им беше поделено на 278 посебни и расфрлани парцели од по околу 1,02 хектари, што им го отежнуваше одгледувањето и беше непродуктивно. Сè се смени кога со поддршка од Европската Унија (ЕУ) и Организацијата на Обединетите нации за храна и земјоделство (ФАО), земјиштето беше консолидирано на 48 поголеми и подобро обликувани парцели, при што секоја парцела беше во просек по 5,91 хектари, за разлика од претходно, пред консолидацијата на земјиштето, кога парцелите беа по само 1,02 хектари. Тоа значително ја подобри продуктивноста. Земјиштето на Радица и на Мартин сега има подобар пристап до земјоделската инфраструктура, бидејќи во тек е проект што го финансира ЕУ, а се спроведува од ФАО и од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ), со цел подобрување на земјоделската инфраструктура во Дабјани. Се работи на надградба и изградба на пристапни патишта за да се олесни транспортот и да се подобри пристапот до полињата. Радица и Мартин сметаат дека овие подобрувања ќе овозможат поефикасно користење на земјиштето и ревитализација на нивното земјоделско производство.




# КАКО РАБОТИ ФАО

## ОДРЖЛИВА И КОНКУРЕНТНА РУРАЛНА ЕКОНОМИЈА УСОГЛАСЕНА СО СТАНДАРДИТЕ НА ЕУ

ФАО промовира инклузивен економски и општествен развој преку зајакнување на малите земјоделци и поддржување на политиките засновани на докази. Напорите се насочени кон подобрување на структурата на земјоделското земјиште, мобилноста на земјоделскиот пазар и продуктивноста, со цел подигнување на животниот стандард во руралните средини и поттикнување конкурентност.

**КЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ ЗА 2023 ГОДИНА:**

- Изработена е сеопфатна рамка за првата Национална стратегија за обезбеденост со храна и воспоставен е национален меѓуинституционален координативен механизам за обезбеденост со храна.
- Направена е анализа на напуштеното земјоделско земјиште (кое сочинува 32% од обработливото земјиште во земјата) со цел да се направат соодветни измени на Законот за земјоделско земјиште, Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост и други поврзани закони.
- Македонската Агенција за храна и ветеринарство (АХВ) доби поддршка за усогласување на Националниот систем за здравје на животните и безбедност на храна со стандардите на ЕУ.
- МЗШВ доби поддршка за изготвување на новата Национална стратегија за консолидација на земјоделско земјиште за 2024- 2034 година и за зајакнување на капацитетите. Беше постигнат напредок во однос на Националната програма за консолидација на земјиштето. Беше изготвен План за распределба на хектари и беше подобрена земјоделската инфраструктура на 156 хектари во селото Чифлик, што беше од корист за 404 сопственици на земјиште. Во селото Дабјани почнаа градежни работи за подобрување на дренажата и на патната мрежа за 742 хектари земјоделско земјиште, што беше од полза за 75 сопственици на земјоделско земјиште.

## ПОДОБРУВАЊЕ НА КЛИМАТСКАТА АКЦИЈА, ОДРЖЛИВО УПРАВУВАЊЕ СО РЕСУРСИ И НАМАЛУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ РИЗИК

ФАО ја поддржува националната климатска акција, го зајакнува одржливото управување со ресурси, земјоделската отпорност и намалувањето на ризикот од катастрофи. Приоритет е зајакнувањето на климатската отпорност на малите земјоделци преку одржливи практики, пристап до податоци и подобри системи за наводнување.

**КЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ ЗА 2023 ГОДИНА:**

- Олеснет е пристапот на Владата до финансиските средства од Зелениот климатски фонд, со што се зајакнаа националните капацитети за климатски отпорна и нискојаглеродна економија.
- Поддршка за приспособување кон климатските промени во земјоделството преку подобра одржливост на системот за семе, управување со и зачувување на квалитетот на семето, како и евалуација на Националниот систем за семе.
- Направена процена на државните системи за наводнување и одводнување во подрачјето на Радовиш заради модернизација и зајакнување на способноста на локалните земјоделци за приспособување кон климатските промени.
- ФАО соработуваше со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и со Факултетот за шумарски науки за да го подобри следењето на штетите во шумите, плановите за обнова и регионалната соработка.



Моменталната ситуација во Чифлик



Подобрување на земјоделската инфраструктура во Дабјани



Садење пиперки на демонстративно поле во Кочани

# КЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ

## КЛУЧНИ ФАКТИ

**2,550**
**мали земјоделци добија поддршка за консолидација на земјиштето (2017-2023)**

**Беше дадена поддршка за измените на Законот за земјоделско земјиште, Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна**

**2**
**Изготвени се национални стратегии за правилно управување со земјоделското земјиште, обезбеденост со храна, намалување на ризикот од катастрофи, системи за наводнување, системи за семиња и пошумување**

**Изготвени се**
**11**
**документи за политики и процени за правилно управување со земјоделското земјиште, обезбеденост со храна, ДРР, системи за наводнување, системи за семиња и шумарство**

**Поддршка за пристапување до финансиските средства на ЗКФ**

## Трансформирање на земјоделско-прехранбените системи на регионално и на глобално ниво

Руралната општина Долнени се наоѓа во Пелагонија, најголемиот регион во Северна Македонија што произведува жито и е познат по своето обемно производство на житни култури, зеленчуци, индустриски култури и млеко. Во нејзиното средиште се наоѓа селото Дабјани, местото каде што во моментов се спроведува најголемиот проект за консолидација на земјиштето во земјата, што опфаќа 742 хектари земјоделско земјиште, од кои во сопственост на 85 приватни земјосопственици (435 хектари) и во државна сопственост (307 хектари). Сатки Мифтароски, раководител на одделението за инспекциски надзор при Општина Долнени, ги истакна значајните придобивки за локалните земјоделци и за руралната заедница во селото Дабјани. Благодарение на поддршката од ЕУ и од ФАО, земјоделското земјиште во Дабјани доживеа забележителна трансформација. Процесот на консолидација на земјиштето го намали бројот на земјишни парцели од 602 на 127, што резултираше со поголеми и подобро обликувани парцели, кои во просек беа по 5,84 хектари, што претставува значително зголемување од претходниот просек од 1,23 хектари. Исто така, во тековниот проект што го финансира ЕУ, а го спроведуваат ФАО и Министерството за земјоделство, се вршат подобрувања на земјоделската инфраструктура во Дабјани, вклучувајќи обнова на постојните пристапни патишта и изградба на нови со цел да се подобри


©FAO/Satki Miftaroski

транспортот и пристапноста до земјоделските полиња. Сатки нагласува дека на овој начин ќе се зголеми земјоделската ефикасност, ќе се овозможат помодерни и механизирани земјоделски практики и продуктивноста на фармите ќе се зголеми. Воедно, тој смета дека овие подобрувања ќе ги привлечат младите земјоделци повторно да го обработуваат напуштеното земјиште, што ќе поттикне развој на локалната заедница, ќе се создадат можности за разновидност и унапредување на земјоделското производство и пристап до нови пазари.

### НАБИЛ ГАНЏИ

**Заменик регионален претставник на ФАО за Европа и Централна Азија и де факто шеф на ФАО Северна Македонија**

Како специјализирана организација на ОН што ги координира меѓународните заложби за справување со глобалните предизвици за храна и земјоделство, ФАО ѝ даде поддршка на Северна Македонија да ги трансформира системите за храна и да го усогласи земјоделството со стандардите на ЕУ и со Целите за одржлив развој. Работејќи заедно со македонската Влада, вложуваме напори за унапредување на земјоделскиот развој, за зајакнување на малите земјоделци и семејните земјоделски стопанства, како и за инвестирање во одржлива и отпорна рурална економија.

Во 2023 година, ФАО работеше на поттикнување конкурентна рурална економија преку поддршка на Владата за подобрување на политиките, законодавството и мерките во различни области, како на пример, обезбеденоста со храна, користењето и управувањето со земјиштето, националните системи за семе, шумарството, намалувањето на ризикот од катастрофи во земјоделството, здравјето на животните и безбедноста на храната. Исто така, во соработка со нашите партнери обезбедивме средства за одговорни инвестиции во руралната трансформација.

Заедничките заложби на ФАО, на ЕУ и на МЗШВ главно се фокусираа на зајакнување на продуктивноста, конкурентноста и отпорноста на македонското земјоделство. Заедно ја операционализиравме Националната програма за консолидација на земјиштето, која е во рамките на надлежностите на Министерството и го проширивме нејзиниот опсег.
ФАО ја зајакна соработката со Зелениот климатски фонд, помагајќи ѝ на македонската Влада да пристапи до ресурсите на ЗКФ со цел да ги зајакне националните капацитети за градење климатски отпорно и нискојаглеродно општество.

Би сакал да им се заблагодарам и да им честитам на сите колеги и партнери на ФАО во Северна Македонија. Нашата соработка со Владата, како и со ЕУ, со телата на ОН, со академската заедница, земјоделските здруженија, приватниот сектор и со граѓанското општество, овозможи придвижување кон проактивна и отпорна рурална економија.
Да ја продолжиме оваа заедничка акција за трансформирање на нашите земјоделско-прехранбени системи за подобро производство, подобра исхрана, подобра животна средина и подобар живот, без никој да биде изоставен.
Иднината на храната е во нашите раце!



# ЗАШТИТА НА ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ПРИКАЗНАТА НА АМИРА

IOM UN MIGRATION


©IOM North Macedonia

14-годишната Амира*, која потекнува од дисфункционално семејство, а претходно била регистрирана како дете од улица, член од семејството ја присилил да стапи во вонбрачна заедница со возрасен маж. ИОМ им даде поддршка на мобилните тимови за идентификација, помош и упатување на жртвите и на потенцијалните жртви на трговија со луѓе, со цел да го идентификуваат девојчето додека вршат теренски активности во нејзината заедница.

Таа беше сместена во Центарот за жртви на трговија со луѓе и ѝ беше дадена сета неопходна поддршка, вклучувајќи психосоцијална помош, едукативни активности и сл. Амира беше вклучена во програмата за ресоцијализација и чека да биде сместена во згрижувачко семејство.

*Името е сменето заради заштита на идентитетот.

# КАКО РАБОТИ ИОМ

### ХУМАНИТАРНА ПОМОШ

ИОМ одговори на потребите на населението погодено од кризи така што им обезбеди хуманитарна помош на 12.842 ранливи мигранти. Помошта вклучуваше здравствена заштита, поддршка за менталното здравје и психосоцијална поддршка, превенција и заштита од КОВИД-19, поддршка за образование, како и помош за доброволно враќање и реинтеграција. ИОМ продолжи да го поддржува градењето капацитети на засегнатите страни за управување со миграцијата и за заштита на ранливите категории мигранти.


Здравствени услуги за ранливи мигранти

### ОТПОРНОСТ

ИОМ имаше за цел да ја подобри отпорноста на мигрантите во кризни ситуации преку поддршка на институционалните капацитети, знаењата, вештините и ресурсите за заштита на правата на мигрантите во кризни ситуации, вклучувајќи ги децата мигранти, жртвите и потенцијалните жртви на трговија со луѓе. Беше дадена поддршка на петте мобилни тимови за идентификација, помош и упатување на 562 жртви и потенцијални жртви на трговија со луѓе и други ранливи категории. ИОМ активно работеше на вклучување на дијаспората преку пренос на знаења и вештини. ИОМ ја зајакна отпорноста на младите против насилниот екстремизам преку критичко размислување, животни вештини, медиумска писменост и младински иницијативи во 6 локални заедници. Исто така, беа собрани докази за влијанието на загадувањето на воздухот врз групите население што мигрираат со помош на спроведената студија за опсегот на меѓусебната поврзаност помеѓу загадувањето на воздухот и човечката мобилност.


Младинска иницијатива во општина Бутел

### МОБИЛНОСТ И УПРАВУВАЊЕ

ИОМ ѝ даде поддршка на Владата за изготвување и спроведување политики за управување со миграцијата. Околу 100 институционално засегнати страни добија поддршка од ИОМ за справување со транснационалниот организиран криминал, како што е криумчарењето мигранти и трговијата со луѓе, како и заштитата на ранливите категории мигранти. ИОМ работи на зајакнување на националните капацитети и системи за ефективно и сеопфатно прибирање, анализирање и размена на податоци за миграцијата и усогласување со стандардите на ЕУ, како и на пилотирање на првиот Модул за миграција во Анкетата за работна сила. ИОМ обезбедува достапност, пристап и анализа на податоците за миграцијата преку тековната иницијатива на ИОМ, односно матрицата за следење на миграциските движења којашто овозможува следење на мобилноста и на сеопфатните потреби на групите население што мигрираат. ИОМ исто така работи со националните партнери за интегрирање на можностите за човечка мобилност во рамките на заложбите за справување со климатските промени преку воспоставениот Инструмент за зелено финансирање.

Обука за справување со трговија со луѓе и криумчарење мигранти



# КЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ

## КЛУЧНИ ФАКТИ

**11,248**

**мигранти добија хуманитарна помош.**

**562**

**жртви и потенцијални жртви на трговија со луѓе и други ранливи категории беа идентификувани, им беше дадена помош и беа упатени.**

**6**

**младински иницијативи во заедницата добија поддршка.**

**Околу 100**

**чинители изградија капацитети за различни области во управувањето со миграцијата.**

## Безбедно враќање и реинтеграција преку Програмата за асистирано доброволно враќање и реинтеграција на ИОМ

Даниела и нејзиното семејство се вратија во Северна Македонија со поддршка од ИОМ преку Програмата за асистирано доброволно враќање и реинтеграција.

„Сум имала секакви маки во животот“, вели Даниела.

„Прво живеев со родител што имаше проблем со зависност. Потоа, живеев во сиромаштија. Со сопругот и детето водевме секојдневна борба за преживување во туѓина.

Програмата АВРР ни овозможи безбедно да се вратиме во нашата земја и, што е уште поважно, го олесни вклучувањето на нашето дете во формалното образование.“



©IOM

## Младинска иницијатива во општина Бутел



Сара, Мухамед и Александар учат во исто училиште во општина Бутел. Благодарение на нивната младинска иницијатива и со поддршка од ИОМ, беше реновирана спортската сала во училиштето.

Спортот претставува важна и позитивна оддишка за нив и за нивните соученици и им овозможува да развиваат клучни животни вештини и вредности. Освен физичките здравствени придобивки, новиот простор за спортување им овозможи да развиваат социјални и комуникациски вештини, да се стекнат со емоционална благосостојба и други позитивни вредности, какви што се спортскиот дух, фер игра и почит кон другите. Спортската сала ги зближи, им овозможи дружење и им го засили чувството на припадност на заедницата.

### СОЊА БОЖИНОВСКА ПЕТРУШЕВСКА

**Шефица на канцеларијата на ИОМ во Северна Македонија**

Како меѓувладина организација што е задолжена за управување со миграцијата, ИОМ во Северна Македонија ѝ дава поддршка на земјата во пружање хуманитарна помош на ранливите мигранти, при идентификување и упатување на жртвите на трговија со луѓе, градење капацитети за управување со миграцијата, изготвување статистики за миграцијата и дигитализација на управувањето со миграцијата.

Горди сме затоа што им дадовме поддршка на младите што осмислија иницијативи во заедницата во Северна Македонија и затоа што имаме еколошки и развојни иницијативи за вклучување на дијаспората.

ИОМ ќе продолжи да ја поддржува Северна Македонија во промовирање сеопфатни и одржливи пристапи ориентирани кон решенија, со цел ефикасно управување со миграцијата и искористување на нејзиниот развоен потенцијал за остварување на ЦОР без никој да биде изоставен.



# ПРОМОВИРАЊЕ НА РАБОТНИЧКИТЕ ПРАВА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## МОТ ДАДЕ ПОДДРШКА ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ВО 2023 ГОДИНА

International Labour Organization

Македонската Влада, синдикатите, организациите на работодавачи и МОТ ја потпишаа новата Национална програма за пристојна работа (НППР) за периодот 2023-2025 година. Клучни приоритети на НППР се: креирање повеќе и подобри работни места, подобрување на можностите за вработување за младите жени и мажи и поттикнување инклузивен пазар на труд преку зајакнат социјален дијалог. Владата и социјалните партнери се фокусираа на спроведување на Националната стратегија за вработување (НСВ) 2021-2027 година, при што спроведоа низа заеднички политички мерки што се однесуваат на образованието и обуката, економскиот развој, развојот на претпријатијата и политиките на пазарот на труд за справување со предизвиците што се јавуваат како резултат на повеќекратните кризи. МОТ останува единствен институционален партнер на Северна Македонија во воведување и спроведување на Гаранцијата за млади. Новиот План за спроведување на Гаранцијата за млади 2023-2026 година, донесен на 5 април 2023 година, се надоврзува на резултатите од претходниот план, што доведе до намалување на бројот на млади НЕЕТ, зголемување на стапката на вработеност и намалување на стапката на невработеност во земјата и покрај негативните последици од кризата со КОВИД-19, војната во Украина и економската и енергетската криза. Очигледно е дека синдикатите играа важна улога како бранители на работничките права. Тие силно се противеа на одредени одлуки на Владата што ја поткопуваа улогата на Економско-социјалниот совет, како на пример, измените и дополнувањата на Законот за работни односи коишто се однесуваа на работното време и се усвоија без претходна консултација со социјалните партнери. Сите синдикати остро се спротивставија на овие измени, сметајќи ги за флагрантно кршење на правото на пристојно работно време што треба да се оспори пред Уставниот суд. На 14 јуни 2023 година, македонското Собрание ја ратификува Конвенцијата на МОТ за елиминирање на насилството и вознемирувањето во светот на работата бр. 190 по препорака на Економско-социјалниот совет и Владата.




На бипартитно ниво, по 15 години, првиот Општ колективен договор за јавниот сектор беше потпишан на 18 јули 2023 година. Мирното решавање на неколку случаи на колективни работни спорови од висок профил покажа дека воспоставениот механизам за мирно решавање на работните спорови (МРРС) е од исклучителна важност и ја зголемува довербата во ефективноста на системот. Благодарение на овие случаи, беа откриени некои од недостатоците на постојниот систем. Затоа, на македонските чинители им беше ставена на располагање новата алатка на МОТ за самопроцена на механизмите за решавање на работните спорови.

Тие ги идентификуваа предностите и слабостите на механизмот за МРРС и врз основа на заклучоците изготвија Акциски план за реформи и унапредување на мирното решавање на работните спорови за периодот 2023-2026 година.

## КЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ

### ГАРАНЦИЈА ЗА МЛАДИ

**8038 (4109 ЖЕНИ) МЛАДИ ЛИЦА**

се вработија во рок од 4 месеци откако се пријавија за Гаранцијата за млади.

### ДИЈАЛОГОТ ГО ПОДОБРУВА ЖИВОТОТ

**НА 131,009 РАБОТНИЦИ**

во јавниот сектор им беа зголемени платите и им беа овозможени подобри услови за работа со потпишувањето на Општиот колективен договор за јавниот сектор.

### ПРИСТАП ДО РАБОТНИЧКА ПРАВДА

**10,534 РАБОТНИЦИ**

добија правна помош преку мобилната апликација на Сојузот на синдикати на Македонија.

**1,729 РАБОТНИЦИ**

што водеа работни спорови ги решија на мирен начин со помош на механизмот во 2023 година.

# ЧЕКАЊЕТО ЗАВРШИ – ПРАВНИОТ ИДЕНТИТЕТ ЗА СИТЕ СТАНУВА РЕАЛНОСТ

## УНХЦР ДАДЕ ПОДДРШКА ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ВО 2023 ГОДИНА

UNHCR
The UN Refugee Agency

Свечена атмосфера во одделението на Управата за водење на матичните книги во Скопје, главниот град на Северна Македонија, за време на настанот што се организира за да се одбележи постигнатиот напредок за ставање крај на бездржавјанството во Северна Македонија и доделувањето нови изводи од матичната книга на родени.




Дваесетина лица што цел живот немаа ниту матичен број, ниту некакви документи, трпеливо чекаа уште од рано наутро, иако церемонијата требаше да почне за три часа. УНХЦР и партнерскиот кадар ги прашуваа дали можат да направат нешто за да им биде попријатно чекањето, а тие во еден глас рекоа: „Цел живот чекаме. Ништо нема да ни биде ако почекаме уште неколку часови“.

Едно од лицата што добија извод е г-а Зулфија Амза, педесет и петгодишна жена родена во Скопје, која никогаш во животот не била на лекар. Бездржавјанството ја принудило цел живот да пита за да се прехрани и да преживее, бидејќи немала пристап до социјална помош без лична карта или пасош. Сестрата на Зулфија починала и ги оставила своите деца сираци со истата мака да живеат без правен идентитет.

Пред да прозбори премиерот Ковачевски, Зулфија гласно издиша и со многу емоции им се заблагодари на сите одговорни лица што конечно им дадоа изводи.

Премиерот Ковачевски рече дека овие луѓе, кои досега беа надвор од пазарот на труд, сега ќе можат да се вработат, да отворат свои фирми, да ги користат сите поволности што им следуваат според Уставот и законите во земјата, легално да стапат во брак, а нивните деца без проблеми да бидат запишани во матичната книга на родени.

Воопшто не беше лесно да се дојде дотука. Господинот Габриел Гуалано де Годој, претставник на УНХЦР, организацијата на ОН за бегалци, чија задача е да им помага на државите низ светот да стават крај на бездржавјанството, рече: „Овој голем напредок е во согласност со клучните меѓународни стандарди: Конвенциите на ОН од 1954 и од 1961 година за бездржавјанството, како и со Агендата 2030 и Целта за одржлив развој 16.9 за евиденција на родените и правен идентитет за сите. Насмевките на овие деца и можноста да речат #IBelong („Припаѓам“) се резултат на заедничката работа на Собранието и на Владата за никој да не биде изоставен“.

## КЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ

**218**
**случаи на бездржавјанство беа разрешени во текот на годината.**

**511**
**од 786 лица за кои е познато дека се изложени на ризик од бездржавјанство ја добија својата прва лична карта во Северна Македонија по разрешување на нивните случаи.**

**1,743**
**лица без државјанство добија бесплатна правна помош за постапките за азил и за стекнување правен идентитет и државјанство.**

**235**
**лица со специфични потреби добија поддршка преку психосоцијални, културолошки, јазични активности и активности за градење вештини.**

### Габриел Гуалано де Годој

**Претставник на УНХЦР во Северна Македонија**

Навистина сум благодарен за широкиот сојуз што го воспоставивме и напорите што ги вложивме за ставање крај на бездржавјанството во Северна Македонија. УНХЦР работеше заедно со Собранието, владините институции и министерствата, Делегацијата на ЕУ, ОБСЕ, Советот на Европа, УСАИД, амбасадите и граѓанските организации.

Бездржавјанството ќе продолжеше да ги отежнува животите на луѓето да не беа заложбите на Собранието под раководство на три особено посветени пратенички – г-а Соња Мираковска, г-а Снежана Калеска-Ванчева и г-а Љатифе Шиковска – кои се погрижија со неколку закони да се исправат и да се пополнат сите законски празнини.

Спроведувањето на изменетите закони е историски придонес со кој се става крај на бездржавјанството во Југоисточна Европа, ветување што беше дадено на Глобалниот форум за бегалци што се одржа во 2023 година.



# СИГУРНА ИДНИНА ЗА БАЛКАНСКИОТ РИС

## УНЕП ДАДЕ ПОДДРШКА ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ВО 2023 ГОДИНА

UN environment programme

Со едногласна одлука на Конференцијата на засегнатите страни на Конвенцијата за зачувување на преселните видови на диви животни (CMS) во февруари 2024 година во Узбекистан, под заштита беа ставени евроазискиот рис во Додаток II на CMS и критично загрозениот подвид, балканскиот рис, во Додаток I. Сите земји членки на CMS и земјите каде што живеат овие видови многу позитивно го прифатија предлогот и добија огромна поддршка од ЕУ и разни меѓународни организации за зачувување на природата.



©UNEP Vienna Programme Office/ Secretariat of the Carpathian Convention

„Подвидот балкански рис е национален симбол на Северна Македонија заштитен со закон. Секторот за природа во рамките на Министерството за животна средина и просторно планирање со гордост изјавува дека последната Конференција на засегнатите страни на CMS го прифати нашиот предлог за наведување на евроазискиот рис во Додаток II и на балканскиот рис (како подвид на евроазискиот рис) во Додаток I од Конвенцијата за CMS. Се очекува ова во голема мера да придонесе за зачувување на овие видови, особено во однос на заштитата на политичко ниво, ќе се подобри прекуграничната соработка помеѓу соседните земји и ќе се привлечат повеќе средства за спроведување понатамошни мерки за зачувување. Изразуваме искрена благодарност до УНЕП/ Програмската канцеларија во Виена, до експертите од Специјалистичката група во рамките на Комисијата за опстанок на видови (SSC) на Меѓународната унија за заштита на природата (IUCN), како и до сите национални институции, домашни и странски експерти и до јавноста затоа што ја поддржуваат нашата иницијатива", велат од Министерството за животна средина и просторно планирање. Во средината на 2023 година, македонското Министерство за животна средина и просторно планирање, заедно со ресорните министерства за животна средина во Албанија, Босна и Херцеговина и Узбекистан, поднесе предлог за наведување на евроазискиот рис во Додаток II и критично загрозениот подвид, балканскиот рис, во Додаток I на Конвенцијата за зачувување на преселните видови на диви животни (CMS/Бонска конвенција). Предлогот за наведување произлезе и беше координиран од Секретаријатот на Карпатската конвенција/тимот на УНЕП Виена и Специјалистичката група во рамките на Комисијата за опстанок на видови (SSC) на Меѓународната унија за заштита на природата (IUCN).

„Вклучувањето на балканскиот рис во CMS, покрај другите придобивки, претставува и обврска на земјите каде што живеат овие видови заедно да работат и да изготват стратегија за зачувување, која ќе се насочи кон заштита на популацијата. Многу сум горд што Северна Македонија најмногу се залагаше, затоа што тоа покажува дека и малите земји можат да придонесат за глобалното зачувување – како што е случај со евроазискиот рис, наведен во Додаток II од Конвенцијата", вели Диме Меловски, национален експерт.

Целиот процес претставуваше уникатно искуство за соработка што ги спои националните власти, научниците и организациите за зачувување на национално и меѓународно ниво, со цел да можат да ја разгледаат моменталната состојба и да дискутираат за можните чекори во иднина. Се очекува да се зголеми свеста за статусот на зачувување на видовите и подвидовите во земјите каде што живеат, ќе се даде придонес за исполнување на целите утврдени со националните стратегии за заштита на природата, ЦОР, Карпатската конвенција, Глобалната рамка за биолошка разновидност, Конвенцијата за биолошка разновидност и други мултилатерални еколошки договори. Воедно, процесот може да привлече повеќе средства за спроведување понатамошни мерки за зачувување и за подобрување на прекуграничната соработка меѓу соседните земји каде што живеат овие видови, а особено во регионот Кораб/Коритник/НП Маврово/НП Шар Планина – природното живеалиште на критично загрозениот балкански рис.





# ВЛОЖУВАЊЕТО ВО ПРАВАТА НА ЖЕНИТЕ Е ВЛОГ ВО ИДНИНАТА НА ЧОВЕШТВОТО

## Одбележување на Светскиот ден за борба против опустинувањето и сушата

17 јуни, Светскиот ден за борбата против опустинување во земји што се соочуваат со сериозни суши и/или опустинување, беше одбележан во Скопје, Северна Македонија, со инспиративни приказни од жени земјоделки и под мотото #HerLand. Жените играат клучна улога во здравјето на земјата, но честопати немаат контрола врз него.




Жените играат клучна улога во здравјето на земјата, но честопати немаат контрола врз него. Во сите делови од Во сите делови од светот, жените се соочуваат со големи препреки при стекнување сопственост на земјиште, што значи дека имаат ограничени можности за напредување. Кога земјиштето се деградира, а водата е оскудна, честопати најпогодени се токму жените. Вложувањето во еднаков пристап на жените за сопственост на земјиште и други средства претставува директен влог во нивната иднина и во иднината на човештвото.

Време е жените и девојките да застанат во првите редови на глобалните напори за обновување на земјиштето и отпорност на суши.

Под мотото #HerLand, Програмата на Обединетите нации за животна средина (УНЕП), Конвенцијата на Обединетите нации за борба против опустинувањето (УНЦЦД) и Министерството за животна средина и просторно планирање на Северна Македонија, со поддршка на Националната федерација на фармери и на Центарот за климатски промени, заеднички го одбележаа Светскиот ден за борба против опустинувањето и сушата во Градскиот парк.

Главниот фокус на Денот на борба против опустинувањето и сушата во 2023 година беше ставен на правата на имот на жените – од суштинско значење за постигнување на меѓусебно поврзаните глобални цели за родова еднаквост и за неутралност за деградација на земјиштето до 2030 година, како и придонес за унапредување на Целите за одржлив развој. Главната цел на настанот беше да се претстават производите на повеќе од 40 инспиративни жени земјоделки од целата земја, на пример: мед, маџун, семејни винарии, ракии, природни чаеви, млечни производи од семејни фарми, готвени јадења по рецептите на нашите предци и уште многу други производи создадени од вредните раце на овие жени, кои беа изложени во Градскиот парк во Скопје.












# ТРИУМФ НА НАЦИОНАЛНАТА РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА

## Заедно за подобро утре – ја креираме судбината на нашата нација, обединети во различноста

Во соработка со нашите партнери успешно се здобивме со широка поддршка за овој визионерски документ и го поставивме развојниот пат на земјата во наредните децении. Националната развојна стратегија е доказ за одличната соработка помеѓу пратениците од опозициските и од владејачките партии, претставниците на институциите, министерствата, граѓаните, маргинализираните групи, експертите, тинк-тенковите, стопанските комори, НВО и граѓанските организации.



©UNDP

Најзначајното достигнување беше неодамнешното едногласно донесување на Законот за НРС од страна на Собранието со поддршка од 62 присутни пратеници, надминувајќи ги партиските поделби. Ова достигнување ја отсликува заедничката визија и консензусот за развојниот пат на нашата земја во следните 20 години и ја нагласува важноста на инклузивното управување и на заедничките напори.

Всушност, НРС служи како модел за стратешко планирање што покажува колку е силна нашата демократија и колкав потенцијал имаме кога различните гледишта ќе се обединат во една заедничка визија.

Успехот на НРС не е само приказна за креирање политики, туку е и доказ за трансформативното влијание на единството при осмислувањето планови за поинклузивна и поперспективна иднина на нашата земја.

Многуте позитивни коментари за стратегијата и зеленото светло по нејзиното донесување во Собранието се доказ за постигнатиот консензус.

Беше донесена одлука да се формираат помошни тела на Националниот совет за развој: Работен комитет со четири подгрупи (врз основа на моделот на четирикратен хеликс) и Управен одбор, што ја покажува посветеноста на спојување на разните гледишта во еден заеднички пристап.

Одделението за НРС во рамките на Генералниот секретаријат е целосно опремено за водење на процесот на спроведување, следење на стратегијата и евалуација.

Минатиот месец се одржа конститутивната седница на Националниот совет за развој со која претседаваше премиерот на Република Северна Македонија. Советот е место за различни перспективи, кое ги обединува на едно место чинителите од различни сектори, вклучувајќи ги Владата, Кабинетот на Претседателот, Собранието, од регионите и општините, МАНУ, факултетите, стопанските комори, синдикатите, граѓанското општество и младите.

# КАКО РАБОТИ УНДП

### ДЕМОКРАТСКО ВЛАДЕЕЊЕ

Секторот за демократско владеење (ДВ) во УНДП е посветен на зајакнување на реформите во управувањето преку заеднички акции, трансформација на системот и градење отпорност. Овој сектор ги олеснува и ги координира процесите за креирање политики во различни политички домени, нивоа на власт (национални и локални) и чинители (јавни, приватни, граѓански организации и развојни партнери). Водечката програма на ДВ ѝ дава поддршка на земјата за донесување на Националната развојна стратегија (НРС), визионерски документ што го оцртува развојниот пат во следните 20 години.



Градиме институционални и граѓански капацитети за спречување на насилството, за промовирање средини без насилство и за поддршка на жртвите.

### ИНКЛУЗИВЕН ПРОСПЕРИТЕТ

Цел на УНДП е да овозможи социјално исклучените жени и мажи да си го подобрат животот преку проширување на нивните можности и олеснување на пристапот до квалитетни услуги и вработување во повеќе области. Најмногу напори се вложуваат за креирање пристојни работни места и намалување на невработеноста како важен чекор во зголемувањето на социјалната вклученост. Голем дел од поддршката е насочена кон осмислување мерки за одржлив економски раст и зајакнување на младинскиот капитал преку воведување нови иновативни механизми за (ре)интеграција на долготрајно невработените лица и другите ранливи групи.


48-годишната велешанка Лорета Рогузарова долго време беше невработена без никакво претходно формално работно искуство. По завршувањето на обуката за обезбедување услуги на грижа на лица со попреченост во рамки на програмата Економија на грижа, за првпат во животот е формално вработена и финансиски независна.

### ЕНЕРГЕТИКА, ЖИВОТНА СРЕДИНА И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ ОД КАТАСТРОФИ

Секторот за енергетика, животна средина и управување со ризици од катастрофи има за цел да им овозможи на носителите на одлуки да ги вклучат акциите против климатските промени, загубата на биодиверзитетот и енергетската зависност во работата на нивните институции. Ако инвестираме денес, ќе го унапредиме здравјето на луѓето, обезбеденоста со храна и квалитетот на живот, но исто така ќе оствариме и финансиски придобивки во иднина. Ѝ помагаме на земјата да ги исполни и да ги унапреди своите Национално утврдени придонеси (НУП) според Парискиот договор за климатски промени.


Стабилизацијата на свлечиштата е само еден дел од проектот „Подобрување на отпорноста од поплави во Полошкиот регион", кој со 12 милиони швајцарски франци го финансира швајцарската влада, а го спроведува УНДП во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање и 9-те општини во Полошкиот регион.

### ЗЕЛЕНО ПОРТФОЛИО

Зеленото портфолио обединува различни програмски елементи за полесно сеопфатно планирање и спроведување. Се фокусира на иновативни механизми за финансирање со цел унапредување на зелената агенда, особено заради овозможување пристап на МСП и на домаќинствата во Северна Македонија до обновливи извори на енергија и намалување на емисиите на стакленички гасови. Им дава поддршка на националните и на локалните институции да се справат со развојните и со еколошките предизвици и работи на подобрување на квалитетот на воздухот преку родово чувствително и инклузивно развојно планирање, транспарентност и поголема вклученост на приватниот сектор и на ГО во развојните патишта на заедницата.


Во проектот беше планирана повеќестрана интервенција за справување со загаденоста на воздухот во Град Скопје, со посебен осврт на станбениот сектор. Беше осмислен мониторинг систем за пилот зоната во населбата Лисиче и сет од политички мерки за справување со причините за загадувањето.

# КЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ

## Нови „зелени“ опции за заем за недоволно опслужените МСП и поединци во Северна Македонија

Новите опции за заеми со плаќања засновани на успешност (ПБП) ќе бидат достапни за малите и средни претпријатија (МСП) и за седум целни групи на кредитоспособни, но недоволно опслужени поединци/домаќинства од Северна Македонија. Заемите ќе се користат за инвестиции во обновлива енергија (ОЕ) и решенија за енергетска ефикасност (ЕЕ), како на пример: фотоволтаици, топлински пумпи, инвертери, соларни панели, ефикасни системи за греење итн. Проектот „Инструмент за зелено финансирање“ го спроведуваат Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), Меѓународната организација за миграција (ИОМ) и Економската комисија на Обединетите нации за Европа (УНЕЦЕ), заедно со Европската банка за обнова и развој (ЕБОР).


©UNDP

## Ослободување од стегите на семејното насилство


©UNDP

„На почетокот мислев дека е некоја моментална нервозна, агресивна ситуација што нема да се повтори, но сè почесто и почесто се повторуваше и на крајот премина во навика. Се надеваш дека еден ден ќе престане, но се лажеш, никогаш нема да престане, само станува полошо и посериозно. На крајот трпиш сè поголемо и поголемо насилство“. Младата жена неколку недели размислувала дали да ја сподели својата приказна за насилството што го трпела од сопругот. Еден ден сепак се јави и ни рече дека е подготвена да сподели, бидејќи сака да испрати порака до жените што се заробени во „кафезот на семејното насилство“.

„Насилството беше постојано и станувaше сè полошо.“ Таа се соочила со виктимизација и надвор од домот. Била исмевана, озборувана, а на потсмев наишле и дел од обидите да го пријави насилството. Оваа жена е една од илјадниците во Северна Македонија што трпат родово-базирано насилство. Службените податоци на Министерството за внатрешни работи покажуваат дека во 2022 година се регистрирани 1.117 кривични дела поврзани со семејно насилство, што е 6 % повеќе во споредба со 2021 година.

## Санирање на свлечиштето во Пирок – нема потреба за „куќа на тркала”

Двапати во животот, пензионираниот наставник од Пирок, Нагип Фетаху, и неговото семејство доживеале страв и трепет поради опасни свлечишта. Јасно се сеќава на првиот пат, во 1985 година, кога живееле во постојан страв дека ќе се урне нивната куќа, која била значително оштетена од едно свлечиште. Куќата напукнала, но не и сеќавањата. По повеќе од 33 години, куќата на наставникот повторно била во опасност поради свлечиште. Ако такво нешто се повтори, ако двете куќи се урнат, се мислевме да изградиме куќа на тркала за да можеме да ја движиме, бидејќи имаме доволно простор“ – вели Фетаху полушеговито. Пензионираниот наставник на повеќе од 10 генерации ученици во основното училиште „Сами Фрашери“ во Пирок, во интервенциите за стабилизирање на свлечиштата гледа надеж за посигурна иднина за себеси, за своите соседи и, што е уште поважно, за малите деца што посетуваат настава во училиштето каде што оставил белег како еден од најомилените просветни работници.


©UNDP

## BioHack my World


©UNDP

УНДП, заедно со Град Скопје и УНИЦЕФ, отвори најсовремена биотехнолошка лабораторија отворена за јавноста, која ја доближува науката до заедницата на претприемачи, приватниот сектор, младите истражувачи и стартапите. Биотехнолошката лабораторија поинаку ги претставува наративите за биоотпад и игра улога на иницијатор за трансформација на системот што ќе ги инспирира младите луѓе да се посветат на истражувања во областа STEAM и во блиска иднина да креираат економски можности, како на пример стартапи, приватен сектор и фирми- ќерки што ќе вработуваат висококвалификувани работници, особено млади и средношколци. Проектот BioHack MyWorld е само еден од многуте со кои раководи тимот на #AcceleratorLab во Северна Македонија, кој беше формиран во октомври 2020 година и оттогаш работи како тим во рамките на канцеларијата на УНДП во земјата.

## КЛУЧНИ ФАКТИ

**35**
жени добија помош во Центарот за жртви на СН и РБН во Радовиш

Беа спроведени консултации со
**14,000**
лица за НРС во рамките на визионерските работилници.

**129**
домаќинства во Лисиче го заменија стариот систем за греење со нов и енергетско-ефикасен систем.

## АРМЕН ГРИГОРИЈАН

**Постојан претставник на УНДП**



Ние, како УНДП, даваме активна поддршка за развојните процеси во клучните аспекти од општествениот, политичкиот и економскиот живот во земјата. Нашата соработка за изготвување на Националната развојна стратегија претставува значајно достигнување. Беше обезбедена широка поддршка за изготвување на овој напреден документ што го постави развојниот пат на земјата во следниве децении.

Постојано се фокусираме на зајакнување на младите, жените и лицата со попреченост, заштита на природата, зајакнување на локалните власти, почитување на владеењето на правото, справување со климатските промени, борба против загадувањето на воздухот, дигитализација и намалување на ризиците од катастрофи. Се стремиме да ги подобриме животните услови и да поттикнеме инклузивни и рамноправни општества преку иновативни пристапи.

УНДП Северна Македонија гради силно партнерство со Владата, Собранието, општините, академската заедница, приватниот сектор, граѓанските организации и другите чинители, со здружени сили ја унапредува одржливата и инклузивна агенда за социјален и економски развој и работи на остварување на Целите за одржлив развој.

# ГИ МЕНУВАМЕ ЖИВОТИТЕ НА ЖЕНИ ШТО ПРЕЖИВЕАЛЕ НАСИЛСТВО ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## УНФПА ја поддржува Владата на Северна Македонија во спроведувањето интегрирана политика против родово-базираното насилство.

UNFPA

„Во прифатилиштето најдовме мир и можевме добро да се наспиеме", рече Ана, која заедно со своите две деца веќе една година престојува во еден од центрите за жртви на родово-базирано и семејно насилство во Северна Македонија.

„Благодарение на тимот од центарот, сега се чувствувам многу посилно, имам поголема самодоверба, а моите деца одат гордо и со кренати глави".



©UNFPA

УНФПА работи на унапредување на достапните услуги за спречување родово-базирано и семејно насилство врз жените и заштита на жртвите, со што придонесува за подобрување на животот на жените.

Оваа организација на ОН ја поддржува Владата на Северна Македонија да воспостави и да имплементира интегрирани политики за родово-базираното насилство насекаде во земјата во согласност со начелата на Истанбулската конвенција и да ги унапреди услугите што се достапни за жените и за девојките жртви.

„Насилството врз жените често е премолчено и непријавено. Тоа е проблем на целото општество, а државата и институциите мора да работат на спречување и овозможување заштита на жртвите, поддршка за нивната реинтеграција во општеството, казнување на сторителите и помош при нивната ресоцијализација", вели Светлана Цветковска, раководителка на Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика.

Во ноември 2022 година Владата ги донесе измените и дополнувањата на Кривичниот законик со цел усогласување со Истанбулската конвенција, при што беше дефинирано родово-базираното насилство врз жените и се одлучи сите негови облици да се сметаат за казниви.

„Со нашите партнери – Амбасадата на Велика Британија и Министерството за труд и социјална политика – ѝ даваме поддршка на Владата за усогласување на правната рамка, проширување на услугите и подобрување на прибирање и анализата на податоците", рече Жаклина Гештаковска-Алексовска, аналитичар за Родовата програма на УНФПА, Северна Македонија.

# КАКО РАБОТИ УНФПА

## ПРОГРАМА ЗА СЕКСУАЛНО И РЕПРОДУКТИВНО ЗДРАВЈЕ

Министерството за здравство ги смета мобилните гинеколошки клиники, кои се основаа со поддршка на УНФПА како одговор на КОВИД-19, за најдобра опција да се стигне до најранливите жени и девојчиња; воедно, Министерството за здравство трета година по ред ги зголемува средствата за скрининг услугите на мобилните клиники. Најновото зголемување изнесува 18 % (2.000.000 денари во 2024 година, наспроти 1.700.000 денари во 2023 година).

## ПРОГРАМА ЗА ДИНАМИКА НА НАСЕЛЕНИЕТО

УНФПА прва почна со вклучување на начелата на демографска отпорност во идниот развој на политиките во Северна Македонија и даде поддршка за изготвување на нацрт-верзијата на новата Стратегија за демографски политики 2024-2044 година, која се фокусира на активното стареење, миграцијата и развојот на човечкиот капитал. Проекциите на населението за следните 50 години беа завршени и за првпат по 25 години беше направено повторно пресметување на проценките на вкупното население помеѓу последните два пописа.

## ПРОГРАМА ЗА МЛАДИ

Националната стратегија за млади 2023-2027 беше изготвена со вклучување теми за сеопфатно сексуално образование во формалниот образовен процес, индикатори за млади, теми за ментално здравје и целокупна благосостојба на младите и на другите лица. Националната и регионалната соработка помеѓу младите беше зајакната преку размена на искуства и иницијативи за градење капацитети, на пример, преку работа на Локалните младински совети, партнерство со Специјална олимпијада, институционална соработка, обуки за обучувачи и локални младински работилници.

## РОДОВА ПРОГРАМА

За целосно операционализирање на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, УНФПА ги поддржа властите инклузивно да изготват и да донесат нов протокол за мултисекторски одговор на насилството врз жените/семејното насилство во чиј центар се жртвите и да го направат првиот список од 33 лиценцирани обучувачи за РБН/СН од сите институции и ГО. Протоколот овозможува операционализација на мултисекторскиот одговор насочен кон жртвите на родово-базираното насилство.


Мобилни клиники на УНФПА посетуваат оддалечени места во Северна Македонија.


Беа направени проекции на населението за следните 50 години – Битола, Северна Македонија


Обука за обучувачи.


Се делеше промотивен материјал за спречување и заштита од РБН во локалните заедници во Северна Македонија.

# КЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ

## 560 жени во оддалечени места добија услуги за СРЗ

„Чувството кога спасувате живот е поголемо од која било награда на овој свет. Тоа е мојата главна мотивација", вели д-р Јасминка Ајтовска, специјалист по семејна медицина во село Чешиново, која неуморно ги повикува жените во селото да направат преглед за превенција на рак на грлото на матката во мобилните клиники.

Преку мобилните гинеколошки клиники основани со поддршка од УНФПА, 560 жени во оддалечените места каде што нема гинеколог, вклучувајќи и 40 жени во затвори, психијатриски клиники и корисници на дрога, добија услуги за СРЗ и скрининг за рак на грлото на матката во 2023 година. „Овие жени ретко закажуваат гинеколошки прегледи, затоа што во нивната општина никогаш немало матичен гинеколог", вели д-р Ајтовска.

За моделот за сексуално и репродуктивно здравје (СРЗ) и мобилните гинеколошки клиники, што за првпат беше претставен од УНФПА, постојано се издвојуваат сè поголеми средства од државата, односно 18 % во 2024 година.

Исто така, во рамките на националната Програма за скрининг на рак на грлото на матката, на 53.340 жени на кои не им бил направен скрининг во претходните 3 години, им беше направен скрининг во 2023 година, што претставува седумкратно зголемување од 2022 година. Овие инвестиции се во согласност со активностите на УНФПА на терен.




## Промоција на поимникот @bodyright – твоето тело е твое и на нет




„Кога имав 16 години, првпат се соочив со онлајн вознемирување. Не знаев како да реагирам и си помислив дека јас сум виновна", раскажува младата активистка Рита Бехадини од Тетово, Северна Македонија. „Што направив за овој маж ова да ми го напише?", додава таа. „По неколку години, сфатив дека тоа било вознемирување, дека било насилство и дека си носи свои последици." Поимникот @bodyright објавен на локалните јазици имаше за цел да ја подигне свеста за родово-базираното насилство извршено со (зло)употреба на технологијата преку глобалната кампања на УНФПА, @bodyright. Поимникот беше промовиран во рамките на локализирана кампања во Северна Македонија, каде што околу 11 национални инфлуенсери учествуваа во активности на социјалните мрежи што го претставуваа новото авторско право за човечкото тело.

„Поимникот многу помага, затоа што кога зборуваш за нешто, го совладуваш срамот. Секое споменување води кон совладување на срамот, а ако се совлада срамот, тогаш пријавувањето на насилството и другите процеси ќе одат побрзо", вели Ана Василева, феминистка и активистка.

## УНФПА, една од основачите на ресурсната група за вработени со попреченост

УНФПА замислува свет каде што сите ќе бидат вклучени, ќе имаат еднакви можности и ќе бидат заштитени од насилство. Еден од предводниците на тие заложби во Северна Македонија е токму нашиот колега Вангел Тркаљанов, кој и самиот е лице со попреченост. „Успехот е очигледен кога работните места активно поттикнуваат инклузивна култура во која уникатните таленти и перспективите на вработените со попреченост се вреднуваат и се користат", вели Вангел. Знаејќи колку е корисно споделувањето на искуствата, тој придонесе за воспоставување ресурсна група за вработени со попреченост и ја потенцира важноста на заедничките заложби за овозможување пристапност и зајакнување на свеста на работното место.

„Успехот е можен кога организациите даваат предност на пристапноста, ги прават потребните приспособувања и активно поддржуваат можности за професионално усовршување во согласност со потребите на вработените со попреченост", објаснува тој. Работата на Вангел го менува наративот – лицата со попреченост не се само вклучени, туку се и двигатели на напредок.




## KEY FACTS

**265**

**млади лица разговараа за инклузијата, еднаквоста и довербата на 13 локални работилници во 10 општини.**

## АФРОДИТА ШАЉА

**Шефица на канцеларијата на УНФПА во Северна Македонија**

Нашата мисија да креираме свет во кој секоја бременост е посакувана, секое породување е безбедно, а потенцијалот на секој млад човек е искористен, претставува клучен придонес за глобалните, регионалните и националните приоритети. Постигнавме значителен напредок во борбата против родово-базираното насилство и во давањето услуги за сексуално и репродуктивно здравје (СРЗ) на жените и девојчињата во недоволно опслужените области. Спроведувањето на Националната стратегија за млади 2023-2027, а особено сеопфатното сексуално образование, менталното здравје и целокупната благосостојба, беше еден од поважните приоритети.
УНФПА се залагаше за вклучување на демографската отпорност во Националната развојна стратегија 2024-2044 година и за изготвување на новата Стратегија за демографски политики 2024-2044 година. Нашите 50-годишни проекции на населението и анализата на податоци претставуваат суштински информации за донесување одлуки засновани на докази на теми поврзани со стареењето, миграцијата и развојот на човечкиот капитал. Заедничките успеси што ги постигнавме во 2023 година со нашите партнери покажуваат дека целосно сме посветени на градење поправедна и правична иднина за сите.
Ништо од ова немаше да биде можно без безрезервната поддршка од Владата, Кабинетот на Претседателот, Собранието и силните стратешки партнерства со ГО, академската заедница, приватниот сектор, организациите на ОН и другите поддржувачи.
Продолжуваме со нашите заложби за претворање на нашата земја во место каде што многумина ќе сакаат да живеат.



# 30 ГОДИНИ ЗА СЕКОЕ ДЕТЕ

## ЗАЕДНО СО ПАРТНЕРИТЕ, УНИЦЕФ ОСТАНУВА УШТЕ ПОПОСВЕТЕН НА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА СЕКОЕ ДЕТЕ И НА ОСТВАРУВАЊЕ РЕЗУЛТАТИ

unicef
for every child





Еден од приоритетите на Мрежата, којашто сега ја вклучува и биотехнолошката лабораторија, е да ги доближи практичните активности поврзани со науката и животната средина до учениците и наставниците.

*Мрежата за искуствено учење ги доближува науката и практичните активности до учениците и до наставниците.*

Во тесна соработка со Бирото за развој на образованието и со поддршка од УНИЦЕФ, во 2023 година официјално беше воспоставена Мрежата за искуствено учење, мрежа на институции што доближуваат науката и животната средина до децата и адолесцентите.

Мрежата, во која се вклучени Македонското еколошко друштво, Ботаничката градина – Скопје, Хидробиолошкиот завод – Охрид, Едукативниот центар за зачувување на природата – Негрево, Народна техника и Националниот парк Галичица, изготви и спроведе вонучилишна наставна програма што ги опфаќа сите одделенија и нивоа во основното и средното образование.

Досега речиси 6.000 наставници добија континуирана поддршка за искуствено учење и можности за професионално усовршување, а повеќе од 1.200 ученици од целата земја учествуваа на работилниците што се одржаа во рамките на Мрежата за искуствено учење.

Од неодамна, биотехнолошката лабораторија, со која управува Град Скопје и Дрисла, се приклучи на мрежата и се вложуваат напори за вклучување на нејзината специјалност за биоотпадот во редовната настава.

# КАКО РАБОТИ УНИЦЕФ

### НЕГА И ГРИЖА

Очекуван резултат: децата и семејствата да имаат еднаков пристап до квалитетни социјални и здравствени услуги, грижа и нега, како и заштита од негативни искуства. Клучните резултати од 2023 година се:

- Националниот опфат на редовна имунизација се зголеми за четири поени благодарение на континуираното зајакнување на здравствениот систем.
- 17.000 активни корисници на апликацијата за родителство Bebbo овозможија одржливост на Националната линија за советување за позитивно родителство.
- Услугите за згрижувачките семејства беа зајакнати, а преку кампања на социјалните мрежи беа опфатени повеќе од 500.000 луѓе со цел да се зголеми интересот за нови згрижувачки семејства.




Беше пуштена во употреба првата веб-платформа со информации за здравствените услуги и редовната имунизација на децата на едно место.

### РАЗВОЈ ЗА НАПРЕДОК

Очекуван резултат: децата и младите да се развиваат и да напредуваат преку квалитетно и инклузивно образование што ја зема предвид доживеаната траума, преку заштита и преку учество. Клучните резултати од 2023 година се:

- 1.000 стручни лица работеа на изготвување на националниот акциски план што ги постави основите за подобрување на менталното здравје на адолесцентите.
- Околу 1.000 деца и млади учествуваа во програми за развивање вештини и изготвија 139 производи, политики и акции во заедницата.
- 69 училишни психолози, судии, обвинители и медијатори се здобија со информации што ја земаат предвид доживеаната траума преку обука на обучувачи за долгорочна одржливост.



Млади луѓе добија почетен капитал за спроведување дигитални решенија за заштита на водата, воздухот, почвата и енергетските ресурси.

### ПРАВИЧНОСТ И ЗАЈАКНУВАЊЕ

Очекуван резултат: поволна средина што е фокусирана на децата, ги унапредува нивните права и се справува со ефектите од сиромаштијата, негативните искуства и исклученоста. Резултати во 2023 година се:

- 80 планови за оптимизирање на мрежата на основни училишта и нова рамка за финансирање изготвена во договор со општинските и со националните чинители.
- Прибрани клучни докази и изготвени политички реформи за подобрување на услугите за имунизација и на патронажната служба.
- Политичка рамка за интегрирање на системот за управување со дезинформации во Министерството за здравство.



Потребата од реформа на финансирањето на основното образование и оптипизација на училишната мрежа беше земена предвид и беше додадена во националната фискална стратегија.

# РЕАФИРМИРАЊЕ НА ЗАЛОЖБИТЕ ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО

## КЛУЧНИ ФАКТИ

**Дознајте повеќе за Заклучните согледувања на Комитетот за правата на децата**

## ДЕЦАТА ГО ПРЕЗЕМААТ СОБРАНИЕТО

„Дами и господа пратеници, ја отворам собраниската седница 'Децата го преземаат Собранието' – Анисија Угриновска, во улога на претседател на Собранието на Северна Македонија, официјално ја отвори седницата посветена на правата на децата на која 50-ина деца од целата земја дискутираа за нивните најгорливи прашања и загрижености. Настанот беше организиран по повод Светскиот ден на детето за да се одбележи 30-годишнината од ратификувањето на КПД во Северна Македонија и претставуваше можност за Собранието да ја потврди својата меѓупартиска определба да работи на остварување на детските права.



## ДА СЕ ЗГРИЖИ ДЕТЕ, ЗНАЧИ ДА СЕ ПРИФАТИ КАКО СВОЕ

**Згрижувачките семејства и роднинското згрижување, заедно со малите групни домови, станаа главни начини на овозможување семејна топлина за децата без родителска грижа по успешната деинституционализација на децата од гломазните институции во 2019 година**



Мајлинда и нејзиниот сопруг Дончо се едни од ретките згрижувачи во Северна Македонија што згрижуваат бебиња. Во текот на неколку месеци, тие на бебето му овозможуваат топла семејна средина сè додека системот не изнајде трајно решение, како што е враќање на детето на биолошките родители или посвојување. Дознајте повеќе за поддршката на УНИЦЕФ за алтернативни начини на семејно згрижување.

## ЗОШТО Е ПОТРЕБНА РЕОРГАНИЗАЦИЈА НА РЕСУРСИТЕ ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Живко учи самостојно заедно со своите врсници во основното училиште „Ристо Шуклев" во с. Негорци благодарение на снаодливоста на училиштето да најде решенија за да се подобри пристапноста. Меѓутоа, повеќето основни училишта немаат доволно средства за покривање на трошоците за реновирање и одржување на објектите во добра состојба и вклучување на сите деца. УНИЦЕФ ги поддржува Министерството за образование и наука, општините, локалните училишни заедници, учениците, родителите и наставниците да изготват детални општински планови што ќе ја приспособат училишната мрежа во согласност со бројот на ученици, ќе овозможат подобра распределба на кадар и соодветни услови за учење. УНИЦЕФ, исто така, дава поддршка за реорганизација на системот на финансирање на училиштата, за обезбедување соодветни услови за учење во секое училиште и ефикасно искористување на ресурсите.



**Само 13 општини (16 %) во земјава го исполнуваат законскиот стандард дека во една паралелка треба да има најмалку 20 ученици.**
**- 43% од учениците во подрачните училишта следат комбинирана настава со ученици во други одделенија, што го отежнува учењето**

## ПАТРИЦИЈА ДИЏОВАНИ

**Претставничка на УНИЦЕФ во Северна Македонија**

2023-та беше многу важна година за децата во земјата – се прославуваа 30 години од ратификувањето на Конвенцијата за правата на детето и 30 години од официјалното воспоставување на соработката со УНИЦЕФ откако земјата стана независна држава.

Сега, кога се навраќаме на напредокот што сме го постигнале за децата, сакаме да им се заблагодариме на Владата и на сите партнери за нивната посветеност за овозможување подобра иднина и праведна шанса за искористување на потенцијалот на секое дете.



# СПРАВУВАЊЕ СО ДРОГАТА И ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ НА НАЦИОНАЛНО И ГЛОБАЛНО НИВО

## АКЦИЈА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА И ЕКОНОМСКИОТ КРИМИНАЛ

UNODC
United Nations Office on Drugs and Crime



За да ги зајакне капацитетите за враќање на средствата на релевантните органи од Северна Македонија, УНОДЦ го поддржа развојот на Водич за брза реакција (FARG) за враќање на средствата. Водичот им нуди на релевантните национални власти едноставна алатка која им овозможува брз преглед на правните и оперативните елементи што треба да се земат предвид за спроведување на криминални и паралелни финансиски истраги.

Развиениот водич ќе им овозможи на релевантните практичари поефикасно да ги идентификуваат практичните опции што им се достапни при откривање на прекршок и да ги утврдат соодветните активности, ресурси и алатки потребни за спроведување на истрагите и враќање на приносите од криминал. Водичот е фокусиран на специфичните правни, регулаторни и оперативни потреби потребни за ефективно запленување на имотот со цел нивна идна конфискација. За таа цел, водичот ги наведува чекорите што ќе треба да се преземат на оперативно ниво, вкрстувајќи го со релевантните законски и регулаторни одредби.

Процесот на враќање на средствата е сложена, интензивна работа што бара многу ресурси, време и труд на специјализирани практичари. Потребна е постојана соработка и координација меѓу релевантните национални органи (на пр., разузнавачките агенции, органите за спроведување на законот и обвинителите), како и со нивните странски колеги. Напорите честопати се спречени од, меѓу другото, предизвикот за идентификување на приносите и инструментите од криминалот, надминување на неконзистентни или гломазни законски барања кои може да постојат на национално или преку границите, и недостатокот на координација и соработка на локално и на меѓународно ниво. Многу од овие предизвици може да се ублажат со конзистентен и усогласен пристап на национално ниво со постојното законодавство и регулативи.

Оваа активност беше спроведена како дел од националната „Стратегија за зајакнување на капацитетите за спроведување финансиска истрага и враќање на средствата 2021-2023 година“, чија имплементација ја координира Кабинетот на заменик претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење, преку Националната Комисија задолжена за следење на спроведувањето на Стратегијата, со поддршка на УНОДЦ.

# КАКО РАБОТИ УНОДЦ

### КЛУЧЕН РЕЗУЛТАТ

**УНОДЦ спроведе 16 национални и регионални конференции, работилници, обуки и симулации во кои беа вклучени 128 мултидисциплинарни чинители од Северна Македонија. Земјата сега поседува зајакнат капацитет за идентификација, насочена кон жртвите и информирана за траума, истрага, гонење и судење за случаи на трговија со луѓе и криумчарење мигранти, заедно со подобрена заштита и помош на национално ниво.**

## ОДГОВОРИ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ И ШВЕРЦУВАЊЕТО СО МИГРАНТИ

**Секцијата за трговија со луѓе и криумчарење мигранти ги поддржува земјите и меѓународната заедница во развивањето и спроведувањето ефективни одговори на трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти, во согласност со меѓународното право и во рамките на целосно почитување на човековите права.**

Софче Гаврилова Ефремова, повеќе од 11 години е активна во судството во Северна Македонија. Таа во изминатите шест години работеше како кривичен судија во специјализирано одделение кое се занимава со случаи на организиран криминал и корупција.

Постојано се занимаваме со случаи на трговија со луѓе. Гледаме зголемување на случаите кои вклучуваат деца, особено оние во кои се вклучени нивните родители или други роднини. Има и случаи на трговија со луѓе кои се извршени преку интернет и преку користење на социјалните медиуми.

Како суд кој се занимава со случаи на организиран криминал, за нас е многу важно да соработуваме со меѓународните организации, како што е УНОДЦ. Тамошните експерти ни помагаат да го подобриме нашето знаење во областа на трговијата со луѓе. Ова е важно бидејќи ова кривично дело е многу специфично и различно од другите облици на криминал. Имаме работа со млади луѓе и деца и треба да бидеме многу внимателни во нашиот пристап кон работата со нив. Соработката е исто така многу корисна бидејќи преку настаните што ги организира УНОДЦ, се среќаваме со други засегнати страни и со нашите колеги од други земји. На овој начин учиме како другите земји реагираат на криминалот за трговија со луѓе. Имаме шанса да се сретнеме и да размениме искуства со колегите и да споделиме знаење.

Овие настани се од суштинско значење за воспоставување контакти. Во некои случаи треба да побараме правна взаемна помош од друга земја. Понекогаш жртвата се враќа дома и треба да договориме сведочење преку видео врска, а за тоа треба да соработуваме со судовите во другите земји.



# КЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА НЕБОТО И ГРАНИЦИТЕ ДИНАМИЧЕН ПРИСТАП ВО БОРБА СО КРИМИНАЛОТ

Од 2020 година, УНОДЦ го води процесот на формирање и операционализација на заеднички аеродромски меѓуагенциски групи составени од Заеднички оперативни сили за спречување аеродроми (JAITFs) кои се фокусираат на патници и Единици за контрола на воздушниот товар (ACCU) кои се фокусираат на товар на меѓународните аеродроми во Скопје. Сараево и Белград во рамките на заедничката акција ЕУ-UNODC за промовирање на владеењето на правото и доброто владеење преку насочени мерки за гранична контрола на пристаништата и аеродромите во Југоисточна Европа, великодушно финансирани од Европската Унија.

Акцијата ја спроведуваат Програмата за контрола на контејнерите на UNODC-WCO (CCP) и UNODC-INTERPOL-WCO Проектот за аеродромска комуникација (AIRCOP) во соработка со Регионалната програма за Југоисточна Европа, чија цел е зајакнување на капацитетите на властите во Западен Балкан да се бори против организираниот криминал преку поддршка на поефективни и координирани одговори на илегалната трговија имплементирани од граничните органи за спроведување на законот на копнените и пристанишните гранични премини и меѓународните аеродроми во регионот.

Во Северна Македонија, првиот проект предводен од аеродромската меѓуагенциска групација AIRCOP/CCP наречена Гранична меѓуагенциска единица (BIU) беше официјално отворена во април 2022 година на меѓународниот аеродром Скопје и е признат ентитет во рамките на безбедносната структура на земјата.




Од почетокот на акцијата, УНОДЦ ги поддржува граничните полицајци и царинските службеници да бидат дел од меѓуагенциските групи со континуирано градење капацитети, менторство и зајакнување на регионалната соработка. Како дел од оваа поддршка, УНОДЦ спроведе заедничка еднонеделна менторска посета на БИУ на аеродромот во Скопје во март, реализирана заедно со СЦО и Царинската управа на Чешката Република. При оваа активност, во соработка со Царината, БИУ заплени 43 килограми златен накит од патник кој допатувал со лет од Истанбул. Со вкупна проценка од 2,3 мил. евра запленета стока, заплената е регистрирана како најголема во Северна Македонија.

## СПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИРАЊЕ ТЕРОРИЗМ И ПЕРЕЊЕ ПАРИ



Проектот на УНОДЦ им помогна на судиите и обвинителите во Северна Македонија поефективно да истражат, апсат, гонат, осудуваат и попречуваат терористи, терористички мрежи и организирани криминални групи поврзани со перење пари. Во текот на курсот, учесниците се обучуваат користејќи локализирани сценарија кои ги одразуваат прашањата што вообичаено би се појавиле во јурисдикцијата на Северна Македонија. Материјалите на курсот, исто така, ја вклучуваат домашната законодавна рамка што се користи при гонење и барање пресуди за терористи и терористички мрежи. Обвинителите можат подобро да утврдат прекршоци за перење пари и финансирање тероризам на суд, а судиите се подобро опремени да судат такви случаи.

## БОРБА СО НЕЗАКОНСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ТЕКОВИ ПОВРЗАНИ СО ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ

Во обид да се зајакне колективната одбрана на земјите-членки од криминални закани кои произлегуваат од организираниот криминал, Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал (UNODC) спроведе серија на сеопфатни курсеви за обука за подобрување на вештините на учесниците во борбата против перење пари (ПЛ) и нарушување на организираните криминални групи (ОКГ).

УНОДЦ ги опреми учесниците со напредни вештини и знаења за да ја подобри нивната ефикасност во борбата против перењето пари и попречувањето на организираните криминални групи, со фокус на анализа на паралелни финансиски истраги и користење на финансиски профили, идентификување на индикатори за ефикасност во нарушување на криминалните активности, поттикнување меѓународна соработка и спроведување на законот напорите.



## БОРБА СО ДРОГА И ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ



УНОДЦ продолжува да се поврзува со националните и меѓународните колеги во областа на трговијата со дрога, третман со дрога и превенција од дрога преку бројни иницијативи и на стратешко и на оперативно ниво, вклучувајќи истражување на најновите трендови и начин на работа на балканската рута и организираните криминални групи вклучени во илегалната трговија со хероин, кокаин, канабис и АТС и идно планирање за градење на капацитетите на ЛЕ во областа на НПС и заканата од фентанил. Преку Иницијативата на Парискиот пакт на УНОДЦ, земјата е активно вклучена во напорите за борба против трговијата со дрога преку обезбедување информации за информативните листови за земјата и преку споделување податоци за Прашалниците за годишниот извештај, индивидуалните заплени на дрога и Светскиот извештај за дрога. Земјата ги зајакнува своите стратешки капацитети преку релевантните институции преку активно учество во глобалните експертски работни групи на иницијативата за Парискиот пакт (EWG) за IV столбови од Виенската декларација и на состанокот на Консултативната група за политики (PCGM) каде што се поддржуваат препораките на EWG .

# СПРАВУВАЊЕ СО ЕДНО ОД НАЈГОЛЕМИТЕ ЕКОЛОШКИ ЖАРИШТА ВО СКОПЈЕ

## ЛОКАЛНИ АКТИВНОСТИ И МЕЃУНАРОДНА ПОДДРШКА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ОПАСНАТА КОНТАМИНАЦИЈА

UNOPS



Во Скопје, закопана под земја, лежи тивка, но сепак опасна закана: 50.000 тони опасен линдан што ја загадува почвата, водата и воздухот во градот. Горан Стојановски, земјоделец од Драчево, живее во вечен страв купувачите да не го прашаат: „А, ова каде се одгледува?" Тој редовно ги тестира своите производи и нивниот квалитет секогаш е добар, но со оглед на тоа што неговата фарма е на само 5 километри од ОХИС, купувачите понекогаш одбиваат да ги купуваат неговите производи. „Ги разбирам, не можеме да ја игнорираме опасноста што ни тлее под нозете. Добро е што конечно се решава ова прашање", забележува Горан. Заложбите за чистење, сега со поддршка од ЕУ и Владата на Северна Македонија, ќе придонесат за решавање на долгогодишниот проблем со изложеноста на оваа токсична супстанција на густо населените урбани средини во главниот град. Откако спроведе подготвителни инфраструктурни активности, УНОПС го организира ефективното отстранување 525 тони НСН отпад и 210 тони загадена земја со НСН во 2023 година, а заложбите за санација ќе продолжат во 2024 година со понатамошна поддршка од ЕУ.

## КАКО РАБОТИ УНОПС

### ПОДДРШКА ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ЕУ

Проектот „Поддршка за пристапувањето на Северна Македонија во ЕУ", кој се финансира од шведската Влада и Владата на Северна Македонија во времетраење од 14 месеци, има за цел да го олесни пристапот на Северна Македонија во Европската Унија. Во проектот се предвидени активности за поддршка на билатералните скрининзи, усогласување на законодавството со стандардите на ЕУ, обезбедување техничка помош и унапредување на основните реформи. Проектот има за цел да ги зајакне институционалните капацитети, да ја подобри работата на Секретаријатот за европски прашања, да промовира добро владеење, справување со корупцијата и да ја подобри јавната комуникација за поддршка на напорите за интеграција на Северна Македонија во ЕУ, за изнаоѓање решенија и за човечка мобилност.



Претставници на ГО разговараат за модалитетите на учество во процесот на пристапување во ЕУ

### ЕУ ЗА ЧИСТ ВОЗДУХ

Проектот „ЕУ за чист воздух", со финансиски средства од Европската Унија во износ од 10 милиони евра, има за цел да го подобри квалитетот на воздухот во четири града во Северна Македонија во времетраење од 36 месеци. Ги опфаќа здравствените и економските влијанија од загадувањето и ги поддржува зелените развојни приоритети. Проектот придонесува за исполнување на критериумите за пристапување во ЕУ и Целите за одржлив развој на ОН и се фокусира на подобрување на системите за греење, набавка на еколошки автобуси, садење дрвја, разгледување на предусловите за проширување на топловодната мрежа и монтирање станици за следење на квалитетот на воздухот.



Инспекција на планираните локации за подобрување на системите за греење

### МУЛТИПАРТНЕРСКИ ФОНД ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА ЗА ОХИС

Воспоставен за да се справи со горливите еколошки проблеми од поранешната фабрика ОХИС во близина на Скопје, МПФЖС има за цел да ги поддржи напорите на Владата за санирање на ова жариште на загадување. Преку мобилизација на финансиски средства од национални и од меѓународни извори, МПФЖС претставува клучна финансиска и управувачка алатка за систематско чистење на опасната контаминација со линдан на местото. Преку активности како ископување, транспорт и отстранување на отпадот со техники за термичко разградување во согласност со најдобрите меѓународни практики, МПФЖС има за цел да го елиминира или минимизира силното влијание на контаминираното место врз екосистемите и здравјето на луѓето.



НСН отпад и контаминирана земја се подготвуваат за транспорт до местата за спалување

# КЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ

## КЛУЧНИ ФАКТИ

**500+**
**државни службеници беа обучени за процесот на пристапување во ЕУ.**

**15**
**новинари беа обучени за известување за процесот на пристапување во ЕУ**

**103**
**законодавни документи беа изготвени за поддршка на усогласувањето со законодавството на ЕУ.**

**735**
**тони НСН отпад и контаминирана земја беа санирани.**

## звестување од самото место – важноста на медиумите во процесот на пристапување во ЕУ

Известувањето за ЕУ само по себе претставува тешкотија за новинарите, особено поради сложените процеси на пристапување што обичните луѓе потешко ги разбираат. Воедно, не е лесно да се пренесуваат вести што имаат големо влијание врз нашето секојдневие, да се известува за одлуките што можат да влијаат врз заедницата на позитивен или на негативен начин или за мерки за кои ќе треба да поминат години додека не стапат во сила. Поинаку е кога може да се известува директно од терен, вели Нермин Мулаки, искусен новинар, еден од 15-те новинари што поминаа обука за известување за процесот на пристапување во ЕУ во Скопје и во Брисел. „Ова искуство беше многу поучно. Средбите со официјални претставници и дипломати на ЕУ и пренесувањето на нивните изјави од прва рака, ми овозможија нов увид на нашата улога во овој процес". Всушност, секој разговор и секоја средба претставуваше доказ за моќта на новинарите да пренесат една многу сложена порака со едноставни зборови, да ја поедностават сложеноста на процесот на пристапување во ЕУ за јавноста, но и да отворат јавна дебата за работите што се важни. А на пат кон дома, збогатени со нови знаења и инспирација, овие новинари знаеја дека не пренесуваат само вести, туку и имаат одговорност да пренесат веродостојни информации за патот на нивната земја кон членството во ЕУ.



## Заедно за чист воздух!



Загадувањето на воздухот е сеприсутно. Еден ден во Скопје, Северна Македонија, Ана се разбуди во уште едно магливо утро. Додека гледаше низ прозорецот, не можеше, а да не ја забележи густата покривка од смог што го обвиваше градот.

Мислеше колку пати само се закашлала поради загадениот воздух. Мислеше на тоа дека не може да ужива во утринското трчање во зима поради големото загадување на воздухот.

Проектот ЕУ за чист воздух им дава поддршка на четири града: Скопје, Тетово, Битола и Куманово, за справување со загадувањето на воздухот. Преку иницијативите за воведување чисти извори на греење во јавните згради и креирање зелени појаси, има надеж и оптимизам за поздрава иднина. Како што рече министерката за животна средина и просторно планирање, г-а Шукова, кога почна проектот: „Само заедно можеме да ги оствариме целите и да го намалиме загадувањето на воздухот". Меѓутоа, поддршката од 10 милиони евра на ЕУ за овој проект во одредена мера ќе придонесе, но нема да ги реши проблемите со аерозагадувањето. Токму затоа институциите, организациите и граѓаните треба заеднички и постојано да се борат против загадувањето на воздухот. Затоа што сите го дишеме истиот воздух.

### МИКЕЛА ТЕЛАТИН

**Претставничка на УНОПС**

Нашите иницијативи во 2023 година беа двострани и се фокусираа на справување со еколошките проблеми и поддршка за процесот на пристапување на Северна Македонија во ЕУ. Преку консолидација на стручноста во клучните реформски области, ја зајакнавме подготвеноста на земјата и овозможивме подобри услови за преговорите за членство во ЕУ. Продолживме да го олеснуваме санирањето на местото со опасен отпад во поранешната фабрика ОХИС и почнавме проект за намалување на загадувањето на воздухот во четири поголеми градови.

Овие заложби не само што ја подобруваат егзистенцијата, туку и поттикнуваат почиста и поздрава животна средина. Горди сме на нашата соработка со ЕУ, Кралството Шведска и Владата на Северна Македонија за задоволување на најгорливите потреби и за придонесување за стратешките приоритети што се наведени во тековната Рамка за соработка на ОН.



# МОЖНОСТ ДА СЕ ЧУЕ ГЛАСОТ НА ЖЕНАТА ВО ДОНЕСУВАЊЕТО ОДЛУКИ НА ЛОКАЛНО НИВО ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ И ВМРЕЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ЖЕНИ




Лејла Асановска, млада жена од Мал Папрадник, село во Центар Жупа каде што има турско малцинство, беше една од првите активистки што ја препознаа потребата да се чуе гласот на жената при донесувањето одлуки на локално ниво. Со поддршка од локалната грасрут организација Радика Де и граѓанската организација Акција Здруженска, таа беше една од основачите на Женскиот центар, кој претставува симбол на зајакнување во нејзината заедница. На почетокот имаше мала посетеност, но стана збирна точка за жени од различно потекло што ги поврзуваат заедничките проблеми и стремежи. Преку заедничките напори и поддршката од иницијативи како проектот на UN Women
„Промовирање родово-одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија", илјадници жени во 25 села добија пристап до клучни ресурси и можности за вмрежување. За Асановска, Центарот не е само обична зграда, туку олицетворение на солидарноста и напредокот.

# КАКО РАБОТИ UN WOMEN

## НАЦИОНАЛНО ПЛАНИРАЊЕ И БУЏЕТИРАЊЕ

Во периодот од 2018-2023 година, UN Women го спроведуваше проектот „Промовирање родово-одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија", кој го финансираа Швајцарија и Шведска. Целта на проектот беше вклучување на најранливите групи преку интеграција на родовата перспектива во сите фази од процесите за национално и локално креирање политики и буџетирање. Од 2023 година, UN Women го спроведува проектот „Промовирање родово-одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија – Фаза 2", кој е финансиран од Швајцарија, и програмата „Промовирање родово-одговорно владеење во Република Северна Македонија", финансирана од Шведска. Тие се фокусираат на интегрирање на родовата перспектива во фискалните политики и буџетските процеси, зајакнување на капацитетите на ресорните министерства и на државните институции во родово-одговорното креирање политики, промовирање родово-одговорни буџетски алатки во општините, залагање за родово-чувствителна отчетност во Собранието и зајакнување на граѓанските организации.



Претставници од Акција Здруженска разговараат за потребите, приоритетите и предизвиците со кои се соочуваат жените во општина Центар Жупа.

## ИНСТРУМЕНТ ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ

Целта на проектот „Советодавни услуги за администрацијата на Северна Македонија на централно ниво за интеграција на родовата перспектива" – Инструментот за родова еднаквост (ГЕФ), финансиран од Шведска, е да ја поддржи Владата на Северна Македонија во транспонирањето на законодавството на ЕУ за родова еднаквост како дел од агендата за пристапување на Северна Македонија во ЕУ. Во проектот се предвидени клучни иницијативи, какви што се Националната програма за усвојување на правото на ЕУ и програмите на ИПА што се финансираат од ЕУ, како и зајакнување на интеграцијата на родовата перспектива во процесите на планирање и спроведување. Главните исходи се: стекнување вештини за родово-инклузивно планирање на релевантните одделенија и тела за одлучување и зајакнување на националните родови механизми за интегрирање на родовата перспектива во процесите на планирање и спроведување на законодавството на ЕУ за родова еднаквост. Преку политички дијалог, техничка стручност и стратешки партнерства, проектот ГЕФ дава поддршка за спроведување на стандардите и на законодавството за родова еднаквост во согласност со регулативите на ЕУ и меѓународните обврски.



Учесници на Буткампот за родови податоци во Измир, Турција, работат на визуализација на родови податоци.

## СТАВАЊЕ КРАЈ НА НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИТЕ

Програмата „Имплементирање норми – промена на ставови", финансирана од Европската Унија, треба да постигне три цели: да ги усогласи законодавните и политичките рамки со меѓународните стандарди за борба против насилството врз жените и дискриминацијата, да ги унапреди општествените ставови за спречување на родово-базираното насилство и да ги зајакне жените, особено маргинализираните, со цел да пристапат до и да се залагаат за квалитетни услуги. Програмата главно се спроведуваше преку организации за жени, со посебен акцент на оние што работат со обесправените групи со цел да се креира поволна средина за родова еднаквост и заштита на правата на жените. По спроведувањето на програмата, Северна Македонија го измени Кривичниот законик во февруари 2023 година за понатамошно усогласување со Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство, позната и како Истанбулската конвенција. Тоа на жените им овозможи поголема заштита од различни облици на насилство.



Завршен настан на регионалната програма за СКНВЖ „Имплементирање норми – промена на ставови" во Северна Македонија со партнерите и корисниците.

# КЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ

## КЛУЧНИ ФАКТИ

**42**
**вработени во државната администрација беа обучени за родово-одговорно буџетирање.**

**277**
**public administration вработени во јавната администрација и општинските советници од 33 општини ги зајакнаа своите капацитети за РОБ.**

**50**
**истражувачи, новинари, застапници за родови прашања и активисти ги зајакнаа своите капацитети за користење родови податоци.**

**40**
**претставници од ГО и општини од Албанија и од Северна Македонија разменија знаења и искуства за интегрирање на родовата перспектива во процесите на партиципативно буџетирање.**

## Секоја рака подадена на жена жртва е уште еден спасен живот

Патешествието на Стојне Митева е олицетворение на издржливоста и посветеноста во борбата против семејното насилство. Како психолог во засолништето и советувалишниот центар под раководство на „Скај плус“, таа доби поддршка за нејзината работа и преку програмата „Имплементирање норми – промена на ставови“, која се финансира од ЕУ и се спроведува од UN Women. Благодарение на оваа помош, Центарот ги прошири своите услуги, вработи повеќе стручни лица и го зголеми својот капацитет за вдомување повеќе жени и деца што бегаат од насилни ситуации. Митева, новинарка и граѓанска активистка, во моментов го води најголемиот шелтер-центар во Северна Македонија, кој може да вдоми до 12 жени заедно со нивните деца. Во свет каде што жртвите честопати сами си го бараат спасот, засолништето и



советувалишниот центар претставуваат светла точка, благодарение на безрезервната посветеност на Митева и поддршката од иницијативите што се спроведуваат за да се стави крај на насилството врз жените.

## Ентузијастите за податоци предводат со трансформативната промена




Стефан Таневски, асистент, замислува иднина во која знаењето што неодамна го стекнал, би можело да ги просветли неговите ученици, па на неговите часови почнал да зборува за влијанието на родовите податоци.

За Елена Кочоска, застапник за родови прашања и попреченост, родовите податоци претставуваат моќна алатка за општествени промени, која ги разоткрива општествените нееднаквости и го поплочува патот кон иднина во која секое лице, без оглед на личните обележја, ќе ужива еднакви права. Буткампот за родови податоци предизвика бран на зајакнување и бран на промени кај своите учесници, поттикна податочна писменост и искористување на моќта на родовите податоци за постигнување родова еднаквост. Благодарение на широка група локални активисти, научници и членови од граѓанското општество, буткампот стана центар за соработка и размена на вештини. Учесниците дискутираа за анализата на податоци и се повикуваа на идеи од различни извори, како на пример, Државниот завод за статистика. Ги усовршија своите вештини за раскажување за време на активните сесии и ги пренесоа необработените податоци на интересен начин што ја нагласи родовата нееднаквост и областите за подобрување.

## ВЕСНА ИВАНОВИЌ-КАСТАРЕД

**Шефица на канцеларијата на UN Women во Северна Македонија/ Специјалист за програми**

Ние, во UN Women, безрезервно се посветуваме на понатамошното унапредување на зајакнувањето на жените и родовата еднаквост во земјата. Вкоренетите родови стереотипи и сличните предизвици, како и сеприсутното насилство врз жените и родово-базираното насилство сè уште тлеат, а застапеноста на жените на раководни позиции е мала. Ги поздравуваме заложбите на земјата за постигнување родова еднаквост и родов паритет, за ратификација на важни конвенции и за изготвување акциски планови – тоа се многу важни чекори во чии рамки би сакале да видиме уште поголем напредок и вложување во долгорочна одржливост.

Нашите постојани активности се фокусираат на родово-одговорно управување и буџетирање, интегрирање политики, усогласување со стандардите на ЕУ за родова еднаквост, спречување на насилството врз жените и зајакнување на жените во областите каде што во минатото главно доминирале мажи. Работиме со Владата и граѓанското општество за да постигнеме значајни промени, а правата и зајакнувањето на жените во секое поле од животот ги ставаме на прво место на националните агенди.



# ЗДРАВЈЕТО Е ЧОВЕКОВО ПРАВО

## СЗО ПРОМОВИРА ЗДРАВЈЕ ЗА СИТЕ

World Health Organization




Зурија Мемедова, активистка од БИОМ Скопје, на еден од нашите форуми на заедницата за ментално здравје кај деца и адолесценти рече: „Вклучувањето на жените лидери во акции во заедницата за менталното здравје и имунизацијата на децата е клучно. Ја подигаме свеста во целата заедница и се залагаме за соодветни решенија. Составен дел сме од секој аспект на животот во заедницата и имаме директен пристап до најмладото население преку мајчинството, едукативните активности, советувањето, административните работи и лидерството. Форумите на заедницата на СЗО што се организираат на општинско ниво ги мотивираат локалните лидери да прават промени во заедницата оддолу-нагоре. Ако се слуша нашиот глас, ќе се слуша и гласот на заедниците во кои живееме!“

## КАКО РАБОТИ СЗО

### ЗАЈАКНУВАЊЕ НА УНИВЕРЗАЛНАТА ЗДРАВСТВЕНА ПОКРИЕНОСТ

Неодамнешната интервенција во примарната здравствена заштита во земјата со поддршка од СЗО сега им овозможува на матичните лекари да дијагностицираат и да препишуваат терапија што досега ја даваа само лекарите специјалисти за да се намали бројот на упати. Оваа реформа, заедно со програмите за обука, има за цел да ја подобри ефикасноста и пристапноста во примарната здравствена заштита. Таа претставува значаен чекор кон интервенции засновани на докази и основни стандарди за квалитет при давањето здравствени услуги. Во соработка со Министерството за здравство, исто така, даваме приоритет на безбедноста на пациентите и квалитетот на грижата, што може да се забележи преку изготвувањето на сеопфатниот Национален план за безбедност на пациентите во јуни 2023 година, чија цел е да ја зајакне безбедноста на пациентите на национално ниво. Обуките за градење капацитети што ги организира СЗО, на здравствените работници и на лицата на раководни позиции им ги овозможуваат потребните знаења и алатки за зајакнување на практиките за безбедност на пациентите во Северна Македонија.



Национален форум за здравство 2023 година.

### МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ НА ПАЦИЕНТИТЕ

СЗО, во соработка со Министерството за здравство и со повеќе од 40 чинители, изготви сеопфатен Национален акционен план за здравствена безбедност за периодот од 2024-2025 година што ги опфаќа претходните процени на ризик и е насочен на пристапот „Едно здравје“. Воспоставивме координиран одговор на здравствените закани во кризни состојби. Имаме План за подготовка, подготвеност, одговор и закрепнување за пандемии што настануваат како резултат на респираторни патогени, со акцент на приоритизирање на патогените во рамките на Подготвеноста и одговорот на здравствени кризи. Нашата работа доведе до спроведување на акциските планови за биолошка безбедност и биосигурност во 11 лаборатории за јавно здравје, со што се намали ризикот од инфекции што се добиваат во лаборатории и се подобри дијагностичката точност. Во лабораториите за јавно здравје го воведовме Лабораторискиот информациски систем и го подобривме следењето на податоците во реално време и управувањето со испитувањата во рамките на е-здравството.



Беа спроведени акциски планови за биолошка безбедност и биосигурност во 11 лаборатории за јавно здравје.

### ПОДОБРО ЗДРАВЈЕ И БЛАГОСОСТОЈБА

Беше постигнат значителен напредок во зајакнувањето на вештините и на знаењата на здравствените работници и на организациите за следење на вакцините, опфатот на вакцинација и управувањето со вакцините, вклучувајќи и за вакцините за КОВИД-19. Беа спроведени две опсежни catch-up кампањи „од врата до врата“ за подобрување на пристапот до услугите за имунизација и опфатот со вакцинација. Оваа кампања се спроведе во 40 различни општини и во мешани урбани и рурални средини.

Беа дадени повеќе од 5.000 пропуштени дози редовни вакцини, 2.630 вакцини против сезонски грип и вакцини за КОВИД-19. За да се подигне свеста и знаењето за важноста на имунизацијата, беа поделени повеќе од 14.000 брошури по домовите на луѓето во заедниците.



Кампањи за вакцинација „од врата до врата“

## КЛУЧНИ ФАКТИ

**803**

**здравствени работници беа обучени за спроведување пет клинички протоколи за најраспространетите медицински состојби кои се третираат со амбулантска нега, вклучувајќи 623 лекари од примарната здравствена заштита и 179 фармацевти.**

**562**

**стручни лица од примарната здравствена заштита беа обучени за користење на Водичот за интервенции на СЗО mhGAP.**

**Над**

**45,000**

**деца и адолесценти имаа придобивки од форумите на заедницата за ментално здравје.**

**Беа дадени над**

**5,000**

**пропуштени дози редовни вакцини.**

**Беа дадени над**

**2,630**

**вакцини за сезонски грип и вакцини за КОВИД-19.**

# КАКО РАБОТИ СЗО

## МЕНТАЛНОТО ЗДРАВЈЕ КАЈ ДЕЦАТА И АДОЛЕСЦЕНТИТЕ

Соработката на СЗО со УНИЦЕФ во Северна Македонија овозможи значително подобрување на менталното здравје кај децата и адолесцентите во 2023 година благодарение на нашето заедничко спроведување на програмата. Овие заложби беа крунисани со изготвувањето на првиот сеопфатен извештај за процена и мапирање на услугите за ментално здравје во земјата, кој ги постави темелите за национален мултисекторски стратешки план за унапредување на менталното здравје. Исто така, СЗО организираше обука и следење на 563 стручни лица од примарната здравствена заштита, а потоа се одржаа низа форуми на заедницата во целата земја за решавање на сеприсутните проблеми со менталното здравје со поддршка од институциите во општините.




### АНЕ ЈОХАНСЕН

**Специјална претставничка на СЗО во Северна Македонија**

Со секој изминат ден во нашата работа се водиме од начелото никој да не биде изоставен.

Во 2023 година поддржавме голем број активности за зајакнување на управувачките и на раководните улоги на Министерството за здравство. На Министерството му овозможивме постојана техничка поддршка за напорите за унапредување на резултатите на здравствениот систем, како и за напорите за воспоставување систем за планирање и управување со човечките ресурси за здравство. Во областа на имунизацијата, ги поддржавме напорите на Министерството за зголемување на стапките на вакцинација во 2023 година, како и за зголемување на бројот на обучени даватели на здравствени услуги што даваат вакцини. Исто така, ја подигнавме свеста за важноста на менталното здравје и благосостојбата на децата и адолесцентите на општинско ниво и ја ставивме на располагање оригиналната mhGAP дијагностичка алатка на СЗО за ефикасно следење и интервенции за давателите на примарна здравствена заштита.

Направивме бихевиорална студија и увидовме дека стапките на употреба на тутун и никотин во земјата се алармантно високи, што претставуваше поттик за изготвување студија за анализа на трошоците од потрошувачката на тутун за економијата во земјата. Економското влијание од употребата на тутунот во земјате огромно и секоја година ја чини нашата земја 38 милијарди денари (МКД), што е еквивалентно на 5,6 проценти од нашиот БДП во 2019 година. Преку инвестирање во девет политички мерки за контрола на тутунот од Рамковната конвенција за контрола на тутунот на СЗО (РККТ) може да се спречат речиси 12.300 смртни случаи и да се избегне потрошувачката на 131 милијарда денари за здравствена заштита и економски загуби до 2038 година.

За секој денар што се вложува во деветте политички мерки за контрола на тутунот од Рамковната конвенција за контрола на тутунот на СЗО (РККТ) денес, Северна Македонија ќе добие 19 денари за сите трошоци и економски загуби што инаку би настанале до 2038 година.

СЗО го поддржува Министерството за здравство во зајакнување на спроведувањето на постојните закони против тутунот и во осмислување дополнителни мерки против тутунот што ќе овозможат заштеда на трошоците.

СЗО, исто така, ги поддржа заедничките заложби за подобрување на безбедноста на пациентите во болниците. Како резултат на нашите активности, здравствените работници и вработените во болничката администрација поминаа обуки за грижа за пациентите со цел подобри здравствени резултати. Воедно, спроведовме активности за поставување на основите на отпорен здравствен систем што е подготвен за кризни ситуации и воспоставивме соодветни национални планови, како и стандарди за лабораториски практики и доставување извештаи во целата земја.

Заеднички, овие напори имаат за цел да ја зајакнат здравствената инфраструктура, да ги подобрат капацитетите на работната сила и да ги оптимизираат здравствените услуги во Северна Македонија. Преку стратешко застапување, техничка помош и инклузивни консултации, нашата работа го поддржува преминот кон модерен систем на примарна здравствена заштита што ќе биде камен-темелник на здравствениот систем каде што никој нема да биде изоставен.

